АЛЕКСАНДАР ДОНСКИ

ТАЈНАТА НА БАКАРНАТА КНИГА

МИСТЕРИОЗНИТЕ ЗАПИСИ ЗА БОГАТСТВОТО НА АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ МАКЕДОНСКИ



Каква голема тајна крие во себе мистериозната Бакарна книга, која и навистина постои и која денес се чува во една приватна збирка во Македонија?

Дали е можно во оваа книга да се крие најголемата тајна поврзана со Александар Велики Македонски?

ОВА СЕ ИСТОРИСКИ ФАКТИ:

Во 199 год. императорот Септимиј Север одлучува ковчегот со телото на Александар Велики Македонски од Александрија да се премести на непозната локација заедно со (цитат): "*...сите книги што содржеле тајни знаења со цел никој во иднина да не може да го види телото на Александар, ниту пакда го прочита тоа што е напишано.*" (Дио Касиј, *Историја на Рим*, 76,13).

Во 1979 година светски познатата јасновитка баба Ванга изјавува дека "*камен саркофаг во кој била сокриена тајна писменост.*" Кришум од Египет бил донесен со помош на робови и камили во "нашите земји" и дека во него биле содржани тајни кои се непоимливи за денешните генерации (Красимира Стојанова: *Ванга*, Софија, 1989).

Во 1989 година пратеник од Ватикан го посетува југословенското раководство и веројатно им донесува тајни записи од Ватиканската библиотека... Недолго потоа единици на ЈНА блокираат дел од планината Беласица... Истата година, од грчка страна, направен е таен обид да се пробие тунел под Беласица од нивната страна на границата... Притоа осум грчки работници загинуваат и проектот е прекинат... (Извор: тајни досиеја на Југословенската служба на Државна безбедност).

... Целосен одговор на сето ова можеби може да даде само БАКАРНАТА КНИГА!

Александар ДОНСКИ

ТАЈНАТА НА БАКАРНАТА КНИГА

МИСТЕРИОЗНИТЕ ЗАПИСИ ЗА БОГАТСТВОТО НА АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ МАКЕДОНСКИ

- Историски трилер
инспириран од вистинит настан -

Трето издание
Штип, 2009 год.

Александар ДОНСКИ

ТАЈНАТА НА БАКАРНАТА КНИГА

МИСТЕРИОЗНИТЕ ЗАПИСИ ЗА БОГАТСТВОТО НА АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ МАКЕДОНСКИ

Издава:
ЕМАРИ - Штип

За издавачот:
Проф. Марија Кукубајска

Рецензенти:
Проф. Марија Кукубајска (САД,Македонија)
Проф. Д-р Мајкл Серафинов (САД)

Печати:
2-ри август С - Штип

Стоеше осамен пред сенишно осветлената царска палата. Наоколу ни жива душа. Почувствува притаен страв. Немир му се вгнезди во телото. Наеднаш огромни, црни и тешки облаци се зададоа од исток. Толку бргу се доближуваа небаре беа влечени од тркачки двоколки. Денот се престори во ноќ. Светнаа првите громови. Безмилосно маваа врз неговата палата. Таа се разниша и почна да се урива. Ѕидовите паѓаа како да се табли од дрво. Стоеше беспомошно како в земја закован. Гледаше во стравотијата, немоќен да стори ништо. Громови, молњи, татнеж, црнина на небото... Ужас! Посака да викне. Не успеа да испушти ни глас. За неколку мига, од раскошната палата останаа само остатоци од ѕидовите... Но, тоа не беше крај на маките. Зад себе почувствува нечие присуство. Се сврте... Морници го полазаа по напнатото тело. Веднаш над него, во воздухот пак лебдеше таа. Старицата во црно. Грозното штрбаво лице го прободе како со нож. Очите му се залепија за неа. Не знаеше од каде се појави, но беше сигурен дека оваа страотна баба е поврзана со несреќата што му се случува пред очи. Бабата во црно, со своето мртовечко лице, како да сакаше да му соопшти нешто. Нејзината одвратна рака се испружи. Немаше месо, само коски и долги нокти. Покажа лево од неа. Тој се сврте и тогаш... Го виде! Истиот камен саркофаг! Со истото врежано име! Сиот осветлен, заслепувачки сјаеше. Околу него како да беше пролет. Наоколу хаос, молњи, громови, а до него - цвеќиња растеа... Како во светлосен меур заштитен... И пак изникна истата планина... Таму во далечината... Со истите знаци на неа... Тогаш како да сфати нешто... Грозен кикот од штрбавата уста на морничавата баба во црно го отрезни за миг. Заканувачки ги испружи рацете

кон него. Сакаше да го зграпчи за вратот... Да го убие. Да му плати зошто не ја послуша. Ги почувствува нејзините студени нокти врз својот памучен врат. Ова е крај! Аааааааах!....

Римскиот император Септимиј Север се разбуди викајќи.

Двајца стражари како фурии влетаа во неговата одаја. Но, царот веќе сфати дека само сонувал. Сиот испотен, не гледајќи во нив, им мавна со раката да излезат надвор.

Седна на постелата сериозно замислен. Веќе трет пат го сонуваше потполно истиот сон. Загрижената го јадеше однатре како црв. Мора нешто да стори, но што?... Стана и почна да шета по одајата. Сега веќе беше сигурен дека ја сфати пораката од сонот. Тоа беше порака од боговите, која мораше да ја исполни. Доколку не сака да го снајде несреќа... Пак ги викна стражарите и им нареди да му го доведат "svездочитачот". По кратко време тие го најавија. Влезе висок старец со испиено лице, долги бела брада и коса, облечен во туника речиси до земја. Длабоко се поклони и бојажливо изусти:

- Vestri maiestas. (*Ваше Височество*)

- Same Iterum." Same somnium. Ego sum perturbo. (*Пак истото. Истиот сон. Во неволја сум*). - рече Септимиј Север.

"Svездочитачот" сериозно се замисли, па изусти:

- Nuntius ex filiolus. (*Порака од боговите*).

- Sic. (*Да.*) - рече царот.

- Quis peror vos intentio? (*Што планирате*)?

- Vos iam teneo… Vos mos perago is officium. (*Веќе знаеш. Ти ќе ја завршиш таа работа*).

“Ѕвездочитачот” пребледе и уплашено погледна во царот. Овој му врати со прекорувачки поглед, од што сфати дека не смее ништо да му приговори. Се обиде да се смири и покорно се поклони:

- Ego agnosco vestry maiestas. Ego vadum tribuo meus optimus. (*Разбирам Ваше Височество. Ќе направам најдобро што можам*).

- Es vos certus super montis? (*Сигурен ли си која е планината*?)

- Filiolus pluo is volo… In vestri somnium vestri maiestas. (*Боговите ми ја покажаа… преку Вашиот сон, Ваше височество*). - се уште исплашен одговори “ѕвездочитачот”.

- Valde bonus. Vado quod paro. Ego vadum tribo necesse ordo. (*Многу добро. Оди и подготви се. Јас ќе ги издадам потребните наредби*).

“Ѕвездочитачот” се поклони и излезе. Царот Септимиј Север длабоко воздивна. Помисли уште малку, а потоа излезе на терасата. Иако беше утро, сонцето веќе одамна печеше. Пред него во недоглед се протегаше еден од најубавите градови во неговото царство - Александрија во Египет...

*

Римска провинција Македонија. 196 година по Христа (три години пред сонот на Септимиј Север).

Ангел (или како што го викаа Римјаните - *Ангелус*), со остриот кожарски нож штотуку ја исчисти внатрешната страна на последната јунешка кожа што му беше планирана за тој ден, кога слушна тропање на надворешната порта. Тропањето беше силно, така што почувствува дека нешто не е во ред. Неговите соседи и

пријатели не тропаа толку нападно. Бидејќи работеше во дворот, на дваесетина чекори од портата, стана и се упати да отвори. Истовремено жена му Лика излезе од куќата и самата вознемирена од тропањето. Штотуку беше почнала да си ја средува долгата црна коса. Излезе со рацете се уште во косата. Неспокојните сини очи прашално се упатија кон Ангел. Тој и даде знак да молчи и застана до портата. Потајно се надеваше дека сепак е некоја шега...

- Patefacio ianua! (*Отвари ја вратата*)! - се слушна однадвор.

Значи не е некој од неговите штом му зборува на туѓиот ромејски јазик.

- Iamo expecto! (*Сега. Почекајте*). - им одговори Ангел на својот лош ромејски јазик. Римјаните воопшто не ги сакаше, но тие одамна живееја во неговата земја. Беа сместени главно по градовите, а во неговото мало место се појавуваа само кога собираа данок. Знаеше дека не им беше платил за оваа година. Пред да продолжи тропањето, Ангел ја отвори портата.

Двајца легионери и еден цивилен службеник се втурнаа во дворот. Едниот легионер беше црн и висок. Во мигот на Ангел му заличе на сува слива. Другиот беше, така да се каже, "нормален". Кафеави коса и очи. И ништо посебно. Службеникот беше низок и ќелав со широк нос. И самиот лошо зборуваше ромејски, што значи дека можеби беше негов земјак во служба на Римјаните. Таквите уште повеќе ги мразеше.

- Angelus? - рече службеникот.

- Sic. (*Да*).

- Vos non persolvo miseratio! (*Немаш платено данок*).

- Ego teneo. Ego vadum persolvo. (*Знам. Ќе платам*).

- Vicis est sicco. Nos praecipio vos! (*Времето истече. Те предупредивме*).

- Meus parvulus eram peius. Ego tribuo viaticus pro curatio... Ego vadum persolvo. (*Детето ми беше болно... Давав пари за лекување... Ќе платам...*).

- Adveho nobis! (*Поаѓај со нас*!).

- Tamen quare? (*Но зошто*?).

- Adveho quod haud scisco! (*Поаѓај и не прашувај*!).

Ангел се спротивстави, но двајцата легионери го грабнаа под лактите. Истиот миг жена му Лика врисна и се втурна кон нив:

- Solvo meus maritus! (*Пуштете го маж ми*!) - викна и таа на лош ромејски и почна да го влече за облеката легионерот, што личеше на сува слива.

Тој го пушти Ангел и со сета сила и удри шлаканица на жената, која како покосена падна на земја.

Кога го виде тоа Ангел, се ослободи од оној што го држеше под лактот и му плесна тупаница директно во носот на легионерот што ја удри жена му. Овој се ничкоса на земја. Водоскок од крв му бликна од носот. Вториот легионер се обиде да го извади мечот, но Ангел со силен удар на ногата го "потсече" по стопалата и овој наеднаш се испружи на земја. Кога се обиде да се придигне Ангел го дочека со удар со ногата по брадата, по што и овој остана да лежи речиси неподвижен. Кога го виде сето тоа, службеникот избега низ портата и почна да вика на помош. По неколку мига како фурии во дворот влетаа уште шест легионери со извадени мечови. Ангел знаеше дека нема никакви шанси. Ги крена рацете, по што

легионерите го опколија. Некои од нив им помогнаа на турнатите да се совземат, а еден цврсто му ги врза рацете отпозади. Жена му и натаму врискаше избезумено. Се слушна и детски плач од куќата. Ангел се обиде да и каже дека се ќе биде во ред, но не успеа. Беше речиси на раце изнесен низ портата...

Најпрвин го однесоа во Билазора. Прво го фрлија во затворот и му удрија невиден ќотек. По два дена го одведоа лично кај преторот. Падна и пресудата. Продавање во ропство. Преторот му рече дека за напад на легионер можел да добие и смртна казна, но олеснителна околност му била тоа што претходно легионерот ја удрил жена му и што веднаш утредента жена му целосно го платила данокот. Молкум ја слушна пресудата. Не беше ни свесен дека допрва го очекуваат најтешките мигови во животот.

Потоа се се одвиваше како во најлош сон. Не му дозволија ни да се поздрави со жена му. Го товарија во кола со решетки и по долго патување го спроведоа до пристаништето на градот Тесалоника. Таму беа собрани уште педесетина како него од најразлична возраст од разни народи. Ги качија во товарна галија и цело време додека патуваа беа оковани на палубата со вооружена стража околу себе. Таму спиеја и јадеа. Патувањето се оддолжи до бескрај... Времето им се погоди. Беше лето и беше топло. Но, маката што ја имаа ги правеше сите заробеници нервозни. Ангел отпрвин ретко разговараше. Воглавно молчеше и си мислеше на своите дома. Не можеше да си одговори како и зошто се најде во ваква безизлезна состојба? Дали некогаш ќе ги види пак? Како да побегне? Секакви мисли му доаѓаа и заминуваа низ напнатата свест. Потоа почувствува дека кога разговара

со другите заробеници, некако му е полесно. И тие имаа свои маки. Освен негови земјаци, имаше многу припадници и на други народи. Некои од нив беа дури од северните земји, а имаше и луѓе со темна боја на кожата. Сите тие биле заробени којзнае каде и доведени во пристаништето, каде беа натоварени на галијата, која сега ги носеше во непознат правец. Се разбираа меѓу себе на ромејскиот јазик, кој повеќе или помалку го зборуваа речиси сите. Така од нив слушна за далечните земји, за луѓето и обичаите во нив. Колку му беа далечни толку ги чувствуваше и блиски поради заедничката мака што ги снајде. Иако припаѓаа на разни народи, и тие имаа свои семејства и тие на некој начин се беа спротивставиле на Римјаните, па сега заеднички страдаа.

Патувањето навистина како да немаше крај. Море и само море. И облаците на небото се проретчија, а времето стануваше се потопло. Сфатија дека ги носат на југ. Но, каде? Тоа никој не го знаеше, а не смееја ни да помислат да прашаат некого од легионерите, кои со нив разговараа воглавно кога им се закануваа и ги предупредуваа да бидат мирни за време на патувањето.

Разговорите со сострадалниците само привремено го оддалечуваа од очајот. Со текот на долгите бескрајни денови, кај него почна да се јавува и нагон за опстанок проследен со нејасна надеж. Колку и да го чекаа маки, сепак еден ден сето тоа ќе помине. Од дедо му научи да биде трпелив. Тој му го пренесе верувањето во Богот Исус. Затоа и го нарекоа Ангел. За својата вера не спомна никому ни збор. Знаеше дека е забранета. Таквите како него, ги викаа христијани и ги затвораа, мачеа и убиваа. Сепак оваа нова вера незапирливо се шириеше. Ангел се чувствуваше како да е над сите

останати во тој поглед. Како да беше сигурен дека само тој има свој заштитник и спасител, додека останатите живееја во заблуда како во темница. Тој веруваше дека неговиот Бог нема да го остави. Кришум се молеше така како што го научија неговите.

Таквите расположенија го следеа во текот на целиот пат. Ту очајуваше до бескрај поради своите жена и дете. Ту го минуваше времето во разговори со сопатниците, ту добиваше некаква нејасна надеж, па дури и расположение кога помислуваше на својот Бог за кој како да беше сигурен дека ќе му помогне. Притоа одвај се воздржуваше да не отвори муабет на таа тема, затоа што знаеше дека ќе има непријатности.

Галијата продолжуваше да го голта морето. Но, тоа како да немаше крај. Со денови патуваа, а ни трага од копно. Вода, бранови и по некоја риба која скокаше на површината. Тоа беше единствената глетка наоколу. И пак муабети, и пак молитви, и пак очај... И пак вода, бранови, риби... легионери, јадење... вода...

Една ноќ само што се подготвуваа да задремат на палубата, рапав глас ја распори полутишината.

- Lux lucis! Ego anim adverto lux lucis! (*Светлост! Гледам светлост*!).

Силен џагор ја исполни атмосферата. Очите на сите се вперија кон насоката од каде била забележана светлината. Ангел инстинктивно се исправи и самиот погледна натаму. Нејасна светлина ѕиркаше на хоризонтот. Иако беше темно, па не можеше да види каде точно се наоѓа, сфати дека не е ѕвезда затоа што беше премногу ниско поставена. И останатите затвореници зјапнаа. Легионерите ги фати еуфорија. Некои почнаа радосно да викаат, а други се растрчаа наоколу. Од

џагорот на легионерите, затворениците сфатија дека тоа бил некој град. Сите ги обзеде возбуда, па дури и некаква нејасна радост. Значи наближува крајот на ова проклето патување. Во тие мигови како никој да не мислеше што ќе биде потоа.

Но, светлината никако да се зголеми. Којзнае уште колку долго патуваа, а таа си остануваше иста. Тоа значеше дека е многу далеку. Постепено еуфоријата почна да спласнува и истата беше заменета со желбата за сон. Како и да е, откако ќе станат, сигурно дека ќе бидат уште поблизу, а можеби и веќе стигнати на своето одредиште.

Така некако и се случи. Сонцето веќе беше излегло високо на небото, кога еден од затворениците, го разбуди Ангел.

- Excito! Vultus is! (*Стани. Погледни го ова*!).

Откако се расони Ангел го впери погледот онаму каде што сите гледаа. Чудо невидено!

Огромна градба, висока до небото се исправаше веднаш над галијата. Градбата беше сместена на еден остров, а подалеку се гледаше пристаништето на голем град. Ангел не можеше ни да претпостави дека вакво чудо постои во светот. Од заробениците слушна дека тоа е светилник и дека неговата светлина ја гледале минатата ноќ. Зјапаше додека галијата се повеќе се доближуваше и минуваше крај ова чудо. Ангел подзина. Се трудеше да го запомни секој детаљ. Светилникот имаше три нивоа едно врз друго, а над нив се извишуваше кула. На врвот на кулата одвај се гледаше делот на кој горел огнот. Тој дел на врвот беше проширен во купола. Имаше и огромно огледало, кое ја одбиваше светлината од сонцето и така го покажуваше патот на бродовите

дење. Најгоре, на кровот на куполата, се наѕираше голема статуа веројатно на некое божество. Низ целиот светилник врвеше многу народ. Најмногу ги имаше на првото ниво, кое беше високо околу два актуса. Ги имаше дури и на осмоаголната кула каде се гледаше мала тераса преку која посетителите ја разгледува импресивната околина. Се на се му се чинеше дека светилникот приближно беше висок околу четири актуси.

Недолго откако галијата го помина светилникот влегоа во огромното пристаниште. Десетици големи галии беа закотвени и уште стотици помали лаѓи. И многу народ на пристаништето: војска, цивили, робови... На Ангел му се чинеше како целиот свет да се собрал во овој чудесен град. За миг затворениците како да заборавија на своите маки. Зјапаа наоколу, не знаејќи што попрво да видат. Конечно галијата застана. Дојде крајот на долгото патување. Заповедникот на легионерите им одржа краток говор. Им рече дека стигнале во големиот римски град Александрија во провинцијата Египет, каде ќе ја отслужат својата казна. Потоа ги наредија еден по еден и излегоа на копното. Шаренило од секов народ им го свртуваше вниманието. Ангел никогаш дотогаш не беше видел толку голем град. Ги товарија во коли со решетки и ги однесоа во градскиот затвор.

По неколку ноќи таму поминати, ги изнесоа на пазарот на робови. Тоа беше широк простор, каде се продаваа и други работи, но имаше посебно место определено за робовите. Ангел веќе беше отрпнат на секакви понижувања, па прилично рамнодушно го прифати своето "продавање". Дури му беше интересно затоа што повторно се најде среде народ. Љубопитно гледаше наоколу во разните ликови и носии што се маткаа наоколу.

И во неговиот крај имаше пазари, но овој беше некако пожив. Луѓето овде повеќе креваа врева, како трговците кои продаваа, така и муштерите кои со нив се пазареа. За продажбата на Ангел и на робовите кои беа со него, беше задолжен еден службеник од затворот - низок и дебел човек, кому очигледно му пречеше жештината, па постојано се ладеше со ладило. Претходно тој им соопшти дека ќе бидат распоредени на работа, каде ќе мора да го работат тоа што ќе им се нареди. Во спротивно, ќе бидат вратени во затворот и казната ќе им биде зголемена. Доколку пак направат каков било престап, можат да бидат осудени и на смрт.

Неколкумина потенцијални купувачи застанаа да ги гледаат. Тоа беа локални богаташи, што се гледаше од нивната скапа облека и од слугите во придружбата. Еден од нив купи двајца робови и ги поведе со себе. Потоа долго не беше продаден никој. Само љубопитници се собираа пред нив и ги гледаа. Токму кога помислија дека продажбата за тој ден заврши, им пријде постар човек на возраст помеѓу 55 и 60 години во придружба на средовечна жена, очигледно негова сопруга. Со нив беа и двајца вооружени стражари. За разлика од претходните потенцијални купувачи, кои доаѓаа и ги фаќаа робовите за нивните мускули, овие застанаа нешто подалеку. Како оттаму да ги меркаа. Постариот човек, кој очигледно беше некој богаташ, го повика продавачот со знак со раката. Дебелиот службеник речиси потскокнувајќи (поради својата дебелина) се упати кај него. Се поклони нему и на жената, по што богаташот почна нешто да му објаснува. Тогаш дебелиот климна со главата и исто така потскокнувајќи се врати кај робовите. Застана пред Ангел и, онака испотен, му рече:

- Vos es Angelus? (*Ти си Ангел*?).

- Sic dominus. (*Да господару*).

Дебелиот извади еден папирус од торбичката која му беше префрлена преку десното рамо, се зачита во него, па без да го крене погледот, рече;

- Vos teneo laboro per tergus? (*Знаеш да работиш со кожи*?).

- Sic. Is eram meus negotium. (*Да. Тоа ми беше занает*). - без размислување потврди Ангел.

Дебелиот без да погледне во Ангел, пак одскока до богаташот. Кратко време разговараа, по што се врати кај Ангел и му заповеда:

- Vos mos prosecutus is vir. Sit vestri vinco iam. (*Ќе одиш со тој човек. Сега тој е твојот господар*).

Ангел молкум се упати до својот нов господар. Овој и жената љубопитно гледаа во него. Но, погледите им беа некако различни. Господарот како да гледаше "алат" за работа, додека во погледот на жената му се стори дека почувствува човечност.

Му заповедаа да тргне со нив и вооружените чувари, кои очигледно беа вработени за господарот, го поведоа. Го качија во запрежна кола и по извесно време стигна во својот нов дом.

Всушност Ангел беше распореден на работа кај богатиот александриец од римско потекло по име Антониус Цивилис. Тој се занимаваше со обработка и трговија со кожи и беше главен снабдувач на римската војска од тој крај. Затоа го купи токму Ангел. Антониус беше молчалив човек, но за својата возраст беше многу добро физички зачуван. Очигледно внимаваше на својот изглед. На Ангел му остави впечаток дека е строг човек,

кој се грижи за својата работа и семејство и ништо друго не го интересира.

И така почна робовскиот живот во Александрија. Ангел беше сместен во помошните одаи на куќата на својот господар, заедно со други робови. Всушност тоа беше посебен дел од куќата, кој со ѕид беше одделен од делот во кој живееше господарот со своето семејство. Ангел спиеше, заедно со уште триесетина робови, во една заедничка голема просторија. Веднаш до неа, се наоѓаа и работилниците за обработка на кожи. Таму на работа минуваше речиси цел ден. Ги обработуваше кожите и се обидуваше да се внесе во работата. Таков беше по природа и дома. Секоја работа му причинуваше задоволство, а посебно неговиот кожарски занает што му беше во семејна традиција. Секоја предвечер имаа одмор, а по вечерата следуваа ноќите, кои му беа најтешки. Речиси не поминуваше ноќ, без да ги сонува своите жена и син. Сонот му беше единствената "жива" врска со нив.

Ангел главно цело време се расправаше со надзорникот, кој се викаше Дидимос. Тој беше лош човек. Не беше затвореник, туку работеше за пари. Потекнуваше од некоја земја што ја викаше Либија. Не била многу далеку од Александрија.

Господарот често доаѓаше да ја надгледува работата. Притоа комуницираше само со надзорникот, од него слушаше информации, му даваше упатства и набргу заминуваше. За господарот разбраа дека потекнувал од околината на самиот Рим. Неговиот татко имал проблеми со власта, па затоа се преселил во Александрија. Овде почнале да се занимаваат со кожарство и работата им тргнала. Татко му умрел, а Антониус ја проширил работата и успеал да направи куќа во елитниот дел

наречен Сома, каде и сега живееја. Имаа свои платени вооружени чувари, од кои, еден секоја ноќ дежураше во дворот каде се наоѓаа просторите на робовите. Другите дежураа однадвор. Во такви услови Ангел не можеше ни да помисли на бегство. Дури и да успееше некако да побегне, каде ќе оди потоа? Како ќе се врати преку морето? Којзнае дали има сувоземен пат одовде па се до неговите предели во провинцијата Македонија?

И така поминаа цели три години.

Еден ден, господарот пак дојде во обиколка. Но, овојпат не беше сам. Беше во придружба на млада и убава девојка. Среде робовите се прошири глас дека тоа му е ќерка. Разбраа дека се вика Ливија. Била подолго време отсутна од дома, па сега се вратила.

Помладите робови кришум sиркаа во неа, додека таа стоеше крај татко и, љубопитно набљудувајќи ги. Татко и нешто се расправаше со надзорникот, а Ангел не сакајќи упати поглед кон неа. Беше свесен за својата никаква положба. Валкан, испотен, смрдлив, без ништо свое... А таа богата, убава, намирисана и дотерана. Ангел се насмевна во себе кога помисли на ваквата контрадикторност. Потоа незаинтересирано го сврте погледот и продолжи да се бори со кожите.

Ливија беше на возраст од дваесет и две години. Имаше долга руса коса собрана во типична римска фризура каква што беше во мода во тоа време. Дискретно беше украсена со вкусно одбран накит. Цртите на лицето и беа складни. Вистинска убавица.

Додека беше на работа Ангел, не обрнуваше многу внимание на личната хигиена. Како да му беше се едно како изгледа. Но, таа вечер, кога дента ја виде убавата ќерка на господарот, се изми и искапи кога се

врати од работа. Не знаеше зошто го стори тоа. Можеби таа го потсети на потиснатата вистина дека и тој е млад и убав. И добро развиен... Којзнае.

Случајно или не, ќерката на господарот се почесто почна да доаѓа со својот татко, а Ангел (заедно со останатите работници) кришум ја загледуваа. Небаре таа уживаше да се покажува пред нив. Еднаш погледите им се сретнаа со Ангел. За миг помисли дека намерно погледна во него. Или можеби така му се стори? Веднаш потоа се осуди себеси и си вети залудно да не се занесува...

Но, тогаш судбината ги вмеша своите прсти така како што никој не можеше да претпостави. Еден ден, Дидимос му нареди на Ангел и на уште двајца да појдат со него. Тоа беа еден Арап и еден Гот. Робуваа поради кражби и убиства, но умееја да работат со кожи. Овде меѓусебно се спријателија и постојано се издвојуваа од останатите. Честопати се тепаа со другите, а неколкупати го провоцираа и Ангел. Никој не ги сакаше поради тоа. Едниот имаше потемна, а другиот исклучително светла боја на кожата.

Дидимос им рече дека треба да товараат готови кожи. Влегоа во куќата на господарот, која со ѕид беше одделена од нивните простории и се најдоа во убаво уреден двор, околу кој беа наредени двокатните простории на неговото семејство. Во долниот дел беше сместено складиштето со готовите кожи. Пред него беа поставени две коли, во придружба на неколкумина римски легионери. Дидимос им нареди да ги натоварат колите со кожи. Веројатно пред тоа други ја работеле оваа работа, но којзнае зошто тој ден ги повикаа нив. Ангел знаеше дека господарот Цивилис ја снабдува римската војска со кожи, па веднаш сфати дека легионерите се

дојдени поради превземање на пратка. Заедно со Готот и Арапот почнаа да ги товараат колите.

Некаде при крајот на товарањето, од куќата излезе лично господарот Антониус Цивилис. Заповедникот на групата легионери што чекаа во дворот, му пријде и се поздрави со него. Стоеја подалеку од колите. Кратко разговараа, а потоа заповедникот му довикна на еден од легионерите да му го донесе однапред приготвеното сандаче. Легионерот послушно ја изврши наредбата. Ангел, Готот и Арапот, додека товараа, видоа дека господарот го зеде сандачето, го отвори, погледна во парите во него и пак го затвори. Потоа климна со главата во знак на благодарност кон заповедникот, кој стоеше до него.

Ангел ги остави во колата своите кожи што ги беше изнел од складиштето и за миг застана да земе здив пред да се врати по други.

- Persolvo tergum. (*Му ги платија кожите*). - слушна шепот на лош ромејски јазик зад себе.

Се сврте и пред очи му излезе сувото лице на Готот, кое притоа и му намигна. Во тој миг од складиштето излезе и Арапот. И тој му се насмевна на Ангел, откривајќи ја својата штрбава уста.

Ангел не рече ништо. Ги погледна обајцата и молкум влезе во складиштето.

- Livia! - се слушна гласот на господарот како вика по својата ќерка.

Кога Ангел повторно излезе, носејќи кожи за во колата, на балконот спроти кој стоеја колите, наеднаш изникна убавата Ливија.

- Sic abbas! (*Да татко*!). - му довикна на господарот.

- Adveho sic! (*Симни се*!) - рече Антониус, покажувајќи на сандачето со пари.

- Ego agnosco. (*Разбирам*). - одговори Ливија.

За кратко време таа се симна, го зеде сандачето, тивко проговорија со татко и, по што исчезна низ влезната врата на нивниот дом. Недолго потоа товарањето заврши, легионерите се поздравија со Антониус и заминаа. Истовремено Дидимос им заповеда на Ангел, на Готот и на Арапот да се вратат на работа во работилницата.

Истата ноќ, онаква врела, какви што беа и останатите летни ноќи во Египет, Ангел долго не можеше да заспие. Мислите за жена му и детето и овојпат жестоко му ја печеа свеста. Долго се превртуваше во леглото, не знаејќи што да прави. Наеднаш слушна необичен шум. Иако беше длабока ноќ, одајата во која спиеја беше подосветлена од факелите однадвор што светеа во дворот. Внимателно се придигна и се загледа кон местото од каде доаѓаше шумот. Двајца робови, од триесетминатa кои спиеја во истата одаја, станаа и шепотејќи излегоа надвор. И досега се случуваше речиси секоја вечер по некој да стане за да појде по нужда, па Ангел помисли дека затоа станале. Но, помина извесно време, а тие не се вратија. Надвор имаше вооружен стражар, но не се слушна никаков шум ниту повик од него да се вратат во одајата за спиење. Сето ова на Ангел му се стори необично. Бидејќи и без тоа не можеше да заспие, ни сам не знаејќи зошто, реши да превземе мала авантура. Ќе излезе и тој за да види што се случува. Ако налета на стражарот ќе каже дека пошол по нужда, а ако е се во ред, ќе се врати во леглото.

Вратата на одајата во која спиеја не беше заклучена за да можат робовите слободно да излегуваат по нужда. Веднаш до одајата за спиење беа другите помошни простории и работилници, а лево беше ѕидот што го делеше целиот овој дел од куќата на господарот. Стражари имаше и околу големиот надворешен ѕид што ги обиколуваше сите овие објекти, а ги имаше и во одаите на господарот. Ангел стана и полека појде. Не знаеше што точно се случува, иако се беше можно во светот во кој упадна. Откако внимателно излезе од одајата, чиј воздух го параше непријатното 'ркање на неколкумина од оние што спиеја, се најде во сенката на настрешницата. Дворот беше осветлен од неколкуте факели поставени од внатрешната страна кај влезната порта. Ангел наслушна, но не се слушаше ништо, освен 'ркањето однатре и лаењето на кучиња однадвор. Погледна кон ѕидот што го делеше нивниот дел од делот каде живееше господарот. Се зачуди кога таму виде поставени дрвени степеници. Од стражарот и од двајцата што излегоа немаше ни трага. Само степениците стоеја. Ангел полугласно извика:

- Suspector! (*Стражару*!).

Не се јави никој. Пак викна на ист начин и пак ништо. Тоа му се стори уште посомнително. Инстинктивно појде кон степениците. По кратко двоумење, откако се увери дека стражарот го нема во близина, реши да се качи. Ако ништо друго барем да погледне од онаа страна во дворот на господарот. Можеби таму нешто не е во ред?

Спретно се искачи по степениците и погледна преку ѕидот. Дворот на господарот исто така беше осветлен, но и во него немаше никој. На прв поглед не

забележа ништо. Но потоа виманието му го привлече единствената осветлена соба. Тоа беше соба со балкон, сместена на првиот кат над приземјето. Се загледа по-добро. Од нејзината отворена врата излегуваше слаба светлина, а завесата се нишаше од врелиот ветрец што пиркаше. Наеднаш му се стори дека оттаму слушна, одвај чуен, пригушен писок. Истиот миг сфати дека тоа беше токму спалната соба на Ливија. Остана вчудовиден. Се беше јасно. Двајцата робови беа во нејзината соба! Дали се тие нормални? Знаат ли што прават? Немаше сомнение дека Ливија е во голема опасност. Можеби ќе ја силуваат и убијат, а потоа ќе побегнат. Па, што. Нивни проблем... Но, зошто токму неа ја одбрале? Зошто не некој друг од нејзиното семејство? Ангел не го сакаше својот господар, но ќерка му му немаше направено ништо лошо. И не само тоа. Убаво му беше кога ја гледа... Сите овие мисли миговно прелетаа низ главата на Ангел и додека се уште се двоумеше што да направи, нозете сами му потрчаа кон балконот. Под него беше поставен сандак, со помош на кој натрапниците, очигледно се беа префрлиле внатре. Од собата на Ливија, чија врата беше подотворена, пак се слушнаа одвај чујни придушени звуци. Ангел скокна врз сандакот и по уште еден скок се фати за оградата на балконот. Потоа итро се префрли преку неа и низ широката завеса влезе во собата. Од светлината на ноќната ламба, која очигледно светела и пред да влезат насилниците, здогледа сцена, која го стаписа. На постелата, свртена со нозете кон него, се препелкаше Ливија. Врз нејзините гради седеше еден од насилниците, цврсто стегајќи и ја устата. Другиот се обидуваше да и ги соблече долните делови од облеката. Таа преташе колку што може со своето слабо тело.

Придушени звуци излегуваа од нејзината насилно затворена уста.

- Quis es vos effectus... Dementis!? (*Што правите лудаци!?*) - без размислување викна Ангел.

Обајцата насилници, кои со грб беа обрнати кон него поради положбата на постелата, наеднаш се свртеа.

Веднаш ги препозна. Тоа беа Арапот и Готот. Арапот беше тој што се обидуваше да ја соблече Ливија. Тој беше поблизу до Ангел. Кога го препозна, го искриви лицето во нешто што требаше да биде насмевка и на својот лош ромејски, рече:

- Angelus? Adveho quod suo nos. Nos vadum attero is meretrix! Is mos persolvo pro panton. Exinde nos vadum subterlabor! Viaticus est nobis. (*Ангел? Дојди и придружи ни се. Ќе ја уништме оваа кучка. Ќе ни плати за се. Потоа бегаме*! *Парите се со нас!*).

- Es vos rabidus? Discedo! (*Улав ли си ти? Бегајте оттука*!) - му викна Ангел. -

- Iuguolo is quisquiliarum! (*Убиј го ова ѓубре*!) - викна Готот.

Арапот ја пушти Ливија и скокна кон Ангел. Лицето и натаму му беше искривено налик на насмевка. За миг зјапнаа еден во друг подготвени да се фатат во костец. За тоа време Готот продолжуваше да ја стега устата на Ливија, но и постојано се свртуваше за да го види исходот од борбата. Арапот со сета сила се втурна кон Ангел. Но, овој подготвено го дочека. Се наведна и со рамото го удри под градите. Истовремено со левата рака го фати околу грбот, а со десната за нозете. Овој зафат го знаеше од натпреварите по борење што честопати се организираа во неговото место, на кои тој редовно учествуваше. Така Арапот се најде кренат во рацете на

Ангел. Но, бидејќи беше тежок, нозете на Ангел се занесоа и неконтролирано тргнаа наназад. Право кон балконот. Ангел се сопре од оградата, а Арапот по инерција летна преку него од балконот и тресна долу на земјата. Таму остана да лежи, стенкајќи. Ангел пак влета во спалната. Кога го виде Готот, ја отпушти устата на Ливија, подготвувајќи се да го нападне. Таа врисна, но тој и удри силна шлаканица. Оваа шлаканица за Ангел делуваше како шок. В миг му излезе пред очи шлаканицата што ја доби неговата жена од римскиот војник. Не знаеше зошто, но почувствува дека Готот треба да плати и за таа шлаканица. Како фурија се втурна во него. Готот се залепи со грбот за ѕидот, а потоа обајцата паднаа. Ангел се исправи прв и почна со тупаници да го мава насилникот. Крв бликна од лицето на Готот на сите страни. Во тој миг во одајата влета таткото на Ливија со ламба во раката и со двајца вооружени чувари. Не знаејќи што се случува, чуварите ги извадија мечовите и ги вперија кон Ангел и кон веќе паднатиот Гот. За среќа тогаш Ливија се совзеде и им викна:

- Consto! Is servo meus vita! (*Стојте! Тој ми го спаси животот*!).

Истиот ден Ангел беше повикан кај господарот Антониус Цивилис. Тој му се заблагодари за спасувањето на неговото чедо од насилниците кои пред тоа тивко го убиле стражарот во дворот, а потоа ја нападнале ќерка му за да ги одземат парите од платените кожи што татко и, и ги даде претходниот ден. Со тие пари разбојниците сакале да потплатат луѓе кои ќе им помогнат да побегнат од Александрија. Сега биле во затвор, каде ги очекувала најстрога казна. Антониус Цивилис зборуваше сериозно како што доликуваше на неговата појава. Тој му

вети на Ангел дека засега ќе му даде полесна работа и пари, а потоа ќе види што може да направи за негово целосно ослободување. Ангел се заблагодари и излезе.

Утредента беше повикан од надзорникот Дидимос, кој му соопшти дека веќе нема да работи во работилницата, туку дека е распореден на работа во куќата на господарот. Така и се случи. Сега работата на Ангел не му беше тешка. Се маткаше по дворот, ги хранеше и ги капеше камилите и коњите, носеше вода и правеше се што ќе му речат. Таму го префрлија и на спиење, во посебна просторија заедно со двајца слуги, кои таму живееја.

Еден ден, додека се миеше во дворот, крај него помина Ливија. Застана и го праша од каде е.

- Ego sum ex provincia Macedonia vinco. Ex unus vegrandis locus. (*Јас сум од провинцијата Македонија господарке. Од едно мало место*).

- Vere? Ego eram nunquam illic. (*Навистина? Никогаш не сум била таму*). - рече таа насмевнувајќи се.

Ангел посака да и објасни каде е тоа, но таа и натаму насмевнувајќи се, веќе го одмина.

Тој остана по малку збунет, но веднаш продолжи со миењето.

Потоа Ливија честопати, божем случајно, се на-оѓаше во дворот токму кога тој таму нешто работеше. Бидејќи нејзините постојано беа отсутни, практично се случуваше по цел ден таа да е сама дома во друштво на Ангел и на уште неколкумина прислужници. Така почнаа се почесто да разговараат. Ангел уште повеќе почна да обрнува внимание на својата лична хигиена. Ливија му кажа дека требало да ја мажат за некој Римјанин пред две години, но тој загинал во борба против Партијците

во Азија. Затоа била отсутна. Ангел во неа виде личност полна со живот, со која судбината несреќно си поиграла. И тој и зборуваше за својот занает, народ и земја. Таа уште на почетокот го праша дали е оженет, а тој без размислување и ја кажа вистината, потенцирајќи дека му е многу тешко без неговите жена и дете. Ливија искажа сочувство за неговата судбина, но нејзините очи како да зборуваа и за нешто друго. За некаква искра, која од ден на ден, се повеќе добиваше на интензитет. Или можеби така му се чинеше? За да се отргне од овие мисли, постојано си повторуваше дека тој е роб, а таа господарка. И ништо повеќе!

Но, инстинктот ни овој пат не го измами. Еден ден, додека работеше сам во шталата, Ливија кришум дојде кај него. Нежно го допре од позади за рамото. Тој се сврте. Го опија прекрасните очи, кои како да се заковаа за него. Нејзиниот продорен поглед го парализира. Овој поглед се разликуваше од сите претходни. Во него гореше нескротливиот оган на љубовта. Истиот миг Ливија го фати за рацете. На Ангел нозете му затреперија како на вљубено момче. Се гледаа со магнетска привлечност. Нејзиното присуство го почувствува како божествена пранга врз своето битие. За миг заборави на се околу себе. Пред него стоеше најубавото и најпривлечно суштетство. Тој ја спаси неа, но сега таа беше негов спасител. Усните спонтано им се споија. Но, само за кратко. Ливија бргу се отргна. Му кажа дека мора да оди. И замина. Ноќта Ангел пак не можеше да заспие. Како во бунило беше опседнат со нејзиниот лик. Одвај чекаше да ја види утредента.

Така поминаа неколку дена во тајни средби со неа. Само се гледаа, се држеа за раце и се бакнуваа. Ангел

живееше како во сон. Но, ваквиот занес не траеше долго. Постепено, љубовната опиеност кон неа се повеќе беше заменувана со грижа на совеста. Сепак, тој имаше жена и дете. И нив ги сакаше безгранично. Каде се сега тие? Ги потисна во своите срце и мисли, но се уште беа овде подготвени да ја окупираат неговата стварност. Се чувствуваше бедно и поради тоа што му изгледаше дека ја лаже Ливија. Во главата му се случуваше вистинска војна. На една страна беа мислите посветени на преубавата Ливија. Нејзината појава како пајакова мрежа ја зафати целата негова стварност. Но, веднаш потоа во офанзива преоѓаа и мислите за неговите сакани жена и дете што ги остави во Македонија. Се чувствуваше засрамен што си дозволи да не мисли на нив. И токму кога решаваше дека тие се неговата судбина и среќа, пак наеднаш го "напаѓаа" мислите за Ливија. Се почесто се молеше на Исус да му помогне како да се реши од овој внатрешен немир. Но, ни во молитвите не наоѓаше утеха. Мислите за Ливија постојано ненадејно го напаѓаа, за веднаш потоа, којзнае по кој пат, да бидат истиснати од мислите за жена му и детето. Интензитетот на мислите посветени на Ливија беше силно поттикнуван и од нејзиното физичко присуство, додека ликовите на жена му и детето, како да беа онеправдано запоставени и потиснати. Ливија се повеќе го мамеше со својот преубав поглед. Небаре му направи магија. Но, оваа состојба мораше да добие разврска. Кога остануваше сам, се трудеше реално да размислува. Каква иднина има овде? Тој е роб, а таа ќерка на богаташ. Дури и да биде ослободен пред време, што потоа? Татко и нема да сака ни да слушне да му ја даде. Што дека и го спаси животот... Дури и да побегне таа со него, како ќе живеат? Со што ќе ја

издржува? Можеби отпрвин ќе живеат од љубов, но што потоа? Немањето пари, несомнено ќе донесе криза во нивната љубов. Таа е навикната на удобен живот и тешко дека ќе се привикне на сиромашијата што ги очекуваше. За да опстанат, тој ќе мора по цел ден да работи, што значи дека нема да може да биде со неа и да и посветува доволно внимание. Таа исто така ќе мора да се справува со тешките домашни обврски на кои не е навикната, и бргу ќе согледа каков раскош напуштила за да живее во мизерија. Така љубовта ќе почне да бледнее и на крајот Ливија сигурно дека ќе се врати да се моли кај татко и да ја прими повторно. Но, тоа е само едната страна на проблемот. Што е со другата? Онаа најважаната? Жена му Лика и детето! Тие се неговиот живот. Зарем може туку така да се откаже под нив? Бог никогаш тоа нема да му го прости! Совеста ќе го изгори. Дури и да се ожени со Ливија, сосема е можно дека на сцената на неговата свест повторно ќе се врати потиснатата љубов кон жена му и детето. Тој знаеше дека кога човек нешто добива, можно е да се засити од тоа, па да бара нешто ново или да посегнува кон "старото". По таа логика, тој не беше сигурен дали нема еден ден да ја напушти Ливија и да се врати кај своите жена и дете. Така ќе направи уште еден грев, овојпат кон Ливија...

Убавата Ливија целосно ја разбираше и се соживуваше со неговата состојба. Така живееја обајцата растргнати помеѓу меѓусебната страст и очајот поради неизвесната иднина. Често се гледаа, се бакнуваа и се држеа за рацете опиени во својата љубов. Ваквата неизвесност почна се поразурнувачки да делува врз Ангел. Стана потиштен и молчалив. Нешто мораше да се стори...

Тие денови, се прочу дека римскиот император Септимиј Север стигнал во Александрија. Му бил приреден убав дочек. Толпи луѓе излегле да го поздравaт императорот на моќното царство. Но, се зборуваше и дека имал некакви непријатности. Лоши сонови го мачеле...

Недолго потоа, двајца римски службеници дојдоа во домот на Антониус Цивилис. Ангел беше во дворот кога тие влегоа во куќата. Подоцна разбра од слугата што го прислушкувал нивниот разговор дека барале нешто од господарот, но не разбрал што.

Истата ноќ, Ливија му закажа тајна средба во една од шталите. Како и обично, се држеа за рацете. Се бакнаа. Токму кога Ангел помисли дека така ќе заврши и оваа средба, Ливија му стави до знаење дека може целосно да ја има. Прв пат водеа љубов. Додека беше во неа Ангел донесе цврста одлука. Ќе остане со неа, па што и да биде! Таа е неговата судбина. Станаа и тој посака да и ја каже својата намера. Да и соопшти дека животот не може да си го замисли без неа! Но, пред да каже нешто, Ливија како гром од ведро небо,му рече:

- Is est nostrum permaneo nox. (*Ова е нашата последна вечер*).

Ангел подзина. За миг помисли дека се шегува, но изразот на нејзиното лице го разувери во тоа. Низ главата секавично му пролетаа разни претпоставки. Можеби и нашле друг свршеник? Можеби ќе замине некаде на работа? Или можеби него ќе го продадат на друг газда?

- Tamen quare meus diligo? (*Но, зошто љубов моја*?) - одвај прошепоти.

- Ego certus. (*Јас така одлучив*). - неприкосновено му одговори таа и додаде - Вестри лоцус ест праетер вестри уџор љуод филиус. (*Тебе ти е местото крај жена ти и детето*).

Ангел се уште беше збунет, посака да каже нешто, но таа го пресече:

- Cras vos mos vado. Vos mos vado domus. (*Утре заминуваш одовде*. *Си одиш дома*).

- Quod... (*Но*...) - неодредено проговори Ангел.

- Per. (*Молчи*). - додаде таа, ставајќи го нејзиниот кажипрст врз неговите усни. Го погледна со насолзени очи, се сврте и трчајќи излета од шталата. Ангел остана збунет во недоумица.

Ноќта во главата му вриеше пожестоко од кога и да е. По водењето љубов со Ливија, веќе беше сигурен дека до уши е вљубен во неа. Од друга страна, дека можеби набргу ќе си оди дома, го исполнуваше со невидена еуфорија. Оваа безмилосна борба на спротивставетни чувства, којзнае по кој пат, не го остави да заспие до длабоко во ноќта...

Утредента, на негово големо изненадување, му рекоа да се подготви за пат. Каде, зошто и со кого, не му кажаа. Строго го предупредија да молчи. Само разбра дека патувањето некако било поврзано со римскиот цар Септимиј Север. И дека токму затоа службениците биле кај неговиот господар. Од секоја богата куќа барале по еден роб. Ќе оделе некаде далеку.

Ангел силно се возбуди. Пак истите контрадикторни чувства му ја опседнаа свеста. Ту се радуваше дека конечно си оди одовде, ту му беше мака за Ливија, за која знаеше дека никогаш повеќе нема да ја види. Истовремено се плашеше и од неизвесноста. Официјално не

им кажуваа каде и зошто ќе одат, иако Ливија му спомна дека ќе си одел дома.

Тој ден управникот го ослободи од работа и го прати во одајата да одмара. Ангел сфати дека ќе патува ноќе. Поради тоа што беше прилично развиен, претпоставуваше дека ќе го тераат нешто да носи. Штом му наредија да одмара преку денот, знаеше дека го чека долго ноќно патување. Послушно отиде да одмара, но не склопи око. Чекаше да се појави таа. Ливија. Барем да се поздраваат. Еден од слугите во домот му кажа дека таа инсистирала кај својот татко да го испрати токму Ангел. Затоа барем сакаше да и се заблагодари. Да се изнаплачат заедно... Залудно. Ливија не се појави.

Предвечер дојдоа по него двајца легионери и го поведоа со себе. На заминување се сврте за последен пат кон нејзините одаи. На балконот и на прозорецот немаше никој. Само завесата се заниша. Таа беше зад неа. Го виде за последен пат, но не и тој неа. Нејзиниот лик остана да живее само во неговите спомени. Дали ќе се сеќава на неа како на своја непрежалена љубов? Или како на единствена светлина во мракот во кој живееше? Силно посака да ја види насамо... Попусто. Го качија во дрвена запрежна кола и го одведоа.

Во колата имаше уште петмина непознати робови. Очигледно дека беа по пат собрани. Тројца од нив имаа црна боја на кожата. Сите беа добро развиени. Колата тргна по улиците на Александрија. Ангел тапо зјапаше пред себе. Наеднаш помисли дека сето ова не мора да биде толкава трагедија. Откако ќе стане слободен, можеби еден ден и ќе се врати овде? Зошто не? Ваквата нереална надеж, како да претставуваше мевлем на неговата душевна болка. Почувствува дека му е пот-

ребен муабет со некого. Не знаеше што да им каже на сопатниците во колата. Се сети за градот. Посака да им каже дека овој град порано го основал еден голем цар, кој потекнувал од неговата земја. Посака да се пофали. Да им го објасни сето тоа. Да отвори некако муабет со нив. Да не мисли на својата мака. И на неизвесноста... Но, тие толку незаинтересирано зјапаа пред себе, што сфати дека попусто ќе се обидува да им зборува. Секој од нив беше преокупиран со своите проблеми и со непознатото што ги очекуваше. До вечерта ги собраа надвор од градот. Робови од цела Александрија, но и од други делови на Египет. Ги построија, а потоа секому му дадоа по една мала кожена торба (налик на ранец) за носење. Во речиси гробната тишина и полуосветлената околина од огнот на факелите и од бистрото небо над Египет, атмосферата ја вознемируваа само топотот на коњите и гласните команди на римскиот центурион и на легионерите кои ги повторуваа пред робовите. По извесно време пред колоната, јавајќи на својот коњ, излезе центурионот.

Тој им кажа неверојатна вест. Зборуваше кратко и јасно. Им кажа дека биле одбрани по наредба на царот како најдобри и најпримерни робови од цел Египет. Биле одбрани за да одат на едно патување за кое не треба да прашуваат ништо. Патувањето ќе било долго, но откако ќе завршело, сите ќе биле слободни да си одат дома. Последните зборови на центурионот предизвикаа невидена еуфорија. Робовите се радуваа како мали деца и толку силно викаа, што легионерите почнаа да ги стишуваат. Првата реакција кај Ангел беа солзи во очите. Си оди дома! Зарем е можно! Бог нека го благослови царот Септимиј Север! Бог нека ја награди и Ливија, која свесно

го испрати на слобода! Не знаеше дали плаче од ќеиф или поради жал за Ливија на која не успеа да и ја каже својата огромна благодарност. Се заколна во себе дека и навистина еден ден ќе се врати и ќе ја побара. Само прво да се врати дома...

По стишувањето на радоста, колоната тргна.

Ангел го носеше својот ранец, а веднаш до него постојано одеше еден роб, некој Тракиец, со својот ранец на грбот. Тракиецот беше нешто помлад од него. Имаше долга руса коса и складно развиено тело. Молчеа. Ранецот беше релативно мал и не беше многу тежок, па поради својата телесна развиеност, лесно се справуваа со него. Во него се наоѓаше прибот за јадење и за лична хигиена и нешто облека за долгиот пат. Пред и по Ангел, одеа другите робови. На голема кола, очигледно специјално направена за таа пригода, беше сместен масивен дрвен сандак, налик на погребен ковчег, но со нешто поголеми димензии од обичните. Што имаше во него, никој не знаеше. Еден од робовите што беа задолжени за придружба на колата со овој сандак, за време на еден одмор, рече дека низ пукнатината на штиците се назирал некаков голем предмет, можеби саркофаг. Колата ја влечеа волови. Запрежни воловски и коњски коли имаше и на крајот од колоната. Тие беа натоварени со дрвени сандаци. Од нив се слушаше тропкање на метални предмети, од што некои робови претпоставуваа дека можеби се работи за садови, па дури и за пари. Таму каде што колите не можеа да поминат, сандаците ги пренесуваа робовите на раце. Впрочем, тоа беше и причина што ги поведоа. Да помагаат во пренесувањето на сандаците, на местата кои беа непроодни за колите. Најмногу мака им задаваше големиот сандак, но се

снаоѓаа на тој начин што под него вметнуваа дрва по кои го "тркалаа".

Патот беше напорен, но и честопати одмараа. Добиваа јадење и пиење во изобилство. Очигледно Римјаните сакаа робовите да бидат во форма за време на целиот пат. Затоа не ги малтретираа многу. Само внимаваа да не зборуваат гласно меѓу себе и некој да не побегне. Во колоната врвеа и извесен број натоварени камили. Ангел се обидуваше да ги изброи. Беа околу сто робови, две центурии со околу сто и шеесет легионери, околу дваесетина камили и десетина воловски и коњски коли. Овде беше и заповедникот центурион на кого придружба му правеше еден постар човек со испиено лице, во туника речиси до земја и со долга бела коса и брада. Околу рамото носеше платнена торба, од која не се делеше. Римските легионери и центурионот го нарекуваа "ѕвездочитач" и со голема почит се однесуваа кон него.

Патувањето се оддолжи до недоглед... Патуваа некогаш дење, некогаш ноќе. Одмараа во места далеку од населбите. Од ова Ангел заклучи дека патувањето е тајно и тоа по налог лично на царот. По патот им се случуваа секакви згоди и незгоди.

По долго одење стигнаа во земјата што ја викаа Јудеја. Ангел почувствува силна возбуда. За него тоа не беше обична земја. Тоа беше земјата за која му раскажуваа неговите дедо и татко. Земјата и народот на Аврам, Мојсие, Самсон... Но и земјата на неговиот бог Исус. Одамна имаше слушано за храброста и непокорливоста на овој стар народ, чии припадници сега за прв пат ги виде во живо. Јудеја и самата беше потчинета под Римјаните. Се зборуваше дека Јудејците досега кренале неколку востанија, но дека сите им биле крваво задушени.

Порано и неговите Македонци владееле со Јудеја, па потајно се надеваше дека можеби ќе сретне некој потомок на своите сонародници... Но, по патот среќаваа само незаинтересирани луѓе, кои си ја обработуваа земјата и работници, кои под надзор на Римјаните, ги поправаа патиштата.

Остана восхитен од природните убавини на Јудеја. Помисли дека не случајно Бог ја избрал како ветена земја. Го почувствува близок овој народ...

Патувањето продолжи. Една вечер, додека со останатите робови седеа крај огнот, им пријде еден легионер и ги праша дали некој сака да учествува во турнир за борење. Робовите отпрвин го погледнаа, чудејќи се. Никој не реагираше. Тогаш легионерот им рече дека победникот ќе добие парична награда. Кога го слушнаа тоа, веднаш неколкумина се пријавија. Меѓу нив беше и Ангел. Тој не се пријави толку поради парите, колку поради тоа што борењето му беше опсесија, а одамна се немаше борено. На турнирот се пријавија и римски војници. Се натпреварува според систем на отпаѓање. Тој што губеше отпаѓаше, а победникот продолжуваше со борбите. Тој што ќе извојуваше пет победи, практично ќе беше победник. Поради големиот број борби, турнирот траеше три вечери една по друга. Легионерите и робовите седнуваа на некоја одбрана чистинка, правејќи голем круг во средината. Внатре палеа оган заради видливост. Борачите се бореа, а удирањето беше забрането. Имаше и судии. Победник беше тој што ќе го собори на грб својот противник. Борачите беа голи од половината нагоре.

Прв противник на Ангел му беше еден роб, кој потекувал од Атина. Прилично лесно го совлада и се пла-

сира во вториот круг борби. Таму налета на римски војник. Не беше толку развиен како Ангел, но беше мошне итар и брз. Одвај излезе на крај со него додека не го кутна на грб. Утредента, во третиот круг борби налета на црнец. Беше физички развиен како Ангел, но немаше искуство во борењето, па своите претходни двајца противници ги имаше совладано само поради тоа што беше посилен од нив. Црнецот пружи извесен отпор, но Ангел, со помош на неколку трикови, и него го посла грбечки на земја. Публиката наоколу веќе виде во Ангел свој љубимец. Повеќето гласно навиваа за него, нарекувајќи го "Мацедонис". Потоа дојде една прилично тешка борба. Противник му беше некој Ерменец по име Тигран, искусен во боречките вештини. Рамноправно се бореа, но се покажа дека Ерменецот не беше физички подготвен за подолга борба. Веројатно тој беше навикнат уште во првите мигови да ги поразува своите противници. Но, штом борбата со Ангел се оддолжи, Ерменецот почна да се заморува, па на крајот сам се предаде. Така Ангел се пласира во финалната борба, која беше закажана за следниот ден, заедно со борбите за останатите места.

Противник во финалето му беше најразвиениот од сите присутни. Извесен римски легионер, по име Апиус. Нивната борба беше последна таа вечер. Вистинско финале. Присутните беа поделени во навивањето, робовите навиваа за Ангел, а легионерите за Апиус. Судијата даде знак за почеток. Легионерот се втурна со сета сила кон Ангел, надевајќи се дека едноставно ќе го грабне и ќе го тресне од земја. Но, Ангел малку се поднаведна, користејќи го стариот и добро извежбан трик, истиот што го употреби во борбата со

Арапот во собата на Ливија. Така, на општо чудење, легионерот се најде кренат во рацете на Ангел. Но, само за миг. Веднаш потоа Ангел го фрли преку себе. Легионерот офна кога се струполи. Ангел како лисица итро се сврте и користејќи ја неговата збунетост, скокна врз него залепувајќи му го грбот на земјата. Судијата даде знак дека борбата е завршена. Громогласни викотници се излетаа од публиката. Практично финалната борба траеше само неколку мига! Ангел појде на се или ништо и успеа! Присутните на сет глас го скандираа "Мацедонис! Мацедонис!". Судијата му ја крена раката во знак на победа. Потоа Ангел му пријде на легионерот, кој и натаму лежеше во недоумица во прашината и му пружи рака да стане. Овој ја прифати, стана и коректно му честита на победата. Потоа центурионот на Ангел му ја врачи ветената парична награда. Сето ова му го подигна угледот кај останатите робови.

Патувањето продолжи. Навлегоа во земјата што ја викаа Феникија. Таму се случи уште еден интересен настан.

Еден ден, додека одмараа во една шумичка, му пријде легионер и му нареди да појде со него. Му даде празна мешина за вода, од што Ангел сфати дека треба да одат за да ја наполнат. Ја зеде мешината и тргна. Легионерот одеше по него. Беше млад и убав. На возраст од околу дваесет и три-четири години. Имаше руса коса и црни очи. Кога се затскрија зад видикот на останатите, легионерот ненадејно му рече:

- Tu es ex provincia Macedonia? Mancipium dico vos Macedonis (*Ти си од провинцијата Македонија? Робовите те нарекуваа Македонец*).

Ангел се изненади. Ретко кој легионер разговараше со нив, а овој го прашува за неговата земја. Сакаше да се сврти за да му одговори, но легионерот го извади мечот и му нареди да продолжи да оди без да се врти. Можеби се плашеше да не ги забележи некој како разговараат? Ангел се сврте напред и по два чекора му одговори на својот каков таков латински:

- Sic. Ego sum ex Macedonia. Ex Phoinikos, Bylazora… (*Да. Јас сум од Македонија. Од Војница, близу Билазора).*

Продолжија молкум по ливадата.

Наеднаш во далечината се појави едно поголемо дрво.

Легионерот извика:

- Consto! (*Стој!*).

Ангел застана. Легионерот внимателно дојде пред него и, покажувајќи кон дрвото, наеднаш рече:

- Дарвло, в'ди. (*Дрво, вода*).

Ангел не можеше да поверува на своите уши. Слушна зборови од својот мајчин јазик! Додуша од јужниот дијалект, но сепак тоа беа негови зборови. Значи кај дрвото има вода. Таму одат. Но, од каде овој римски легионер ги знае овие зборови?

Посака да му одговори на својот јазик, но не знаеше како ќе реагира. Сепак одлучи да продолжи со својот лош латински:

- Dominus... Quam yoi teneo meus lingua? (*Господару, од каде го знаете мојот јазик*?)

Легионерот недоверливо го гледаше. Како да се колебаше дали да му одговори од каде го знае неговиот јазик, а потоа наеднаш му рече:

- Meus parentes es ex provincia Macedonia, ex Bisaltae. Ego sum prognatus in Alexandria. Ego teneo aliquantulus ex vestri lingua. (*Моите родители се од провинцијата Македонија, од Бизалтија. Јас сум роден во Александрија. Знам малку од нивниот јазик*).

Ангел почувствува необјаснива радост. Прв пат по толку години виде свој земјак крај себе. Иако бил роден во Александрија, неговите потекнувале од Бизалтија. Затоа знаел сосема малку од нивниот јазик. Бизалтија беше во јужниот дел од провинцијата Македонија. Да беа во поинакви услови, на иста страна, веројатно сега ќе се прегрнеа и бакнеа. Но, легионерот му беше колку близок, толку и далечен. Негов земјак, но истовремено и војник во омрзнатата римска војска, која тој не ја поднесуваше. Ангел климна со главата, се сврте и продолжи кон изворот што се наоѓаше под дрвото, обиколено со грмушки. Се напија вода. Бизалтиецот му даде знак на Ангел да ја наполни мешината. За цело време додека ја полнеше, тој внимаваше на него небаре се плашеше да не му побегне. Ангел веќе беше навикнат на вакви понижувања. Откако ја наполни, Бизалтиецот му даде знак да тргне пред него. Ангел се сврте и тргна. Не помина ни два чекора, кога слушна врисок зад себе. Инстинктивно се сврте и отпрвин не го виде Бизалтиецот. Погледна надолу и го виде како се препелка во прашината, држејќи се за задната страна на подколеницата. Истиот миг со крајот на окото виде опашка на змија како се шмугна во блиската грмушка. Ангел се стаписа. Веднаш сфати што се случило. Ја фрли мешината и му пријде на Бизалтиецот. Овој се свиваше од болка. Во очите му се читаше голем страв. Ангел за миг како да се двоумеше што да направи. Потоа посака да се доближи

уште повеќе за да му помогне. Но, Бизалтиецот очигледно не ја разбра неговата намера. Иако, стенкаше поради болката, успеа да го извади мечот и така лежејќи да го впери кон Ангел во знак на самоод-брана.

- Dominus, ego succurro vos. (*Господару, јас ќе Ви помогнам*). - викна Ангел.

Бизалтиецот со недоверба ги закова очите во него.

Ангел уште погласно му викна:

- Haud vicis! Vos can intereo! (*Нема време*! *Можете да умрете*!).

Бизалтиецот и натаму зјапаше со испружеиот меч во едната рака, додека со другата се држеше за раната. Дишењето му стануваше се потешко.

- Tribuo mihi vestri mucro! (*Дајте ми го мечот*!) - . викна Ангел по него.

Бизалтиецот остана во истата положба. Тогаш Ангел скокна врз него и лесно го совлада, одземајќи му го мечот од раката. Паднатот легионер сега гледаше во Ангел како во свој иден убиец. Овој му подвикна речиси заповеднички:

- Tendo vestri crur! Festino! (*Испружете ја ногата! Брзу*!).

Бизалтиецот, како во недоверба, ја испружи ранетата нога, а Ангел, пред да се зафати со тоа што го беше наумил, му рече:

- Verto! Is mos vulnero! (*Свртете се! Ова ќе боли!*).

Бизалтиецот го сврте погледот. Ангел итро му ја фати ногата и со мечот ја засече раната во форма на крст. Легионерот врисна од болка. Ангел се наведна и почна да го цица отровот од раната. По секое вцицување, плукаше.

Откако почувствува дека прилично ја исчистил раната, ја измиса со вода и му ја преврза со чиста ткаенина што ја најде во неговата војничка торба. Бизалтиецот за цело време молчеше, стегајќи ги забите. Потоа Ангел му помогна да стане и така прегрнати полека се упатија кон останатите.

Кога ги видоа војниците оддалеку, притрчаа и го земаа на раце повредениот. На Ангел му наредија да се врати кај останатите робови. Така заврши оваа чудна случка. Не го дозна ни името на војникот кому му помогна. Подоцна, со помош на лековити билки, Ангел виде дека Бизалтиецот целосно се излечи.

Патот на поворката се оддолжи со месеци... Ангел упорно го носеше својот ранец, со Тракиецот крај себе. Понекогаш слушаа дека некој роб се разболел, но се зборуваше дека оној што не може да го продолжи патот, кришум исчезнувал. Некои велеа дека бил ослободуван, но други велеа дека бил убиван. Тоа ги плашеше. Ангел цврсто реши да издржи.

Со неговиот земјак легионер, веќе не прозборија ниту збор. Тој за цело време како да го избегнуваше. Небаре се срамуваше од тоа што се случи - еден роб да спаси живот на римски легионер. Можеби сакаше да му се заблагодари, но не успеваше да најде прилика за тоа, внимавајќи да не го забележат останатите легионери.

Патувањето се растргна. Ангел веќе загуби чувство за време и простор. Одење и само одење. За време на одморите капнат, одвај чекаше да легне и да отспие. Единствено што му даваше надеж да опстане е тоа што колоната робови, камили и римски војници врвеше кон север. Тоа му го кажа еден од робовите кој се разбираше од читање на ѕвездите. А и времето стану-

ваше се постудено. Кога со лаѓа преку морето се префрлија на тлото на Европа, возбудата во него експлодира. Не можеше да поверува дека повторно ќе ги види своите краеви. Од робовите наслушна дека стигнале во Тракија... И тогаш... На првата тракиска планина што ги пречека веднаш откако се истоварија од лаѓата, застанаа ноќе на една ливада. Отспаа, а кога се разбудија, дел од колоната недостасуваше. Речиси половината робови и легионери ги немаше. Каде заминаа, никој не знаеше. Следната вечер останаа на истата ливада. Утрото рано, Ангел не можеше да заспие. Неколку фигури подалеку му го свртеа вниманието. Центурионот, двајца легионери и "ѕвездочитачот" стоеја пред една огромна мазна карпа крај ливадата. Токму тогаш се појавија првите сончеви зраци. Ѕвездочитачот почна да мавта со рацете. Очигледно беше многу возбуден. Потоа покажа на едно место на мазната карпа, каде еден од легионерите веднаш со својот меч издлаби дупки. Ангел не можеше да види колку дупки беа, а не знаеше ни што се случува таму. Единствено беше загрижен што дел од колоната робови и војници недостасуваа. Но, ништо не можеше да стори. Неговиот Тракиец беше овде, а остана и големиот дрвен сандак со овој дел од колоната. Центурионот даде наредба да се постројат. Патувањето продолжи. Иако беше преморен, слабо можеше да спие. Возбудата од враќањето во својот крај, беше преголема и таа доминираше над сите останати чувства. Недолго потоа навлегоа во Македонија. Понекаде наидуваа на луѓе кои си ја пасеа стоката или си ја обработуваа земјата. Тие вчудовидено зјапаа во поворката, а Ангел просто ги голташе со погледот. Со години не беше видел свои сонародници. Колку ли само сакаше да скокне до нив и да ги прегрне...

Беше пресреќен, но и тажен поради својата немоќ. Зарем е можно дека е дома? Никогаш порано не се чувствувал вака. Мешани чувства на радост и сомнеж, му играа брканица низ главата. Пак е во својата родна земја и набргу ќе биде дома. Но, што ако не го ослободат? Зарем еднаш Римјаните ги излажале? Можеби треба да се обиде да избега? Но, како? Постојано околу него имаше стражари, кои сигурно веднаш ќе го отепаа... Реши да причека и да види како ќе се одвиваат работите.

Откако влегоа во Македонија, скршнаа од главните патишта и тргнаа по една споредна патека. Потоа скршнаа и од неа. Поминаа крај еден осамен гроб, а потаму наидоа на урнати ѕидови од некоја непозната градба. Стигнаа до една планина. Таму се прошири вест дека бил крајот на патувањето. Во овие краеви немаше ни жива душа. Беше предвечер. Камилите ги оставија во подножјето, а робовите се качуваа и враќаа, носејќи го нагоре и оној товар што беше носен од камилите. Ги натрупаа сандаците на подножјето на една височинка. Најмногу мака им зададе големиот сандак. Го качија со помош на дрва кои ги подметнуваа под него и по нив го тркалаа. Впрочем, така правеа и пред тоа. Ѕвездочитачот беше главен во одредувањето каде да ги остават. Постојано гледаше во некакви папируси, а потоа му даваше упатства на центурионот. Наеднаш група римски војници со своите кратки мечови се качија од предната страна на височинката и почнаа да расчистуваат грмушки. По извесно време под нив се појави отвор. Влез во пештера. Ги поведоа таму робовите. Им ги врзаа рацете напред и нозете, така што можеа да прават само мали чекори или да ги движат рацете во мал радиус. Потоа им наредија да влезат внатре и да ги остават сандаците. Со

секои два роба одеше по еден легионер кој, пред нив, со факел го осветлуваше патот во пештерата Меѓутоа, Ангел забележа нешто необично. Првите двајца робови влегоа со својот сандак, но не излегоа оттаму. Истото се случи и со вторите двајца. Среде робовите настана вознемиреност. Центурионот го забележа тоа и ги повика да го сослушаат. Им кажа да не се плашат затоа што робовите кои влегуваа во пештерата излегувале од другиот крај, што бил подалеку. Им кажа дека тука завршува патувањето и дека потоа се слободни да оди кој каде сака. Овие зборови звучеа убедливо и вознемиреноста попушти. Сепак, неизвесноста и натаму царуваше. Дојде ред на Ангел да го внесе својот сандак заедно со Тракиецот. Пред нив одеше римски легионер. Случајно или не, тоа беше токму неговиот земјак Бизалтиецот, кому му помогна кога беше каснат од змија. Влегоа во пештерата. Отпрвин мораа речиси да лазат. Потоа можеа и да се подисправат. Чудесни предели се осветлија во пештерата околу нив. Се движеа полека по нерамната површина. Шилести камења со секакви форми растеа од земјата и од таванот. Но, мораше да внимаваат на секој чекор, па не можеа многу да ги разгледуваат. Изодеа така околу цели два стадиуми. Како да влегуваа од една одаја во друга. Фантастично дело на природата... Наеднаш легионерот им нареди да застанат. Со помош на светлината од факелот видоа дека таму се наредени дел од сандаците што беа внесени пред нив. Го ставија и тие својот. Од претходните робови немаше ни трага. На Ангел му олесна. Можеби и навистина ги пуштаат од другата страна? Римскиот војник сега им нареди да одат пред него. Ангел врвеше прв со кратки чекори поради врзаните нозе и тој го носеше факелот. Тракиецот беше

неколку чекори по него, а на крајот одеше легионерот. Поминаа уште околу два стадиума низ ниските одаи на пештерата. Ангел изброја вкупно дванаесет такви одаи. Речиси секаде имаше оставено по нешто од она што го носеа робовите. Капки вода од таванот им ги задеваа испотените тела и одвај дишеа. Наеднаш мала светлина се појави спроти нив. Ангел отпрвин се израдува. Значи нема да завршат во пештерата. Радоста бргу му ја замени нејасен страв, што му се вгнезди во коските. Светлината стануваше се поголема и отворот на пештерата изникна пред нив. Тракиецот се насмеа. Војникот им нареди да излезат. Ангел излезе прв. Предвечерната светлина за миг му го замати погледот. Излезе и насмеаниот Тракиец. Наеднаш се здрви. Насмевката му се заледи на испотеното лице. Само што стапна надвор, остриот меч на легионерот му се зари во слабината. Ангел се сврте и смртната насмевка на Тракиецот му се закова во погледот. Веднаш сфати што се случува. Значи, овде ги убиваа... Се обиде да побегне, но нозете му беа врзани. Само дотрча до една грмушка десно од отворот. Таму се сплетка и падна. Но, не на земја, туку врз нешто меко. Искривени мртовечки лица на заклани робови му го замрзнаа мозокот. Тоа беа робовите кои пред нив влегоа во пештерата. Овде ги колеа... Легионерот летна по бегалецот. За миг го стаса и се најде над него. Го крена својот крвав меч за да го зарие во телото на паднатиот Ангел. Тоа беше крај!... Додека го гледаше кренатиот меч на легионерот, Ангел го стрелна со погледот директно в очи. Од грлото му се испушти:

- Bonus. Socius paganus… (*Збогум, земјаку мој*).

Раката на легионерот се стаписа во воздухот. Неколку мига траеше неизвесноста. Се гледаа неодре-

дено. Едниот жртва, а другиот убиец. Тогаш, нешто подолу од излезот од пештерата, се слушнаа гласови на други легионери. Тоа беа оние кои веќе ги беа убиле своите робови. Се собираа подолу и го чекаа Бизалтиецот. Беа близу, но поради густата вегетација, не можеа да се видат. Го довикуваа. Ангел сиот се напна во својата немоќ. Легионерот уште за миг се колебаше, а потоа викна:

- Hac sum! (*Овде сум!).*

Истовремено со тивок глас му рече на Ангел:

- Vos exsisto per! (*Биди мирен*!).

Ангел го погледна во недоумица.

На легионерот лицето му затрепери. Стана и му рече:

- Iacio hic quod non permoveo! Simulatio ut vos es mortuus! (*Лежи овде и не мрдај! Прави се дека си умрен!*).

Ангел не можеше да поверува во тоа што го слушна. Сепак време за губење немаше. Климна потврдно со главата. Во овој негов гест беше содржана и целата благодарност кон легионерот. Овој му покажа со гест да се измачка со крв од убиените и да не мрда. Ангел како во бунило го послуша. Речиси несвесен за тоа што го прави, се измачка со крвта на Тракиецот, па легна под него. Бизалтиецот почека Ангел убаво да се намести, а потоа погледна кон небото како да се моли на боговите и веднаш замина кај останатите легионери, кои во меѓувреме пак го повикаа.

Ангел се скамени. По кратко време крај него падна уште еден труп на убиен роб. Па уште еден, па уште два... На моменти му се идеше да излезе и да вика на сет глас... Поарно да го убијат отколку да лежи вака покриен со мртовци... Но, тогаш којзнае од каде во мис-

лите му долетаа насмеаните лица на жена му и синот. Стегна заби решен да издржи... Немаше претстава колку време помина во оваа пеколна положба. Се обидуваше да не мисли на тоа што се случува околу него. Труповите и натаму паѓаа. Воедно се слушаше и вревата од легионерите кои подолу се собираа. Има ли крај овој ужас?... Мора да издржи! Страотна борба се водеше во неговите мисли. Од една страна ужасот што го тераше да побегне што подалеку од мртовците, а од друга сознанието дека ако се обиде да го стори тоа и ако го видат легионерите, и самиот ќе биде мртовец. И не само тоа. Ќе му наштети и на Бизалтиецот, кој му го спаси животот, па и него веројатно ќе го убиеја. А, жената и детето? А Ливија? Пак си повторуваше дека мора да издржи!... И конечно дојде спасот. Труповите престанаа на паѓаат. Вревата од легионерите прво почна да се оддалечува, а потоа целосно стивна. Сфати дека заминаа. Сепак реши да почека уште извесно време. Откако се увери дека и навистина заминаа, се извлече од под труповите. Инстинктивно погледна околу себе... Морници му ја полазаа збунетата свест. Десетици робови заклани лежеа наоколу. Почувствува мачнина. Стана избезумен и панично почна да се тркала надолу по грмушките и тревата. Се смири на една чистинка. Полека почна да си доаѓа во себе. Незапирлива радост го обзеде како мало дете. Заплака од ќеиф. Успеа! Успеаааа! Стопати му се заблагодари на својот Бог Исус... И на убавата Ливија..., Сигурно дека ќе ја посети еден ден... Колку мали му беа шансите, но ете, успеа... Благодарение на легионерот, негов земјак, кој му го поштеди животот. Господ нека му донесе среќа нему и на неговото семејство... Сепак, мораше да мисли и на реалноста... Мораше да биде крајно

внимателен. Да не налета на римските војници. Наслушна околу себе. Сфати дека во блиската околина нема никој. Воздивна. Со еден остар камен се ослободи од јажињата околу рацете и нозете. Се сети на товарот што го носеа. Сакаше да дознае што има во сандаците. Можеби и да понесе нешто со себе. Пак наслушна. Откако сфати дека во блиската околина и навистина нема луѓе, колку што може повнимателно, се врати кон излезот од пештерата. Отпрвин не го виде. Како в земја да пропаднал. Потоа сфати. На тоа место имаше натрупано грмушки. Ги растргна со голи раце. Залудно. Влезот беше затворен со огромни камења. Речиси зasидан. И добро сокриен. Значи, тоа им бил планот на Римјаните. Да го скријат овде тоа што го донеле, а потоа да ги убијат носачите за да нема сведоци. Ги убиваа кај излезот на пештерата за да не видат останатите робови што се случува, па да не се обидат да кренат бунт. Не можеше да стори ништо. Реши да замине. Да се прибере дома, кај жена си и детето и да го заборави сето ова. Жедта и гладот веќе почнаа да му ги нагризуваат грлото и стомакот. Потскокна од радост кога случајно наиде на еден бунар. Од каде бунар во планината? Не е важно. Чувствуваше дека е во состојба целиот да го испие. Се стрча како луд. Залудно. Радоста се престори во тага. Бунарот беше пресушен. А и да имаше вода, немаше начин да ја дофати. Продолжи разочаран. Но, пак имаше среќа. Налета на капини. Алчно им се нафрли и малку си дојде во себе. Потоа продолжи. Нозете му беа капнати. Помина така околу пет стадиуми низ планината. Стигна на една височинка кога погледот му го сврте јатото птици во далечината што кружеа околу нешто. Беа можеби околу еден стадиум оддалечени од него. Наслуш-

на добро, но освен нивниот џагор, оттаму не доаѓаа никакви други звуци. Се двоумеше дали да појде. Жедта го мачеше. Не можеше да ја смири со плодовите. Можеби кај птиците имаше извор штом таму кружеа. Ако имаше луѓе, ќе се слушнеше зборување. Сфати дека нема опасност. А и жедта го притискаше. Реши да појде, но крајно внимателно. Без да прави врева додека оди, затскриен зад грмушките и дрвјата, се доближи на околу половина стадиум од местото каде што кружеа птиците. Се загледа колку што може подобро. Му изгледаше дека на тревата се расфрлани некакви партали. Почека уште малку, а откако повторно се увери дека нема луѓе во близина, штом птиците слободно кружеа, реши да се доближи уште повеќе. Внимателно се симна и дојде до самото место. Кога го видоа птиците со уште поголема врева се разлетаа околу него. Инстинктивно почна да ги брка, мавтајќи со рацете. На неговото изненадување немаше крај кога на чистинката здогледа голем број трупови. Десетици на број. Но, ова не беа робови. Беа војници. Римски војници. Легионери. Никогаш не беше видел толку убиени Римјани. Што им се случило? Кои се тие? Откако се спушти среде нив, талкаше наоколу за да се обиде да сфати што станало. Наеднаш се сепна. Еден од убиените му беше познат... И уште еден... И уште еден... Дојде до зачудувачко сознание. Убиените легионери, повеќето од нив прободени со стрели, а некои заклани, беа токму војниците што со месеци ја следеа неговата колона... Тоа беа крвниците што ги убија робовите. Сега и ним им дошол крајот. Неверојатно! Кој ги убил? Извади една стрела забодена во ливадата. Добро се загледа во неа. Немаше сомнение. Тоа беше римска стрела. Значи самите Римјани си ги убиле своите војници... Ги

начекале на чистинката и ги гаѓале со стрели. Потоа ги докусуриле со своите мечеви. Чувствуваше задоволство поради убиените легионери. Ако им е! Тие со месеци го малтретираа и мачеа. Се прашуваше зошто тоа им се случило. Наеднаш му текна. Пештерата! Со убиството на робовите и на римските војници, никој веќе немаше да знае каде е таа и што има во неа закопано. Се стресе од вакото сознание. Беше сигурен дека убијците на овие легионери не знаеле кого и зошто убиваат. Веројатно им било кажано дека тоа се отпадници од римската војска кои побегнале во планината и кои треба да бидат убиени. Шетајќи низ труповите го виде и трупот на центурионот. Беше прободен со три стрели. Како да сакале убијците да се осигураат дека е мртов. До него лежеше и ѕвездочитачот. Со ококорени очи насочени кон небото. Небаре чекаше да се стемни, па да продолжи да ги брои ѕвездите. Беше прободен со меч во стомакот. Од состојбата на труповите Ангел сфати дека овој масакр се случил не многу одамна. Немаше сомнение дека римските војници што го беа извршиле, ќе се вратат со робови за да ги соберат труповите. Затоа мораше што побргу да замине. Забрзано тргна, но наеднаш застана. Се сети на Бизалтиецот. Мора да го најде. Тој му го спаси животот. Вечно ќе му остане должен. Не знаеше зошто, но чувствуваше потреба да го побара. Почна морбидното пребарување низ труповите. Прво почна од левата страна на ѕвездочитачот. Залудно. Таму го немаше. Потоа се врати и почна од десната. Тука беше. Наблизу. Како не го виде пред тоа? Бизалтиецот лежеше неколку чекори десно од ѕвездочитачот. Лицето му беше речиси забодено во тревата. Небаре беше сплотен со родната земја на своите родители. Од крвавите плеќи извираше долгата рачка на

стрелата. Како да беше изникната од таму. Го преврте настрана. Неверојатно! Бизалтиецот се уште дишеше. Ангел за миг се израдува. Посака да му помогне. Му ја потфати главата со десната рака. Го потчукна по образот. Веднаш сфати дека е залудно. Бизалтиецот ги голташе последните воздишки на овој свет. Одвај ги отвори очите.

- Ego vadum addo vos aqua... (*Ќе ти донесам вода*)... - му рече Ангел и посака да го остави за да ја донесе мешината што беше фрлена потаму.

Бизалтиецот со последните сили го стегна за туниката, не дозволувајќи му да замине. Потоа со растреперена рака покажа со прстот кон мртвиот ѕвездочитач што лежеше потаму. Тешко дишејќи со очаен поглед, што ја параше свеста на Ангел, низ исушените усни изусти

- Хламида... Хламида... Кнуман... баго балајо (*на јазикот на античките Македонци*: *Хламидата, хламидата... Хумка... Благото... Великиот...*).

Не го доврши зборот. Погледот му замрзна. Раката со која покажуваше кон ѕвездочитачот, омлитаве и падна на земја. Му умре на рацете. Ангел го раздрма, надевајќи се дека ќе му ја поврати свеста. Предоцна. Бизалтиецот се пресели на оној свет. Го остави да лежи настранет (поради стрелата што му беше зариена во грбот) и му ги затвори очите. Се исправи над него, погледна кон небото и се помоли за неговата душа. Потоа помисли да го погреба. Бргу се предомисли. Ако го погребаше, тие што ќе дојдеа по труповите, ќе знаеја дека некој бил овде. Сигурно дека ќе следуваше потрага, па можеби пак ќе го фатеа. Реши некако да го овековечи својот спасувач, но не знаеше како. Дури ни името не му го дозна... Погледот пак му застана врз ѕвездочитачот.

Бизалтиецот несомнено покажа кон него. Сакаше нешто важно да му каже. Но, што? Немаше многу време, па Ангел се упати кон телото на старецот. Веднаш забележа дека му недостасуваше торбата од која никако не се делеше. Првиот збор на Бизалтиецот можеше да значи само едно - *хламида* или наметка, она што се *клава* врз раменатa, каква што впрочем носеа речиси сите Римјани. Да не е нешто поврзано со неа? Ѕвездочитачот лежеше на грб, врз својата наметка, па Ангел го сврте и неговото тело. Не беше сигурен зошто, но за секој случај ја пребара неговата "хламида". Сфати дека има нешто во неа. Наиде на скришен процеп и бркна во него. Свиткан папирус му се најде во рацете. Наеднаш од далечината ветерот донесе гласови на поголем број луѓе кои очигледно доаѓаа наваму. Ангел скокна на нозе. Немаше време ни да размислува. Доаѓаа Римјаните со робови за да ги соберат телата. Миговно погледна наоколу. На убиените им беа земени оружјата, но не и опремата. Грабна една мешина со вода и побегна од местото на ужасот.

Дојде на безбедно растојание. Се сокри под едно дрво и седна да размислува. Бргу го одвитка папирусот. Мноштво од зборови, знаци и цртежи го плеснаа в лице. Мораше добро да се концентрира за да ги прочита. Помисли и на последните зборови на Бизалтиецот. Тие беа кажани на неговиот мајчин македонски јазик. Што ли можеа да значат?... Наеднаш се сети! Да! Како не му текна порано? Разиграните зборови се појасно му го откриваа страотното сознание! Морници повторно му полазаа по телото! Неверојатно! Бизалтиецот му ја откри страшната тајна! Онаа за која пишуваше и во папирусот. Никој не лаже на смртниот час. Немаше сомнение дека Бизалтиецот му ја соопшти вистината! Небаре чекаше некому да

му ја пренесе, а потоа да ја испушти душата. И токму тоа се случи. Му ја кажа на Ангел и си умре. Големата тајна! Преголема за обичните смртници! Сакаше и тој да им се одмазди на Римјаните. Верно им служеше во нивната војска, а тие го убија. Како куче. Поради тајната. Сакаа никој да не ја дознае. Но, се излагаа. Му ја кажа на Ангел. И тоа на нивниот јазик, кој сосема малку го знаеше. За инает на Римјаните! Последните зборови ем ги кажа на својот јазик, ем им ја откри тајната. Онаа што беше запишана на папирусот. Во скриениот џеб на ѕвездочитачот. Тоа е тоа. Нема друго. За време на масакрот тие стоеле недалеку еден од друг. Додека ги гаѓале со стрели, Бизалтиецот јасно видел како ѕвездочитачот, свесен дека ќе умре, го вади папирусот од својата торба и го крие во тајниот џеб на наметката. На хламидата. Потоа бил убиен. Торбата му била земена, но најважниот папирус остана. Оној што ја криеше големата тајна за која му кажа и Бизалтиецот. Ангел не можеше да си дојде во себе од тежината на ова сознание. Значи, тоа е причина за сите овие масакри! Се уплаши од самата помисла дека го знае сето ова. Долго му требаше да се смири.

Уште една ноќ Ангел помина во планината, а потоа наиде на овчари кои му кажаа каде да оди. По неколку дена веќе беше дома. Во селото близу Билазора. Причека да се стемни, а потоа прекапан, но и пресреќен, тропна на вратата од својот дом. Жена му му отвори и кога го виде за малку ќе паднеше во бесознание. Потоа го прибра и го стави в постела. Му стави мевлем на раната, му даде да јаде и пие. Долго плачеа. И синчето беше овде, живо и здраво...

Кога закрепна, прво што направи, врз зајачка кожа ги препиша знаците и зборовите од папирусот. Одамна умееше да пишува, правејќи си сам течност за пишување од треви. Потоа, колку што може подобро го означи местото на пештерата. Додека пишуваше, се сети за анонимниот Бизалтиец, кој му го спаси животот. Размислуваше како да му се оддолжи... Не успеа да смисли ништо посебно. Само го запиша името "BISALTAE" во негова чест. Долго време помина над знаците. Интересно. Некои од нив ги знаеше од своите предци, а некои беа египетски. Нив ги научи од робовите Египјани. За секој случај во преписот на зајачката кожа уфрли и неколку маскирни зборови и знаци. Тие имаа за цел да го збунат тој што би дошол во посед на зајачката кожа пред тој да се врати кај пештерата...

Ангел (или како што го викаа Римјаните Ангелус) никогаш не се врати на планината каде што се случи масакрот на робовите и на римските легионери. Почина ненадејно недолго по враќањето. Синот му беше премал за да му ја открие тајната. Само на жена си Лика и кажа по нешто за своите доживувања на планината. Но, не успеа да и пренесе сосема се. Смртта го претекна. Не успеа во детаљи да и ја пренесе тајната. Подоцна Лика сознанијата ги пренесе на синот, кој откако порасна, превзеде два безуспешни обида да ја открие пештерата. Не успеа затоа што не можеше сосема точно да ги протолкува тајните знаци што ги остави неговиот татко, Но, зајачката кожа остана, заедно со споменот за Ангел кому...

***

... од левата и од десната страна стоеја двајца непознати војници. И тие беа заробеници како него. Ед-

ниот беше полничок со дебели образи и плачеше како мало дете, а другиот, слаб и испиен во лицето, се тресеше небаре е среде зима. Ангел се двоумеше дали да ги смирува или да почне и тој да плаче. Беа наредени по тројца во бескрајна колона... Беше средина на лето, 1014 година. На подножјето на Беласица вриеше како во пекол. Еден по еден ги водеа зад карпата, која беше двае-сетина метри оддалечена. Ужасни врисоци оттаму го параа воздухот. Беше неиздржливо. Ангел не знаеше што им прават таму, но морници го лазеа со секој нов врисок. Додека така размислуваше, дојде ред и на нив. Двајца непријателски војници, како подмолни sверови, молкум го грабнаа прво дебелиот што плачеше. Кутриот почна да прета колку го држи силата. Врескаше и ги молеше... Ги колнеше да не го водат зад карпата. Кога видоа дека двајца не можат да го совладаат (иако беше врзан), еден од непријателските војници повика уште свои другари. Тие веднаш дотрчаа и почнаа да го тепаат. Ангел слушна дека некои од нив зборуваа грчки, а некои на неговиот јазик. Посака да ги повика тие што зборуваа како него, но еден друг непријателски војник го спречи исправувајќи го врвот од своето копје пред неговиот врат. Ангел инстинктивно застана и се сврте зад себе. Непрегледна колона заробени војници му го окупира погледот. Сите беа наредени по тројца. Беа соблечени на долни алишта и беа изврзани со цврста ортома. Беа опколени со жива ограда од непријателски војници во оклопи. Некои од заробениците го погледнаа кога тој се сврте кон нив. Страв и избезуменост царуваше на упла-шените лица. Времето како да застана.

- Симо ми изгибати! (*Овде ќе загинеме!).*- викна до него сувиот што се тресеше од страв. Чудно. На Ангел

мислите за миг му побегнаа од реалноста. Од ова што го кажа заробеникот што се тресеше, Ангел заклучи дека потекнува од јужните краеви... Сакаше да го праша од каде е, но веднаш се врати во суровата стварност. Двајца од непријателските војници како карпи изникнаа пред него.

- Ένα κρυμμένο. Είναι τυχερός (*Сто. Овој има среќа.*) - рече едниот, потсмевнувајќи се. И тој беше слаб и висок. Наликуваше на сува слива.

- Грсети сто! (*Одиме стоти!*) - одговори другиот и го грабна под лактот. Овој изгледаше сосема нормален и Ангел не можеше да забележи ниту еден интересен детаљ кај него.

Тргнаа. Ангел почувствува како нозете и нему почнаа да му се тресат. Двајцата sверови го водеа кон карпата од каде ужасните извици ја обременуваа природата. Иако беше ден, на Ангел му се чинеше дека е темница. За миг пак мислите му побегнаа од реалноста. Едниот од sверовите, оној "нормалниот", зборуваше на неговиот јазик, иако со јужниот дијалект. Посака да го праша нешто. Да помуабетат малце. Да му каже дека и заробениот војник што се тресеше го зборува истиот дијалект... Потоа посака да позборува и со Ромејот. Оној што наликуваше на сува слива. Знаеше по нешто и од неговиот јазик... Не се почувствува способен да каже ниту збор. Непријателските војници молкум спретно го влечеа, стегајќи го под мишките, кон местото на ужасот.

Наеднаш како земјата да се отвори под него. Тоа што Ангел го виде не можеше ни на сон да го замисли. Ако постоеше пекол на земјата, тогаш тоа беше овде, на планината Беласица, во таа проклета 1014 година. Зад карпата на ужасот имаше чистинка. На левата страна беа

исполегнати стотина мажи, заробеници од неговата војска, кои врискаа, претаа и запомагаа на сет глас. Отпрвин не можеше да види каква мака имаат. Потоа сфати. Неверојатно! Сите се држеа за очите. На некои им лиеше крв од очните дупки и се превиткуваа по земјата како заклани кокошки, а некои лежеа онесвестени или умрени со згрутчена крв низ лицето. Околу нив имаше бројни непријателски војници кои ги спречуваа оние што претаат да го напуштат кругот. Небаре се плашеа дека ќе им побегнат... Ги клоцаа и ги враќаа назад... Немаше сомнение. Неговите соборци овде ги ослепуваа. Тоа го чекаше и него. Нозете му се отсекоа. Сепак не падна на колеици. А и да сакаше не можеше затоа што двајцата sверови цврсто го стегаа под мишките. Фигурите пред него како наеднаш да се смалија. Земјата се преврте. Во стомакот почувствува мачнина. Не можеше да ја задржи. Поврати. Непријателските војници што го водеа се потргнаа да не бидат извалкани. И натаму го стегаа под мишките. Со забрзани чекори го одведоа пред еден крупен испотен sвер зад кој пламтеше висок оган. Sверот во рацете стегаше вжарен меч. Наеднаш зад Ангел се појави уште еден sвер кој цврсто го стегна со раката околу вратот. Успеа само да забележи дека тој беше понизок и ќелав.. Сега воопшто не можеше да мрда, а немаше ни сила. Знаеше што го чека. Не сакаше ликот на sверот што ќе го ослепи да биде последната глетка од овој свет. Погледна кон небото. Се сети на Господ. Предоцна. Немаше време ни да се помоли. Sверот го втурна вжештениот меч кон неговото лице. Ужас. Неиздржлива болка. Врисок. Темница...

Не се знае колку време лежеше онесвестен. Почувствува како некој го тресе во обид да го освести.

Грозно лице со крвав партал преку едното око беше првата глетка што го ошамари.

- Заповедниче! - викаше грозното едноoко лице, тресејќи му ја главата.

Ангел не можеше да се сети што е случило. Кој е овој што го вика? Полека почна да си доаѓа во себе. Болката од окото се уште го печеше... Чекај! Се сети! Sверовите! Но, зарем не е слеп? Може гледа...но, некако чудно... Претходно не гледаше вака... Сите овие мисли в миг му прелетаа низ полуосвестената глава. Потоа почна да сфаќа. Искривеното едноoко лице беше на војник од неговата војска. Набрзина му објасни што се случило. Sверовите ги ослепиле сите заробеници. Неброени илјади... На секој стоти му оставиле по едно око. И си заминале. Ги оставиле слепи да се вратат кај својот цар. Еднооките требало да ги водат по патот. Затоа го викаа. Секој што имаше по едно око им беше насушно потребен. Да ги води останатите. Да им помага. Кога се исправи на нозе, од она што можеше да види со едното око, Ангел посака никогаш да не станеше. Врисоци, лелекања и запомагања од сите страни. Неиздржливо! Ослепените се уште во шок, не можеа да си дојдат во себе. Некои талкаа наоколу избезумени. Некои се држеа еден со друг. Некои запомагаа, викајќи ги имињата на своите најблиски. Од стотината кои ги оставија со по едно око, најголемиот дел се трудеа да помогнат колку што можат. Прво што презедоа е преврзувањето на очите на ослепените. Да не им се загадат раните. Кинеа од облеката на секого од нив и му ги врзуваа очите. Потоа се обидуваа да воспостават ред. Се трудеа да ги наредат ослепените во колона. Но, некои одбиваа. Веројатно поради лудило, маваа со рацете околу себе и запомагаа. Таквите ги оставаа на

нивната судбина. Требаше да се помага на другите. И Ангел веднаш се зфати со работа. Впрочем, тој беше командант. Имаше организаторски способности. Прво си ја преврза сопствената рана, а потоа почна да ги преврзува раните на оние кои останаа без очи. Им кажуваше да не се плашат. Тој е нивниот командант и ќе им помогне. Ќе ги врати дома. Некои го слушаа, а некои и натаму викаа, колнеа и претаа. На таквите им немаше помош. Некои беа умрени на самото место. Долго време требаше додека да се воспостави некаков ред со оние кои останаа присебни. Се создаде стравична колона. Тргна ослепената војска...

Поминаа два дена, а Ангел се уште одеше на чело на сенишната колона. Раната од изваденото око се засуши, но болката и натаму траеше. Сепак, во сета таа мака, како да чувствуваше нејасно задоволство дека барем едното око му го оставија. За разлика од другите. Затоа еден од sверовите на грчки му рече дека тој е стоти по ред и дека имал среќа...

Повремено се свртуваше зад себе. Искривоколчените од болка ликови и одвратните поцрнети дамки од изгорено месо на местата каде пред тоа им беа очите на оние што лазеа веднаш до него, го тераа бргу да се сврти напред. Колку ли такви одеа по него? Безброј... Стравичната слика уште повеќе ја обременуваа офкањата и клетвите на ослепените... Смрдеата од изгорено месо отпрвин беше неподнослива, но потоа како да стана составен дел од оваа ужасна атмосфера... Итаа назад кон царот... Небаре тој ќе ги ослободеше од сите маки... Небаре ќе прогледаа повторно откако ќе дојдат при него...

Слепите за цело време се држеа цврсто еден за друг за алиштата. Оние со едно око внимаваа да ги водат

колку што можат по рамни патеки. Честопати некои од слепите се препнуваа и паѓаа. Веднаш ги креваа за да го продолжат патот. Имаше и такви кои паѓаа и веќе не стануваа. Таму ги оставија своите коски. Некои ја напуштаа колоната избезумени. Оние со по едно око се обидува да ги вратат. Некого успеваа, а некого го оставаа. Не можеа заради таквите да го успоруваат патот. Пиењето и хранењето на ослепените беше посебна мака. Ромејската војска им ги остави мешините со вода. Сакаа живи да се вратат кај нивниот цар. Мешините ги носеа слепите, а оние со едно око ги полнеа кога ќе наидеа крај некој извор или рекичка. Тие береа и плодови од околните дрвја и им даваа на слепите. По неколку плода секому. Доволно за еден ден.

За време на пеколното бескрајно патување на Ангел само една мисла му царуваше во главата. Мислата за преубавата Рада. Неговата свршеница. Се свршија два дена пред да појде на пат. Рада беше роднина на самиот цар и една од најубавите дворјанки. Ја запозна за време на еден прием кај царот во Прилеп, каде беа собрани првенците од Царството. Го повикаа и него. Како еден од главните воени команданти. Иако потекнуваше од кожарско семејство се посвети на воениот позив. Стигна до командант. Ете затоа го повикаа кај царот. Се договараа за одбраната на државата. Таму ја виде Рада. Царевата роднина. За време на една прошетка погледите им се сретнаа... На Ангел нозете му затреперија. Како на вљубено момче. Се гледаа со магнетска привлечност. Никако не можеше да се ослободи од нејзините светло сини очи. И таа не беше рамнодушна кон него. Ја покани на прошетка. Таа прифати. Како да имаше невидливо лепило меѓу нив. Кога се вратија пред дворецот, веќе

беше стемнето. Се наведна да ја бакне, но таа срамежливо се отргна. Му кажа дека мора да оди. Таа ноќ Ангел не можеше да заспие. Како во бунило беше опседнат со нејзиниот лик. Одвај чекаше да ја види. Така поминаа две недели во тајни средби со неа. Само се гледаа и држеа за раце. Ангел живееше како во сон. Секој детаљ од нејзината појава му беше интересен. Нејзиното битие како пајакова мрежа ја зафати целата негова стварност.

Тие денови, се прочу дека војската на ромејскиот император Васил Македонецот стигнала во близина на нивните краеви. Значи навлегла во нивното царство. Ангел не можеше да сфати зошто овој цар толку ја мрази неговата земја. Со години војуваа меѓу себе, а самиот тој, Васил, бил Македонец. Така го викаа.

Недолго потоа, двајца царски службеници дојдоа во одаите каде тој беше сместен. Му рекоа дека се подготвува голема борба со Ромеите. Истата вечер, според претходниот договор, Ангел ја побара Рада за жена. Во склад со адетите, отиде кај нејзините родители и ги праша дали ќе му ја дадат. Тој живееше со својата мајка во малото место Војница, каде имаше убава куќа. Татко му беше починат. Сакаше таму да си ја одведе Рада. Нејзиниот татко ги благослови. Среќата на Ангел немаше крај. Помисли дека нема што друго да бара од животот штом ја доби Рада. Ја закажаа свадбата за на есен. Сега само дадоа збор. Следниот ден веќе замина во борба. Мораше да се брани земјата.

Единицата што беше сместена во Прилеп, на која се приклучија и регрутирани прилепчани, се подготви за пат. Родините на регрутираните излегоа на улиците. Се поздравуваа и ги бакнуваа своите најмили кои беа подготвени да тргнат во борба. Ангел, кој јаваше на коњ,

се трудеше заедно со останатите офицери да го одржува редот. Цел Прилеп излезе да ја испрати војската. Загриженост цареше на лицата на сите. И на оние кои заминуваа и на оние кои останаа. И Рада излезе... Се прегрнаа и бакнаа... Сакаше долго да и зборува. Немаше време. Таа само му повтори дека ќе оди во Охрид, кај вујко и, додека тој да се врати. И така Ангел замина. Заедно со останатите војници и офицери. Во пресрет на непријателот...

Потоа се течеше како во некоја грозоморна приказна. По долгото патување, војската стигна на планината Беласица. Во пресрет на Ромеите. Таму ги начекаа во заседа. Настана вистински масакр. Ангел и сега чувствуваше болка во главата кога помислуваше на сите ужаси што им се случија. Потоа дојде заробувањето, па ослепувањето... Проколнатата колона сега врвеше назад кон својот цар. Во пренапнатата свест, понекогаш се прашуваше зошто добија волку сурова казна? Како некој да беше фрлил проклетство врз целиот народ... Најмногу мислите му пловеа кон Рада. Таа сега му изгледаше како што му изгледа извор со студена вода на некој прежднет талкач низ пустина. На мигови го јадеше и црвот на сомнежот. Тие се уште не беа формално оженети. Таа е убава и млада, а тој сега е грозен инвалид. Што ако го остави? Што ќе прави тогаш? Ваквите мисли го фрлаа во очај. Го продолжи патот со мешани чувства на страв, лутина и очај, кои како да се натпреварува меѓу себе кое од нив ќе му направи поголема штета.

Некаде на половина пат кон Прилеп, наидоа на првите единици од својата војска. Избезумените војници, откако се совземаа, им помагаа во одењето. Најтешките случаи ги ставија на носилки, а на некои им ги отстапија

своите коњи. Им дадоа чиста вода и храна. Така заедно се упатија кон престолнината... Кај царот... Старо и младо од Прилеп излезе да ги пречека. Жените си ги кубеа косите и плачеа... Децата уплашено зјапаа, а мажите се трудеа да им помогнат. Наеднаш некој викна дека царот разбрал за нивното доаѓање. Ангел, кој одеше прв, се упати кон царската палата. Влезе и се фрли на колена пред својот избезумен господар. Одвај успеа да изусти:

- Царе! - а потоа се струполи онесвестен.

Потоа на раната на изваденото око му ставија мевлем и малку си дојде во себе. Набргу стигна и Рада од Охрид. Долго плачеа кога се видоа.

Останаа уште извесно време во Прилеп. Ангел имаше уште една средба со царот. Се знаеја добро. Пред само три месеца Ангел му го подари на царот највредното нешто што го поседуваше. Бесценета реликвија наследена од своите предци. Со генерации чувана и препишувана. Создадена во прастарите времиња... Сакаше со тоа да помогне на Царството.

Предоцна. Недолго по битката на планината Беласица, царот падна во смртната постела. Не можеше да го издржи ужасот. Пред да ја предаде душата, го повика Ангел во својата одаја... Насамо... Му подаде дрвена кутија... Нему, на својот верен војсководител и благородник... Му го врати тоа што овој пред извесно време му го подари... Но, сега во поинаква форма... Му кажа дека нема доверба во својот наследник... Нека го чува предметот за идните времиња... И му кажа уште нешто што Ангел го запомни до крајот на својот живот, Му се довери дека Ромеите никако не смееле да ја освојат Беласица. Таму била големата тајна... Тоа му го соопштиле царските мудреци... Затоа испратил толкава војска токму

на таа планина. Да не им дозволи на Ромеите да стигнат до таму... Да не биде предоцна... Овие зборови царот ги кажа со последните сили, па на Ангел не му беше згодно да поставува дополнителни прашања, иако не беше сосема сигурен дека разбира за што се работи... Недолго потоа царот Самуил ја предаде својата душа на Господ. Умре од тага по своите ослепени војници...

Ангел честопати го набљудуваше предметот од дрвената кутија. Да, таму беше истото тоа што тој претходно му го даде на царот. Само овојпат подобро заштитено и овековечено. Пресоздадено во поинаква и почудна форма. Дали со овој предмет беше поврзана неразбирливата исповед на царот? Тоа не го знаеше, но реши оваа тајна да остане чувана во неговото семејство... Се додека им трае породот...

По смртта на царот, Ангел се прибра со Рада во својата Војница. И предметот го зеде со себе и добро го сокри. Рада со ништо не покажа дека и пречи тоа што нејзиниот свршеник остана без око. Единствено не направија свадба каква што планираа. Следната година им се роди син. Ангел веќе не се делеше од своите жена и дете. Уште пред тоа ја напушти војската и се врати на кожарскиот занает што го негуваа неговите претци. Изгледаше грдо без едно око, на чие место сега зјаеше грозен белег. Но. Рада му му ја пружи целата љубов и внимание. Во наследниците на Самуил немаше доверба, па реши со нив да не соработува. И навистина. Неполни четири години по смртта на царот, државата им се распадна. Ромејската војска целосно ги завладеа нивните краеви. Чудно, немаше одмазда од нивна страна. Во неговото село ромејските војници не влегоа, но кога одеше на пазар во градовите, наидуваше на припадници

на војската против која своевремено и самиот војуваше. Мнозина од нив беа од неговиот народ...

Така Ангел си го проживеа својот живот со жената, детето и целодневната работа.

Поминаа цели дваесет години. Синот веќе порасна и стаса за женење. Ангел и натаму си го тераше кожарството. Еден ден, на пазарот во Стипион, му се случи нешто што го потресе до коска. Денот убаво му тргна. Ги продаде сите кожи што ги понесе со себе. Само што се подготвуваше да замине за Војница, обидувајќи се да се пробие низ масата народ на пазарот, наеднаш почувствува како некој го тегне за кошулата. Инстинктивно се сврте. Средовечна неуредна и извалкана жена стоеше пред него.

- Милост. - му рече таа, пружајќи му ја својата отворена шака како да проси.

Ангел помисли дека од овие просјаци никаде нема мир. Некои од нив и навистина беа за жалење, но имаше и такви кои се преправаа. Сепак, тој на сите им даваше по нешто. Бркна во џебот и токму кога сакаше да и даде некоја ситна пара, забележа зад неа уште еден човек. Го загледа подобро. Наеднаш доживеа шок! Загуби рамнотежа и одвај се одржа на нозе. Зад просјачката стоеше нејзиниот маж. И самиот просјак, неуреден, со долга коса и брада. Послушно се држеше за нејзините алишта. Но, тој беше слеп! Обете очи му беа извадени и наместо нив само зараснати дупки зјаеја. Ангел ја потргна жената и го загледа подобро. Во искинатите и извалкани партали, во кои беше облечен просјакот, се уште се препознаваа траги од некогашната горда воена униформа на неговата војска... Ангел почувствува грутка во грлото... Солзите незаприливо јурнаа низ неговиот образ.

- Милост господару! - повтори просјачката, се уште пружајќи му ја раката во знак на просење.

Ангел како да се врати во реалноста. Погледна во неа, а потоа инстинктивно ја извади раката од џебот со ситната пара што сакаше да и ја даде. На просјачката очите и се раширија од радост, во надеж дека ќе и ја даде парата. Ангел погледна во парата, но наместо да и ја даде, ја врати во џебот. Просјачката зачудено го погледна. Веднаш потоа тој бркна во внатрешниот џеб и оттаму го извади ќесето со целата заработувачка од тој пазарен ден. И го тутна во рацете.

- Земи го ова и сокриј го.

Просјачката збунето го погледна. Слепиот просјак се уште стоеше мирно, не знаејќи што се случува околу него. Просјачката се наведна да му бакне рака на Ангел, но тој не и дозволи, се сврте и замина низ толпата.

Се врати дома сиот потресен и и раскажа на Рада за случката. Оттогаш целосно се повлече во себе. Стана молчалив. Единствено понекогаш, вон погледите на своите најблиски, го земаше предметот што му го даде царот. Го загледуваше и во него како да се будеше некој заборавен и одамна изгаснат оган што го потсетуваше на младоста, на воената кариера, на царот, на пропаднатата држава... На се што загуби.... Небаре овој предмет имаше некоја волшебна моќ сето тоа да му го врати. Барем во мислите... Размислувајќи така Ангел...

***

... не забележа кога двајца милиционери го зграбија под лактите. Како да изникнаа од земја зад него.

- Полази бандо! - викна еден од нив.

"*Што ќе ми правите сега бе да ви ебам мајката*!" - помисли Ангел, погледнувајќи недоверливо ту во едниот, ту во другиот милиционер. Едниот беше црн и висок. На Ангел му личеше на сува слива. Другиот беше, така да се каже, "нормален". Кафеави коса и очи. И ништо посебно. Ангел не успеа да најде ниту еден поинтересен детаљ во неговата појава. Го грабнаа и го кренаа на нозе. Потоа го отфрлија нанапред, ставајќи му до знаење каде треба да оди. Беше сигурен дека го чека нешто лошо. Сепак не проговори ништо, туку послушно тргна. Беше цврсто решен да ги издржи сите понижувања и навреди. Откако ќе завршеше оваа 1951 година, му останува уште цели пет години да одлежи на Голи Оток... Потоа ќе се врати дома. Помислата на жена му и на двегодишното бебе Борче го полнеа со неисцрпна енергија да издржи. Влечејќи се, тргна кон бараката на управникот на логорот. Беше капнат од носење тешки камења по суровите остри патеки. Сепак знаеше дека мора да издржи. Нога за нога, со стегнати заби, киниса кон бараката. Како што наближуваше до бараката нозете му стануваа се потешки. Не смееше да успори затоа што околу него во чекор одеа двајцата милиционери. Влезе во канцеларијата и застана пред единственото биро во неа.

- Друже управник, јавлам се на рапорт. - рече Ангел, одвај држејќи се на нозе.

Управникот на Голи Оток Анте Раштегорац не го ни погледна. Продолжуваше нешто да пишува на своето биро. Ангел знаеше дека ова е вообичаена постапка за негово понижување, па реши да молчи. Сепак не знаеше зошто е повикан. Управникот наеднаш престана со пишувањето. Стана и се упати директно кон него.

Застана на чекор подалеку, внесувајќи му се в лице. Ангел знаеше дека не ќе е на арно и беше подготвен на се. Анте Раштегорац беше мошне суров човек. Ангел и натаму не знаеше зошто е повикан. Не требаше долго време за да дознае.

- Опет си причао о нашој партији? Мајку ти твоју издајничку! - вресна управникот Раштегорац.

- Нисам причао друже управник... - се обиде да се оправда Ангел.

- Ќути, мајку ти твоју! Јучер си говорио да је наша партија издајничка. Јели тако, а?

Ангел молкум ја наведна главата. Знаеше дека што и да каже ќе биде залудно. Вчера и навистина со уште двајца логораши, негови земјаци, зборуваа за политика. Тие двајца со најостри зборови ја напаѓаа комунистичката партија. Тој кажа дека не се сите комунисти виновни, туку само некои од нив. Не ги нарече "предавници", туку само рече дека некои од нив застраниле. Не веруваше дека заради тоа ќе го повикаат на одговорност. Конечно, двајцата соговорници му беа земјаци... Но, ете, испадна дека тие биле провокатори, кои се преправале дека ја "напаѓаат" партијата пред него, само за да слушнат што ќе каже тој. Така и оваа негова изјава, т.е. "полу-критика" ја кажале на надзорниците, а овие го пријавиле кај управникот. Сега знаеше дека што и да каже во своја одбрана ќе му биде залудно. Реши да молчи. Но, тоа уште повеќе го изнервира Раштегорац:

- Ово ти није први пут... Срам те било. Партију вријеђаш, која те је извукла из блата и школовала... Е видјет ќеш ти свога Бога... Носите банду одавдје! Знате веќ гдје... - викна управникот кон стражарите.

Двајцата милиционери подготвено го фатија под лактите и го исфрлија надвор од канцеларијата. Потоа му наредија да се врати во Шестата барака каде беше сместен. Ангел одвај се исправи на нозе. Тргна полека со двајцата милиционери зад себе. Како да му беа натоварени на грб. Сонцето неиздржливо печеше. Потта лиеше од Ангел како да беше излегол од море. Се влечеше чекор по чекор врз вжештените остри камења. Кога наближи кон бараката наеднаш пред очи му се појави влезот во пеколот. Шпалир од стотина логораши беше поставен непосредно пред бараката. Тоа беше познат метод за казнување на "непослушните" или (како што ги викаа) "бојкотираните". Самите логораши беа принудувани да ги тепаат своите другари кои нешто ќе "згрешеа" пред управникот или надзорниците. Логорашите беа поставувани во два реда свртени еден кон друг (како во шпалир), а "казнетиот" мораше што побргу да помине низ средината. Притоа секој од наредените беше должен да го удри или исплука колку што може повеќе. И сето тоа го набљудуваа милиционерите. Ако некој не сакаше да го удри казнетиот додека минува крај него, самиот биваше "бојкотиран". Ангел првпат се сретна со овој чудовишен жив шпалир, уште со самото пристигнување на Голи Оток, кога ги истоварија од бродот "Пунат". Така беа пречекувани сите новодојдени. Беа соблекувани голи и пуштани да поминат низ "тунелот" од побеснети логораши, кои душмански ги тепаа.

Ангел застана на неколку чекори пред шпалирот. Отчовечените лица на логорашите крвнички го бодеа. Одвај чекаа да го истурат својот бес врз него. Небаре тој им беше виновен за нивната несреќна судбина.

Неколку мига сите молчеа. Затишје пред бура. Експлозивна напнатост во воздухот.

- Хајде бандо! - викна некој од средината на "шпалирот".

Веднаш потоа и останатите се придружија кон повиците. Хор од пцости и навреди на разни јазици, се истурија врз ушите на Ангел:

- Забушанту!... Панкрт худичав! Предавнику!

Ангел тргна. Се обиде да трча, но табаните ужасно го болеа. Ги помина првите двајца од "шпалирот" кога го доби првиот удар. Беше мавнат по тилот. Потоа го пречека тупаница во слепоочницата. Па клоца и плунка. И уште два нови удари по главата. Нога по слабината... Веќе не знаеше каде е. Летаа удари од сите страни. Со раце и со нозе. Го маваа и плукаа сите крај кои помина. Пред очи миговно му парадираа познатите лица на логорашите од неговата барака. Срби, Црногорци, Словенци, Албанци, Хрвати, Босанци... Не му личеа на луѓе, туку на привиденија. Сите го тепаа и викаа по него. Но, најмногу од сите го маваа Македонците. Неговите сонародници. Од силните удари го успори одењето. Логорашите го искористија тоа, па уште пожестоко се нафрлија врз него. Почувствува дека крвари од носот и од слепоочницата. Времето како да застана. Му останаа уште неколку чекори до влезот во бараката. Чувствуваше дека не може да ги изоди. Ако паднеше, готов е. Токму кога сфати дека не ќе може да издржи, наеднаш некој силно го зграби за вратот отпозади. Се обиде да се сврти. Да види кој го држи. Познатиот лик на неговиот другар Суад, со миговна гримаса му стави до знаење да гледа пред себе. Веднаш потоа Суад силно го исфрли

нанапред кон влезот на бараката. Му помогна да се извлече од "шпалирот".

Внатре го пречека лично собниот старешнина Марко Егиќ, тежок криминалец, кој прво бил осуден на смрт, а потоа казната му била заменета со дваесет години затвор. Сега имал задача како собен старешина во Шестата барака да ја тепа "бандата" (како што ги викаа политичките затвореници на Голи Оток) за да си го отплати долгот и да биде пуштен порано на слобода. Егиќ дозволи Ангел да помине крај него, а потоа подмолно од зад грб го удри со сета сила по бубрезите. Ангел остана на нозе. Го издржа ударот на проклетиот Егиќ... Не се ни сврте. Се довлечка до валканата постела на крајот од бараката и седна врз неа. Во меѓувреме неговите крвници, почнаа да влегуваат во бараката. Успешно ја исполнија и оваа задача. Претепаа уште еден од своите сострадалници. Се чувствуваше прекапан. Целото тело го болеше. Се обиде да ја запре крвта. Немаше со што. Наеднаш влажна марамица му искрсна пред очите. Го крена погледот. Над него стоеше Суад. Оној што го исфрли кон бараката. Неговиот најдобар другар во овој пекол. Албанец од Тетовско. Затворен заради Информбирото. Беше понизок од него. Имаше бричена глава и белези по лицето. Веројатно од тепање.

- Земи. - му рече отсечно Суад.

Ангел молкум ја прифати влажната марамица. Ја стави на отворената рана на слепоочницата. Тешко воздивна. Посака да му се заблагодари. Предоцна...

- Суаде, полази на рапорт код управника. - рече еден од познатите двајца милиционери што наеднаш изникнаа зад Суад. Тоа беше оној што наликуваше на сува слива.

Албанецот зачудено се сврте кон нив.

- Али зошто?

- Помажеш банди! Добро знаш да то није дозволјено.

- Али, само сам му давао марамицу...

- Није марамица у питању. Немој да се правиш луд... Сви смо те видели.

- Не знам на што мислите...

- Помогао си банди да побегне из шпалира. Сви сте ви исти мајку вам вашу.

- Нисам му помагао друже милиционар. Ударио сам га од позади...

- Видеќемо то код управника. Хајде полази!

Суад знаеше дека нема да му помогнат никакви оправдувања. Пред да појде, се погледнаа со Ангел уште еднаш. Ангел климна со главата во знак на благодарност. Суад замина. Ангел пак остана сам. Не помина ни половина час, кога еден од двајцата милиционери пак влезе во бараката. Овојпат тоа беше "нормалниот". Логорашите застанаа мирно. Се исправи и Ангел. Милиционерот настапи по средината меѓу леглата. Како да одеше успорено. Каде ли ќе застане? Ги помина сите и запре пред Ангел.

"*Што е, пак, сега*?" - помисли Ангел. Зошто ли го бараат пак? Овојпат ништо не направи... На ум му падна една помалце смешна помисла. Можеби го викаат како "сведок" против Суад? Се насмевна во себе. Милиционерот имаше крајно сериозен израз. Беше чудно, но во неговиот поглед како да ја немаше претходната злоба. Ангел остана збунет. Милиционерот, повеќе како да го замоли, отколку што му нареди:

- Ангел, хајде за мном...

Во бараката настана молк. Ангел тргна прв, а милиционерот по него. Низ истиот шпалир од логораши, кои овојпат стоеја мирно. Излегоа од бараката. Молчеа. Милиционерот забележа дека Ангел одвај оди. Го придржа. Ангел не можеше да поверува. Зошто му помага? Што е работата? По патот го сретнаа Суад. Доаѓаше отспротива сам кон логорашката барака. Значи, се извлекол. Добро е. Ангел му се насмевна кога поминаа еден крај друг. Не смееја да зборуваат, но сакаше барем да му упати добра мисла. Се изненади кога Суад чудно го погледна. Како да го жалеше. Но, зошто? Тепањето помина. Се извлече и тој. Немаше причина за жалење. Кога се разминаа, Суад се сврте и уште извесно време гледаше по него и по милиционерот. Стигнаа до бараката на управникот. Милиционерот го воведе. Според прописите Ангел се претстави и застана пред бирото. Милиционерот се закова до влезната врата. Ангел очекуваше дека пак ќе стои неколку минути пред да му се обрати управникот, но тоа не се случи. Управникот веднаш стана, зеде една хартија и му пријде. Сериозно го погледна и му ја подаде хартијата.

- Стигла ти је телеграма. Од куќе...

Ангел не можеше да им поверува на ушите. Каква телеграма? Од кого? Зошто? Знаеше дека на Голи Оток допишувањето со домашните беше забрането. Зошто е тој исклучок? Сите овие мисли миговно му прелетаа низ главата. Зачудено погледна во управникот и ја зеде подадената телеграма. Таа беше извадена од пликот, но беше свиткана. Ја отвори и во себе прочита:

"*Ни умре нашиот Борче".* Потпис: *"Христина*."

Земјата како да се отвори под него. Таванот се сврте наопаку. Нозете му се отсекоа. Грутка му го затна грлото. За миг помисли да не е некоја шега? Да не го овие овде провоцираат? "*Те молам Господи, тоа да е...*" Попусто. Залуден обид да побегне од реалноста. Ликот на саканото двегодишно синче Борче му блесна пред очи. Солзите сами почнаа да леат. Небаре се натпреваруваа која попрво ќе излезе и ќе се стркала надолу по образите. Како во сон ги слушна зборовите на управникот:

- Прими моје саучешќе.

Му се стемни пред очи. Рикна колку го држи гласот и почна неконтролирано да плаче.

- Води га!... Дајте му седам дана поштеде... - рече управникот.

Милиционерот го придржа Ангел и излегоа од канцеларијата. По патот Ангел плачеше како мало дете. Милиционерот молчеше. Како одвај да чекаше да го одведе до бараката и да се ослободи од непријатната должност.

Само што згазна во бараката, се почувствува необично. Градите го стегнаа како со обрач. Рацете почнаа да му се вкочануваат. Не можеше да земе здив. Го виде Суад како вознемирено го гледа... Наеднаш темница...

Утредента се освести во затворската болница. Лекарот Николиќ му кажа дека преживеал помал срцев удар. Штета. Поарно ќе беше да умреше. Падна во депресија. Никако не можеше да го прежали синчето и не можеше да се помири со тоа што не е крај жена си Христина во овие најтешки мигови. Помислуваше да се убие. Не... Не смее да го стори тоа!... Христина! Тоа ќе биде премногу за неа!...

И така, постепено се препушти на најголемиот “утешител” во вакви тешки трагедии - времето. Но, гневот и тагата засекогаш останаа вгнездени во него. По извесно време излезе од болница и продолжи со работа. Му останаа уште долги години на Голи Оток. Мораше да издржи! Заради Христина... Мораше...

*

***

Свесен сум дека дел од читателите што ќе ја прочитаат сторијата што следи нема да поверуваат во нејзината вистинитост. Таквите целосно ги разбирам. Впрочем, и јас да сум на нивно место, веројатно така ќе реагирам. Настанот што ќе го опишам во продолжение е толку неверојатен, што добро е и ако само мал дел поверуваат. Но, она што е опишано во оваа книга е **вистинито**! Изменети се само две имиња, а неколку се премолчени од причини што ќе ги изнесам во продолжение. Текстот дополнително е оформен, обработен и збогатен со реплики, кои целосно одговараат на автентичните случувања. Таму каде што постојат мои интервенции, тоа е детаљно објаснето и лесно препознатливо. Од друга страна, наведувам податоци, кои секој сам може да ги провери. Конечно, јас оваа книга не ја напишав за да мислам дали некој ќе верува во неа или не, туку затоа што сметав дека сум должен да го изнесам тоа што го дознав и што не ме оставаше мирен подолго време...

*

Според моите прибелешки се почна во четврток на 20 јануари 2005 година. Тоа беше период кога буквално не знаев каде ми е главата од обврски. Во тоа

време се погоди паралелно да работам на неколку книги. Активно работев на книгата за јазикот на античките Македонци. Воедно го координирав привршувањето на преводот на англиски на книгата за роднинската врска помеѓу британската кралица Елизабета Втора со династијата на цар Самуил, а работев и на подготовки за организирање нејзина продажба. Истовремено работев и на книгата посветена на светителите од Македонија, чие печатење беше договорено со издавачката куќа "Ѓаконија" на чело со владиката Агатангел. И плус редовно одговарав на писмата што секојдневно ги добивав по е-маил (што исто така ми одземаше доста време), а подготвував и текстови за мојата историска рубрика што ја водев во "Австралиско-Македонскиот неделник" од Мелбурн. Згора на се морав да најдам време и за неодложното одржување на големиот акваријум, а ги средував и "дивикс" филмовите што ги бев нарачал од Скопје. Од оваа дистанца гледано, се чудам како го издржав сето тоа...

Бидејќи немам државна работа (а да бидам искрен и никогаш не сум сакал), јас лебот го вадев од продажбата на моите книги, но и од соработката со наши иселеници, кои овде ги печатеа своите книги, како и од разни хонорари и сл. Главно моите книги ги продавав преку нарачка со откупнина. Нарачките ги примав телефонски, а поретко и по е-маил. Имаше и такви читатели кои ненајавено ми доаѓаа дома, а јас се трудев и се трудам со секого да бидам љубезен. Но, во состојбата во која тогаш се наоѓав (удавен во океанот обврски) не можев да ја споделувам со сите подеднакво таа љубезност. Имено, имаше и такви граѓани кои, во мигови кога бев најмногу зафатен, ми се јавуваа само за да

помуабетеле со мене за историјата или за политиката... Тоа беа главно постари луѓе, кои со таквите јавувања веројатно сакаа да си го пополнат слободното време. Грев или не, ваквиот вид јавувачи (пак ќе повторам поради обременетата состојба во која се наоѓав) не секогаш ги "примав" љубезно или - ајде да бидам искрен докрај - одвај гледав како да ги откачам. Причина за ова можеби беа и самите содржини на разговорите што ги водеа, најчесто составени од изнесување на нивни сопствени фантастични историски измислици, за кои ниту имав време, ниту волја да ги слушам. Се разбира дека ова се однесува само на таквите посебни јавувачи, додека со оние со кои сериозно разменував мислења, ми беше вистинско уживање да дискутирам, па дури и еден вид релаксација во напорните мигови што тогаш ги живеев.

Но, да се вратам на 20 јануари 2005 година. На Првата програма на Хрватската ТВ течеше мојот омилен квиз "Милионер". Жена ми Загорка и децата Љубица и Љупче беа на гости кај мајка и. На квизот поставија прашање, чиј одговор знаев дека е под "це", но натпреварувачот почна да размислува. Во мислите почнав да "навивам" да го каже точниот одговор и, додека чекав да видам што ќе испадне, зазвони телефонот. Внесен во квизот, дозволив ѕвонењето да се повтори дури трипати, иако од слушалката ме делеа одвај два чекора.

- Да. - прашав инстинктивно се уште внесен во квизот.

- Добравчер. Ве молам дали е тоа станот на господинот Донски? Александар Донски?

- Да, повелете. - реков јас, надевајќи се дека е некој што сака да нарача книги. Крушим погледнав во

пенкалото и празниот лист на шанкот на кој ги запишував адресите на нарачателите. Тие подготвено ме чекаа.

- Видете вака. Се јавувам од Скопје. Ние не се познаваме, но би сакал да се запознаеме. Јас редовно ги следам Вашите статии, а ги имам прочитано и Вашите книги...

- Благодарам. - го прекинав и го оставив да продолжи. Потоа, не сакајќи, пак зјапнав во телевизорот каде натпреварувачот се уште мислеше кој одговор да го понуди. "*А бе кажи 'це'! Тоа ли не го знаеш*?" - помислив.

- Знаете, јас... би сакал да се сретнам со Вас... Да помуабетиме... Мене многу ме интересира историјата. Знам некои работи, кои никој не ги знае...

"*Бре мајката, пак некој што се јавува за бошмуабети*..." - помислив и веќе ги ориентирав моите мисли кон тоа како да го откачам што побргу.

- Мој коначни одговор је "це"! - одговори натпреварувачот од "Милионер".

"*Браво. Така треба*." - помислив, а веднаш потоа гласно продолжив со однапред подготвените реченици за вакви пригоди:

- Во ред. Нема проблем. Кога ќе доаѓам во Скопје ќе Ви се јавам...

Очекував дека со тоа разговорот ќе заврши штом "позитивно" одговорив на неговото прашање, но тој продолжи:

- Но, јас инсистирам да се видиме. Кога ќе доаѓате за Скопје? Може ли во текот на следната недела?

- Жалам, но не може. Многу сум зафатен, но прва прилика кога ќе доаѓам, сигурно дека ќе Ви се јавам. Оставете ми го телефонот...

- Не ме разбравте добро господине Донски...

Наеднаш во слушалката го слушнав сигналот кој ме предупреди дека ми sвони двојната линија.

- Ќе Ве молам да ме извинете. Ми sвони двојната линија. Ви реков дека кога ќе доаѓам во Скопје, ќе Ви се јавам. Јавете се и Вие кога сакате. Или, ако доаѓате во Штип, повелете на гости. - продолжив со вообичаените одговори за вакви пригоди.

Двојната линија упорно sвонеше, прекинувајќи ги неговите зборови. Само слушнав: "Во ред. Пак ќе Ви се јавам."

- Ви благодарам многу и извинете. Довидување... Ало!? Кој е? Ане ти ли си? Не можев веднаш да ти се јавам. Зборував на другата линија. Кажи што има? - олеснувачки ја вклучив втората линија, на која го слушнав басот на мојот пријател и мајстор Ане Волчев, кој пред една и пол година ми го реновираше станот и оттогаш се спријателивме. Истовремено неговата ќерка Кика беше другарка со мојата уште од најраното детство.

- Сашко, Кика ми кажа дека си земал ДВД со Дип Парпл. Прати го утре по Бубето да го преснимам.

- Имам три... Кое го сакаш?

- Некое со стари хитови.

- Сите се со старите хитови.... Едното е концерт во Копенхаген од 1972 година. Неодамна ја откриле таа снимка. Вистинска лудница!

- А ги имаш ли Лед Цепелин?

- Само концертот во Њујорк... Оној од 1973 година. Имам три ДВД и од Ej-си-ди-си. Едното ми го донесоа од Германија.

- Добро прати ми ги. Ќе ги преснимам и ќе ти ги вратам. - продолжи басот на Ане.

- Утре ти ги праќам.

- Ај чао.

- Чао.

Истиот миг жена ми и децата влегоа дома, квизот заврши, а со тоа заврши и првата вечер која го означи почетокот на чудните случувања што следуваа...

*

Утредента, околу 9 часот наутро, пак зазвони телефонот. Се јави жена ми, која како и секогаш љубезно одговори:

- Да. Добар ден. Да... Повелете... Сега, само момент! Сашко за тебе е. - ми ја подаде слушалката.

- Да. - реков.

- Господине Донски, јас сум што се јавив сношти... Дали сега ќе имате време малку да поразговараме? - се јави истиот глас од синоќа.

- Да повелете. - реков колку што можев пољубезно. Сега малку ми стана жал што претходната вечер така го "откачив" човекот. Точно дека сум презафатен и на другите не им е грижа за тоа дали сум секогаш расположен за муабет или не, но на крајот на краевите мора да бидам потолерантен... Тоа што човекот ми се јавува значи дека ме почитува, па што сакам повеќе од тоа? Сите овие самопрекорувачки мисли набрзина ми летнаа низ главата. Бев подготвен колку што треба долго да разговарам со овој човек. Пред да продолжи тој, додадов:

- Прво дозволете ми да се извинам за синоќа. Навистина нешто бев зафатен, а и двојната линија ми звонеше. Знаете сега сум во период кога имам многу обврски...

- Се е во ред. Јас видов дека си зафатен, па затоа си реков денес да те побарам пак. Се извинувам и јас ако

додевам. - продолжи гласот од другата страна, веќе обраќајќи ми се на "ти".

- Воопшто не ми додевате... Повелете, кажете што Ве интересира.

По мала пауза и воздишка човекот продолжи:

- Најдобо ќе биде да се видиме во Скопје. Оваа работа не е за по телефон.

- Но, јас Ви реков и вчера. Во догледно време не планирам да одам во Скопје. Кога ќе доаѓам ќе Ви се јавам... - реков и пак почна да ме обзема синоќешното (не)расположение. Овде сакам да дадам едно објаснување. Имено, последниве години јас, едноставно речено, **мразам** да патувам! Секое патување за мене претставува тежок товар. Не сум се анализирал себеси зошто е тоа така. Како млад патував низ неколку држави. Бев во Англија, Германија, Франција и други европски земји, па дури престојував два месеца и во Јапонија во далечната 1987 година. Но, посебно откако се оженив и си создадов пријатно семејно гнездо, мене секое патување, дури и најкратко, ми стана напорно. Патувам само кога има некој исклучителен повод. Во Скопје дали одам два до три пати во годината (иако имам еден куп пријатели и познаници кои постојано ме канат) и тоа само во случај на неизбежна потреба (по работа, поради свадба на близок роднина и сл.). Поради моите историски книги и написи, повеќепати бев канет и од македонските здруженија во дијаспората (секако на трошок на организаторот - дури еден добронамерник ми испрати и гарантно писмо од САД; во Канада ми нудеа десетодневен престој со платен пат и прифатилиште, а во 2001 бев поканет и на историски симпозиум во Словенија од страна на Светскиот Словенечки конгрес на нивни тро-

шок. Ме канеа и во Австралија, Хрватска и Германија), но сите овие покани љубезно ги одбивав. Секое патување ми е напорно и истото го сметам за губење време во однос на пријатните мигови дома. Целосно ги разбирам и длабоко ги почитувам оние кои ме канат, но многу подобро ми е кога седам дома. Знам дека малумина ќе ме разберат, но тоа е тоа...

Така беше и сега. Јас бев подготвен на овој господин да му посветам колку сака време за разговор по телефон, па и да го поканам дома кај мене, но не бев подготвен да се расправам и оправдувам пред неговото инсистирање да сум отишол во Скопје. Му реков дека не одам и што мајка бара од мене? Почувствував дека трпението може да почне да ме напушта...

По кратка пауза, тој несигурно продолжи:

- Добро... Но, размисли убаво. Сакав да правиме муабет за една сериозна работа...

- Ве разбирам и благодарам на довербата. Сигурно дека еден ден ќе се видиме...

Спасоносната двојна линија пак го прекина разговорот:

- Пак ми ѕвони двојната... Оставете ми број и јас ќе Ви се јавам. Извинете, но морам да прекинам... - го реков ова повеќе поради култура, затоа што знаев дека неговиот број е забележан на мојот идентификатор.

- Нема потреба... Јас ќе ти се јавам.

- Но, кој Ви е бројот?

- Довидување. Ќе се слушнеме.

Ми стана чудно што не ми одговори за бројот, но повикот на двојната линија ме чекаше:

- Ало!?

- Александар, Трајче е овде. Ќе одам кај Сотир во Скопје. Дај да му ги однесам книгите.

- Здраво Трајче. - го препознав гласот на познаникот кој честопати одеше за Скопје кај мојот пријател Сотир Пастенаров и му носеше од моите книги, а од него мене ми донесуваше книги од други автори, кои ми ги подаруваше Сотир, инаку голем вљубеник во македонската историја и врвен мајстор за изработка на неонски реклами. - Сотир вчера ми кажа дека ќе одиш за Скопје. Ќе треба да му однесеш десет книги.

- Јас сега тргнувам. За две минути сум кај тебе. Симни ми ги книгите пред зградата.

- Во ред. Фала ти Трајче...

Книгите веќе ми беа подготвени во едно поголемо ќесе, па само ги зедов, се облеков и се симнав пред зградата.

По неколку минути мрзнење дојде Трајче, му ги подадов книгите, уште еднаш му се заблагодарив и пак се најдов дома задоволен што завршив работа. Наеднаш се сетив на човекот од Скопје. "*Нема смисла што пак го прекинав во разговорот. Чекај да му се јавам*." - помислив.

Го видов бројот на идентификаторот и свртев, подготвен пак да почнам со извинувања. Бев сигурен дека ќе се јави по првото или второто ѕвонење. Но, не се случи ништо. Титкањето продолжи без одговор. Помислив да не сум го случајно згрешил бројот. Пак свртев... и пак ништо.

- Толку ли бргу овој излегол од дома? - и реков на жена ми, а таа само ги згрчи рамениците. - Запнал да сум отишол во Скопје, а ниту го знам, ниту го познавам. Ќе ми кажувал некоја важна работа.

- Не знам што да ти кажам. Не е фер што човекот двапати го одбиваш. Види што сака. - рече таа.

- Знам, но немам време за губење. Знаеш колку работа имам, па уште тоа ми фали... Освен тоа, еве сега му се јавив, а него го нема...

- Ти си знаеш...

*

- Добар ден Александре. Јас сум што те барав пред извесно време. - рече познатиот глас од слушалката точно четири дена по првото јавување. Овојпат беше доцна претпладне, а јас само што се подготвував да го чистам аквариумот.

- А, тоа сте Вие... Простете, но не Ви го знам ни името...

- Викај ме Стојан.

- Да... Во ред... Мило ми е... Јас Ви се јавив некни веднаш откако го прекинавме разговорот. Вашиот број се одбележал на идентификаторот. Но, никој не ми се јави...

- Хм... Морав да излезам... Всушност, тоа не е мој број. Нема потреба ти да се јавуваш. Јас ќе се јавувам.

- Во ред. Повелете што треба. - реков јас малку зачуден.

- Сакам да нарачам од твоите книги. Од кои наслови имаш?

"*Фала Богу, некаква фајда од овој човек*..." - помислив можеби по малку злобно и веднаш гласно продолжив:

- Имам од "Уделот на Македонците во светската цивилизација", од онаа за античко-македонското наследство во денешната македонска нација, од "Исус Христос и Македонците". Имам и од...

- Ги знам твоите книги... Сакам да нарачам од сите наслови. Всушност јас ги имам, но сакам да нарачам за едни мои пријатели. - ме прекина Стојан.

- Нема проблем. Дајте ми ја адресата и јас ќе Ви ги пратам со откупнина. Поштарината е на моја сметка. Кажете од кои книги сакате?

- Од сите наслови сакам по пет... Не, по десет примероци...

- Охо... Во ред. Благодарам многу. Ќе Ви дадам и попуст...

- Не треба попуст. Ќе ти ги платам колку што чинат.

- Благодарам.... Кажете ми ја адресата, а јас најдоцна до утре ќе Ви ги пратам сите. Поштарот ќе Ви ги донесе дома, а ако не сте дома... - почнав рутински да му ја објаснувам стандардната процедура при нарачките, но тој пак ме прекина:

- Чекај малку Александре... Дали може ти да ми ги донесеш книгите во Скопје? Ем ќе ти ги платам веднаш, ем ќе помуабетиме.

- Хммм... Но, јас навистина сум многу зафатен... А, да Ви ги пратам по такси? Лично дома ќе Ви ги донесе. Имам еден мој таксист... Коле се вика...

- Не ме разбра Александре. Јас сакам **ти** да ми ги донесеш. - инсистираше Стојан.

- Јас? Ај, ќе видам, иако и со таксистот нема да има проблем...

- Ти како да се плашиш да ми ги донесеш? Јас сум сериозен човек и те молам така да ме третираш. Еве, дај ми ја адресата и јас уште веднаш ќе ти пуштам пари телеграфски. Ќе ги добиеш до попладне, а утре ќе ми ги донесеш книгите. Малку ќе помуабетиме и ќе си одиш

дома... Ако пак не сакаш, никому ништо. Нека ти стојат книгите.

- Не реков дека не сакам... Нема потреба веднаш да ми праќате пари... Оставете ми малку време да се организирам, па ќе Ви се јавам.

- Во ред. Немој пак да се јавуваш на бројот што го имаш на идентификаторот. Тоа не е мој број. Јас ќе ти се јавам по два часа.

По завршувањето на разговорот, се консултирав со мојот најдобар советник, жена ми Загорка, која почна во шега:

- Нели рече дека не ти се оди за Скопје?

- Ај не се зафркавај со мене. Едно е да одам заради бош-муабети, а сосема друго по работа. По работа луѓето би отишле и на северниот пол или во Африка. Човекот сака да купи 50 книги, па нема ништо да ме чини да му ги однесам. Ќе поседам малку со него и ќе си дојдам.... Но, морам да признаам дека малку ми е чуден овој човек... Од каде ли се јавува? Зошто не ми ја дава адресата? Од друга страна, тој се понуди веднаш да ми прати пари. Ако инсистирав да ми ги прати, сигурно дека тоа ќе го стореше. Значи има сериозна намера да ги земе книгите. Ќе одам утре.

По два часа човекот (кој рече дека се викал Стојан) пак ми јави. Кога го слушнав неговиот глас, почнав со рапортот:

- Во ред, доаѓам утре. Ќе појдам околу осум часот наутро, што значи дека околу девет и пол сум во Скопје. Но, знаете јас не возам кола, па ќе дојдам со такси. Каде да Ве најдам?

- Јас ќе те пречекам кај Мавровка. Во девет и триесет ќе бидам таму, па ќе одиме на кафе.

- Добро, а како ќе Ве познаам?

- Јас те знам од сликата во книгите.

- Во ред и извинете уште еднаш ако со нешто Ви погрешив.

- Нема проблем. Довидување.

Сакав уште да му речем дека е можно да задоцнам затоа што не знам дали ќе најдам навреме такси, но тој го затвори телефонот.

Утредента, нешто пред осум часот, натоварен со две поголеми ќесиња полни со книги, по исклучително студено време, жена ми ме спушти со пунтото до Дујлето, каде чекаа "дивите" таксисти. Имав среќа и веднаш најдов еден, па за двесте денари летнав кон Скопје.

По патот, како и обично во такви ситуации, молчев и размислував околу "таинствениот" човек. Колку ли е стар? Што работи? Од гласот не можев да му ја проценам возраста, но сигурно дека не се работеше за постар човек. Со мене патуваше уште една средовечна жена и едно убаво дотерано момче. Никој не прозбори ниту збор, освен што таксистот не замоли пред полициската контрола кај Лозово да кажеме дека сме му пријатели, а не муштерии, ако случајно не сопре полицијата. Но, полицијата не не сопре и, по добро познатиот поминат пат, се појави влезот на Скопје, а набргу потоа и Мавровка, каде на патот крај тротоарот, таксистот запре. Се поздравив со сопатниците, ги земав тешките ќесиња и застанав пред излогот на продавницата со технички уреди. Погледнав наоколу и набргу забележав ситен човек, како се доближува гледајќи кон мене. Според мојата првична проценка мислам дека отприлика ми беше генерација. Откако ми се претстави како "Стојан", разменивме љубезни насмевки, се поздравивме, а потоа ми

понуди да ги однесеме ќесињата во неговиот автомобил на паркиралиштето кај Мавровка. Бидејќи не се разбирам воопшто во автомобили (ниту возам, ниту пак ме интересира такво нешто), не знам каква марка беше неговиот црвен автомобил. Најверојатно се работеше за автомобил од деведесеттите. Ги внесовме ќесињата, а тој веднаш посегна по паричникот, извади пари и ми ја плати полната сума. Му се заблагодарив, а тој ми рече да појдеме на кафе.

"*Soy аре тхе босс*." (*Ти си газда*), помислив во себе.

- Сега ќе одиме кај мене, за да ти покажам една многу интересна работа.

- Во ред. Но, не сакам да Ве задржувам, а и јас немам многу време...

- Барем на еден час, а потоа ќе те однесам каде сакаш... И немој, те молам, да ми се обраќаш со "Вие".

- Како сакате... Како сакаш... - реков, насмевнувајќи се куртоазно.

Влеговме и колата тргна. Каде одевме, а каде не, тоа не го знам. Скопје воопшто не го познавам. Кога студирав како бруцош во 1978 година и во годините потоа, променив неколку станови во разни населби и тогаш знаев по нешто од Скопје. Но, сето тоа сум го заборавил, па сегашните населби (кои, се разбира, дека постоеја и во тоа време) воопшто не ги знам, т.е. немам никаква ориентација која населба каде се наоѓа. Знам само дека се возевме неколку минути низ урбана средина, а потоа стигнавме до една пониска зграда, пред која немаше никој и каде што тој го паркира автомобилот. Ги зедовме ќесињата и се качивме на првиот кат. Стојан ја отклучи влезната врата и влеговме во полуза-

темнетото претсобје од каде се гледаа две врати кон соби и една кон купатило. Од ова заклучив дека се наоѓаме во еднособен стан.

Ме покани во едната соба и седнав на фотељата што ми ја понуди. Додека отиде да донесе сок, набрзина разгледав околу мене. Имаше само две излижани фотељи со дрвени рачки, мала масичка (очигледно донесени од различни гарнитури), термо-печка тројка, излитен тепих, еден стар отоман и витрина со ТВ од почетокот на деведесеттите години. Собата повеќе наликуваше на студентска гајба отколку на соба во која би живеел човек што само за книги наеднаш плаќа 15.000 денари. Веднаш сфатив дека ова не е негов дом, но се воздржав тоа гласно да го кажам. Впрочем, не ме ни интересираше. Ќе поседиме малку, ќе видам што има да ми каже и ќе бегам дома, а веќе утре ќе го заборавам... Белки не е некој манијак? Но и да е, поситен е од мене, па ќе го совладам ако се обиде нешто да ми направи, а потоа ќе летнам низ ходинкот и ќе викам помош... Не знаев дали да се плашам или да се смеам на ваквите параноични мисли. Оваа дилема ја прекина Стојан кој влезе носејќи неотворено шише “пепси” и две чаши. Го отвори шишето, сипа внимавајќи да не направи пена, а откако го видов дека прв се напи, потеглив и јас, прекорувајќи се себеси за непотребната параноја:

- Е, па еве сум во Скопје. Кажете сега што е работата?

- Реков да ми се обраќаш на “ти”... Види вака, Александре, сакам да те замолам за мала помош. Всушност, сакам да ти понудам една работа. Ако ја завршиш успешно, ќе ти платам...

- Кажи. Се што можам ќе сторам, доколку е во рамките на моите можности.

- Колку што знам ти имаш пишувано за јазикот на античките Македонци... Претпоставувам дека се разбираш од стари јазици и стари симболи...

- Да, всушност не... Јас добив извесен број зборови од јазикот на античките Македонци, што ги запишал граматичарот Хесихиј од Александрија... Тие зборови не беа сосема достапни за пошироката јавност, а делото на Хесихиј се уште не е во целост преведено. Но, јас ги добив овие зборови, благодарение на еден пријател на татко ми, кој ми ги испрати од Холандија од архивата на една библиотека. Ги имам во фотокопија и во тек е одгатнувањето на нивното значење, кое е објаснето на старогрчки и на латински... - речиси го испукав сето ова набрзина, како што правам секогаш кога некој ќе ме погоди со прашање за тема со која сум опседнат.

Веднаш потоа продолжив и за симболите:

- Што се однесува до познавањето на други стари јазици, знам по нешто, а се користам и со интернет кога се обидувам да преведам некои зборови од латински или од старогрчки. Што се однесува до старите симболи, тоа е многу сложена област...

- Значи, можеби ќе можеш да ми помогнеш.

- Зависи што те интересира.

- Види вака. Ќе ти дадам напишани извесен број зборови и симболи, а ти разгледај ги, проучи ги, па извести ме дали нешто ти значат. Само те молам никому ни збор за ова.

- Тоа ли е работата? - Одговорив со олеснување затоа што ми се чинеше дека конечно ја "открив" тајната

на овој мистериозен човек. - Ќе проверам, но ништо не можам да ветам...

- Во ред. - рече Стојан, а потоа стана и пак појде во другата соба. Набргу се врати со црна пластична папка во рацете, која ми ја подаде. Нетрпеливо ја отворив и во неа видов два листа (А4 формат) на кои, педантно, со тенок црн фломастер беа испишани извесен број зборови еден под друг. Имаше и некакви знаци, како и едноставни цртежи, повеќе налик на скици. Сето тоа шаренило наеднаш ми блесна во очите. Откако првично ги разгледав, воздивнав:

- Овде ќе има работа. Секој збор треба поединечно да го разгледувам и анализирам. Тоа може да потрае и пак да не даде никакви резултати.

- Знам, затоа еве ти капар од 300 евра, а ако преведеш барем нешто, ќе ти дадам уште 300. Ако не успееш, никому ништо. Капарот во секој случај ти останува.

- Благодарам, но тоа не можам да го прифатам. - му реков без да ги земам парите. - Не можам да ти земам пари ако ништо не направам.

По неговото инсиситрање, јас пресеков:

- Ајде вака да направиме. Јас ќе пробам овие денови да видам дали ќе ми тргне. Ако почувствувам дека ќе направам нешто, ќе го земам капарот, а ако не, ќе ти ги вратам листовите.

- Добро, штом така сакаш, така нека биде. - се согласи Стојан.

- А како да ти ги вратам? И како да ти ги испратам моите сознанија?

- Не грижи се за тоа. Јас ќе ти се јавувам повремено...

- Добро... А, од каде се овие симболи? Кој ги запишал? Очигледно од некаде се препишани и прецртани... Можеби ќе ми помогне во толкувањето ако знам од каде се запишани.

Овие мои зборови како да предизвикаа одвај забележителна вознемиреност кај Стојан:

- Види вака... Тоа не е толку важно... Важно е да видиш дали нешто значат. - обидувајќи се да остане рамнодушен ми одговори Стојан. Откако виде дека не сум задоволен од одговорот, продолжи трудејќи се да биде пољубезен:

- Всушност се работи за текст пронајден на една камена плоча. Татко му на еден мој пријател ја ископал во лозјето некаде крај Гевгелија... Сега сака да знае што пишува на неа...

- Па зошто не појде во музејот?

- Во музејот? Па да му прават проблеми потоа... Затоа те замолив никому да не кажуваш.

- Изгледа многу му вреди таа плоча штом толку плаќа за нејзин превод?

- Па добро... Не ме влечи за јазикот. Знаеш како оди работата овде со дивите копачи... Владата ги прогонува, а тие имаат откриено повеќе археолошки материјал отколку што има во нашите музеи...

- Да, но сум слушал дека го продаваат во странство. И тоа на Грците, кои потоа го користат овој материјал против нас. - реков патриотски настроено, сфаќајќи дека пред мене стои див копач, кој сака да открие што пишува на плочата за да може да ја продаде подобро. Всушност, тој веројатно веќе имаше најдено купувач (и тоа очигледно некој добар), па сега во зависност од текстот, ја формираа цената.

- Не е така Александре. Остави го тоа што си го слушал. Дивите копачи прават услуга на Македонија, но кој ни е крив кога не знаеме да ги искористиме?

- Како да ги искористиме? Па, тие гледаат само за своја лична корист... - реагирав јас.

- Како прво, кој е тој што не гледа за лична корист? Мислиш дека овие во владата се поарни? Или мислиш дека ти си поарен? Те поканив љубезно да дојдеш кај мене на муабет, но ти ме одби. А кога ти реков дека ќе купам книги од тебе, тогаш дотрча уште утредента...

Наместо да се налутам, се насмевнав на оваа забелешка. Иако не се сметам себеси за екстремен материјалист, не можам да ја негирам вистината дека парите го вртат светот (колку и да не се согласуваме секогаш со тоа). Во мигот се сетив на чичко ми Јордан Донски (Бог да го прости), кој беше сликар и вистински боем. Тој честопати велеше: "Кој вели дека не сака пари или лаже или е луд!". Се разбира дека ова тој го кажуваше полу на шега, а (барем, за мене) има работи, кои не можат да се купат за сите богатства на светот, но сепак имаше вистина во тоа што го кажа Стојан. Откако виде дека не се лутам, тој продолжи:

- Се што треба во оваа држава е да се донесе закон за легализација на дивите копачи. Така е во други земји. На тој начин тие легално ќе истражуваат во земјиште што би го земале под наем од државата, а се што ќе откријат би го делеле со институциите. Би се организирале и легални аукции, како на Запад, од чиј приход пак полза ќе има државата. Немој да го потценуваш патриотизмот на дивите копачи. Најголем дел од нив се патриоти, но наидуваат на големи недоразбирања и прогони од државата.

- Не знам... Од ваков аспект не сум размислувал... Но, кај нас има луѓе кои никогаш нема да се согласат дел од заедничкото национално богатство што се наоѓа под земја да дојде во приватни раце...

- Токму таквите заробени умови се најголемите штетници, а не дивите копачи. - пламна наеднаш Стојан.

- Зошто?

- Знам како е во други држави. Таму, ако некој див копач открие нешто исклучително вредно, државата богато го наградува. Практично тој направил нешто од полза за државата. Го пополнил нивниот музејски фонд... Можеби токму поради неговото откритие илјадници туристи ќе дојдат во тој музеј. Ќе ги остават своите пари... Тој треба да биде сметан за херој, а не за криминалец како овде...

- Хм... Можеби си во право...

- Или, ако најдеме да речеме 200 монети од Александар Македонски, зошто да не можеме 50 од нив да ги продадеме официјално на странски субјекти, кои потоа ќе ги изложат тие монети во своите музеи или приватни збирки и под нив ќе го пишат името "Македонија"? Десетици милиони евра лежат под нашата земја, а ние не знаеме како да ги искористиме.

- Ми изгледаат логично твоите аргументи и пак ќе повторам дека досега не сум размислувал од ваков аспект. - почнав да го оформувам моето признание.

Потоа следуваа разговори за историјата воопшто, па малку за политиката, а на крајот Стојан ме одведе со колата до старата автобуска каде чекаа дивите таксисти, извикувајќи ги имињата на градовите во кои ќе патуваат и барајќи на тој начин патници. Кога го

слушнав името на Штип, се качив и попладне веќе бев дома, задоволен од успешниот ден.

*

До вечерта немав време, а ни сила, да ги погледнам страниците. Откако ги завршив обврските што ми се беа натрупале додека бев во Скопје, одвај се довлечкав до постелата. Утредента, дури предвечер си дојдов во себе, седнав пред компјутерот и ја отворив папката. На прв поглед одвај дали нешто можев да прочитам од страниците. Постепено, почнаа некои работи да се nasiраат. Зборовите беа напишани геометриски точно еден под друг од што заклучив дека Стојан (или некој друг) така ги препишал, а не дека по истиот редослед се запишани и на дотичната плоча. Видов дека има зборови напишани и на постарата кирилица и на латиница. Имаше и голем број неразбирливи знаци кои во најголем дел, барем мене, ништо не ми значеа.

Следните денови, секое попладне по малку, се задлабочував над зборовите. Некои од нив беа јасно читливи, а некои не, затоа што препишувачот очигледно ги препишал како што се запишани во оригинал (недоволно читливи). Од оние што беа читливи само дел можеа да се разберат. Меѓутоа, не успеав да најдам никаква врска дури ни помеѓу два одделни збора. Очигледно дека не се работеше за единствен текст, туку за натрупани зборови на латиница и кирилица, прошарани со знаци. Некои од зборовите кои успеав да ги прочитам беа:

ЦЛИТАРЦХУС
ТХРАЦИА
ЦОЛЛИНУС
ЦИТАТ

РЕЦ
АНХИАИОС
АХЕНУС
ВЕРО
СУМАРИУС
БИСАИЛТАЕ
ЦХАРТА
ЕЦИТУС
АХЕНИС
СЕМИТА
КАМЕНЕ
ЦОНТРА
ТЕТАЛИС
КАПУЛУС
АБРУПТУС
БАСИЛИЦА
ЕЦЛИБРИС
ДИТАРЦХУС
ПЕН
ЦРИНА
ФОДИАУРУМ
ВЕРО

Имаше и неколку зборови на постарата кирилица:

ПРÎМОДРОСТ
НОУЖДА
БОЛИАРЕ
ПАТĂ

Имаше други зборови, а остатокот на страниците беше преполн со разни знаци со искршени линии и крстови во и околу нив. Имаше и едноставни цртежи на: сонце, пат, пупунец, око, бубачка, глава на коза, змии и сл.

Тоа е се што успеав да прочитам, а за моите "сознанија" си напишав текст како потсетник.

Дојде 7-ми февруари 2005 (понеделник). Од моите белешки гледам дека тој ден повторно добив повик од Стојан. Овојпат тоа беше во вечерните часови. Ми кажа дека утре ќе минувал низ Штип, па ако можело да се видиме. Се разбира дека се согласив и утредента околу 11 часот претпладне се сретнавме во кафеаната "Мал Одмор". Стојан беше сам со својот автомобил, а околу нашата маса немаше гости. Овојпат ми изгледаше порелаксиран и ја немаше таа напнатост меѓу нас каква што беше за време на првата средба. Небаре бевме пријатели. По протоколарните прашања во стилот: "Како си?", "Што правиш?" и сл. и по нарачката на пијачка (јас виски со кока-кола, а тој природен сок), поминавме на работниот дел од средбата. На прашањето до каде сум стигнал со анализата на зборовите, јас го извадив мојот "потсетник", што беше ставен во истата папка со листовите, и почнав:

- Види вака Стојане. Веднаш ќе ти кажам дека овие зборови воглавно не ми значат ништо, барем според моите скромни знаења. Од оние што се јасно читливи, успеав да разберам неколку, а оние што не се целосно читливи, само Господ знае што значат. Очигледно дека не се работи за текстуална целина, туку само за натрупани зборови. Се разбира дека има технички работи кои барем навидум не се сосема јасни. На пример,

зошто дел од зборовите се напишани на латински, а дел на кирилица? Иако, на прв поглед изгледа чудно, сепак, ова може да се објасни со тоа што можеби овој текст е пишуван во различни временски периоди... Грубо кажано, врз таа плоча пишувал кој како ќе стигне и кога ќе стигне.

Стојан беше впиен во мене, внимателно слушајќи го секој збор. Кога видов дека обрнува сериозно внимание на моето излагање, продолжив:

- Се сеќавам кога ја работев мојата дипломска работа за црквата "Свети Ѓорги". Тоа е црква тука, близу Штип, крај античкиот град Баргала. Таму има стари фрески и бројни натписи врз нив, кои датираат уште од Средниот век, па наваму. Има натписи на средновековниот јазик и писмо, но има и нови натписи. Можеби е таков случај и со оваа плоча... Не знам... А дали си сигурен дека распоредот на зборовите е токму таков како што ми го даде?

На ова Стојан одвај забележително се сепна, па по кратко размислување, ми рече:

- А, зошто е важен распоредот на зборовите?

- Токму заради тоа што ти го реков. Ако се тие натрупани еден врз друг, тогаш тоа значи дека во разни временски периоди разни луѓе запишувале што ќе им текне: главно своите имиња, имињата на местата од каде потекнуваат и слично. Исто како во црквата "Свети Ѓорги".

Пак по кратко размислување, Стојан одговори:

- Точно дека јас не ти ги препишав зборовите така како што се во својот оригинален распоред, но во оригинал тие се сосема складно напишани еден крај друг и

еден под друг. Мислам дека не се работи за тоа што го зборуваш.

- Ако е така, тогаш навистина не знам што да ти кажам. Јас во овие зборови прочитав некои имиња и топоними. На пример името Цлитарцхуис, Клитарх. Тоа име било често среде античките Македонци, но и среде припадниците на други балкански народи. Овде е и топонимот Тхрациа, што несомнено е областа Тракија. Најверојатно некој Клитарх, кој потекнувал од Тракија, се потпишал како "Клитарх, Тракија", то ест "Клитарх од Тракија". И денес мнозина така се потпишуваат на разни плочи, ѕидови, клозети, дрвја и слично. Зборот Цоллинус (барем од она што го видов) нема значење ни во македонскиот ни во латинскиот јазик, па веројатно и тоа е некое име. Не сум сигурен ни за зборот Цитат. Во латинскиот јазик постоел зборот цитата и имал две значења: "брз" и "навод". Истиот збор "цитат" и ние денес го употребуваме. Но, дали твојот збор е поврзан со некој од овие зборови, не знам и не можам да шпекулирам. Е, за зборот рец познато е дека значел "крал". Но, не знам како може овој збор да се поврзи со останатите? Зборот анхиаиос не значи ништо. Можеби и тоа е некое име? И за зборот ахенус не сум сигурен што значи. Зборот веро исто така не знам што значи. На латински верис значи пролет. Не сум сигурен ни за зборот сумариус. Можеби знам што значи зборот Бисалтае. Тоа веројатно е античката област Бизалтија, која се наоѓала во јужна Македонија. Не сум сигурен ни што значи зборот фодиаурум. Зборот цхарта значел писмо или парче хартија, то ест папирус. Ецитус значи излегува, завршува. Семита значи патека; камене нема превод во латинскиот јазик, но тоа можеби е македонскиот збор камен? Цонтра, како што е познато,

значи спроти. Зборот тетаиис, исто така не значи ништо. Аенигма значи загатка, а капулус не знам што значи. Таков збор не сретнав во речникот. Ецлибрис не значи ништо, но ако се одделат зборовите Ец либрис, тоа значи "од книгата". Не знам ни што значи зборот Дитарцхус. Можеби е некое лично име, иако такво не сум сретнал низ литературата. За Басилица се знае дека е вид градба. Зборот абруптус, веројатно доаѓа од глаголот абруптио, што отприлика би значело "напуштено"... Прочитав и неколку зборови на кирилица...

- Кои зборови?

- На пример зборот "премудрост", потоа зборот "нужда". Тие се напишани на постарата кирилица. Зборот "премудрост" се користел главно во религиозните текстови. И воопшто во тоа време...

- Во кое време?

- Во Средниот век... Очигледно дека штом овде има зборови на кирилица и штом велиш дека тие не се дополнително уфрлени, јасно е дека не се работи за текст од антиката, туку од Средниот век. Сакав да кажам дека во тоа време голем дел од текстовите биле со религиозна содржина...

- Но зошто повеќето зборови се на латиница? И зошто има поими од антиката, како што велиш?

- Е, тоа не знам...

- Барем што претпоставуваш? - инсистираше Стојан.

- Мене ми е тешко да претпоставувам нешто врз основа на речиси никакви податоци.... Но, ако смеам да бидам отворен до крај...

- Повели.

- Она што во моментов го претпоставувам е дека ти мислиш дека во овој текст се крие некоја којзнае каква голема тајна. Мислам дека претеруваш. Тоа е обичен текст со имиња и други зборови во него, а можеби и има по некоја религиозна порака.

- Зошто мислиш така? - продолжуваше да "напаѓа" Стојан.

За миг се подзамислив што да му одговорам.

- Не знам... Јас по природа сум скептик. Верувам само во несоборливи факти и аргументи, а не во наивни претпоставки и мечти... Еднаш на ТВ го слушав д-р Ѓорге Марјановиќ, кој на едно новинарско прашање да протолкува некоја состојба, не се сеќавам што, отприлика одговори: "Јас сум правник, што значи дека јас сум буквалист и буквално ги сфаќам работите. Јас верувам само во она што го гледам пред себе, во она што читам напишано." Така некако кажа... Таа изјава толку ми се допадна што честопати ја користам и за самиот себе. Во случајов, јас сум истиот буквалист и верувам само во тоа што го прочитав, а тоа се неколку неповрзани зборови и лични имиња напишани на латиница, но и зборови на кирилица. Ако бев прочитал во нив некоја порака, јас ќе ти ја кажев: "Еве, тука го пишува тоа и тоа. Овој збор значи ова, оној значи она и еве ти ја пораката". Но, јас не видов никаков поврзан текст, а немам дарба да фантазирам и да ти прикажувам конспиративни бајки за некоја тајна што наводно е запишана во овој текст... Жалам. Можеби ќе треба да побараш некој друг...

Стојан се подзамисли, а потоа смирено рече:

- Добро, штом така мислиш, тогаш е во ред... Колку сум должен?

- Ништо. Тамам работа..

- Јас ветив дека ќе ти дадам триста евра, дури и ако ништо не преведеш. - рече Стојан и се фати за паричникот.

- Не доаѓа во обзир. Јас со ништо не ти помогнав, барем не со она што си го очекувал. - енергично реков и по кратко убедување, откако ја виде мојата непопустливост, тој си ги повлече парите. Се напивме уште по една, а потоа, без да покаже емоции или незадоволство, Стојан стана и рече дека треба да оди. Му ги понудив листовите, но тој ги одби:

- Нека ги кај тебе. Можеби нешто ќе откриеш дополнително?

- Тешко... А и да откријам, како ќе ти јавам?

- Јас ќе ти се јавам пак, ако тоа не ти пречи.

- Во ред. - го завршив разговорот, по што се поздравивме и тој замина за Скопје.

*

Дојде март 2005 година. Времето почна да попушта, иако се уште беше студено. Јас продолжив да се борам со купот обврски: книги, писма, написи, аквариум... Но, моето дружење со Стојан не престана. Тој месец дури трипати дојде во Штип наводно на минување поради некој "бизнис" што го имал во Кочани (иако очигледно дека доаѓаше на средби со штипските диви копачи), поседувавме во некоја кафеана или кај мене дома, муабетевме, па дури можам да кажам и дека се спријателивме. Но, неговиот приватен живот како да остана табу-тема. Само ми спомна дека е оженет и дека немал деца, дека се занимавал со разна трговија и се во тој стил... Последен пат се видовме во Штип на 16-ти ап-

рил 2005 година. Пиевме во ирскиот "Паб" под хотелот "Оаза", убаво се изнамуабетивме и тој замина.

Потоа не слушнав ништо од него.

Дојде 18-ти мај 2005 година.

Во тие денови, најголема забава дома ми беше гледањето филмови преку видео-проектор. Таа вечер околу девет часот, токму кога го гледавме мојот омилен филм од детството "Балот на вампирите" од Роман Полански (што одвај успеав да го најдам на "дивикс") во затемнетиот салон, пак зазвони телефонот. Се јави жена ми и по вообичаената љубезност ми ја подаде слушалката.

"*Кој ли се јавува среде филм*?" - помислив како што помислувам секогаш кога некој ме прекинува во гледањето. Посебно на овој филм што го барав со години. Трудејќи се да бидам што пољубезен, низ заби процедив:

- Ало!?

Од другата страна неколку секунди немаше никој.

- Ало! - подвикнав.

Добив воздишка наместо одговор.

- Кој е? - прашав, полека почнувајќи да го губам трпението. На огромната слика што ја гледав пред мене преку проекторот на целиот ѕид од салонот, почна сцената кога Роман Полански (режисер и главен актер на "Балот на вампирите") ја почна брканицата со вампирот во замокот. За миг се внесов во оваа динамична сцена...

- Добравечер... - низ повторна воздишка промрмори непознат глас од другата страна.

- Добравечер. - одговорив се уште зјапајќи во бркотницата на филмот.

- Господине Донски, јас сум... - рече гласот, а потоа пак застана.

- Да повелете.

- Овде е таткото на еден Ваш познаник... - како помалку несигурно да продолжи гласот. Веќе беше јасно дека се работи за постар човек.

- Повелете. - реков, помислувајќи дека веројатно тоа е родител на некој од моите многубројни пријатели од дијаспората со кои се допишувам преку интернет. На некои од нив родителите им беа во Македонија, па понекогаш овие родители ми се јавуваа за да ми достават некоја пратка од своите деца или само за да ме поздравт. Во надеж дека овој разговор кратко ќе трае, продолжив:

- Кој е тој мој познаник?

Старечкиот глас продолжи:

- Јас сум таткото на Димитар. (Овде почитуван читателу ќе објаснам дека вистинското име што ми беше кажано не можам да го објавам од причини што ќе ги изнесам во продолжение. Името "Димитар" е измислено од мене и истото ќе го користам како псевдоним за дотичната личност).

Малку се подзамислив, а потоа несигурно продолжив:

- Да...

- Реков јас сум таткото на Димитар. - продолжи растреперениот старечки глас.

Да бидам искрен не можев да се сетам кој е тој Димитар, па во главата набрзина пребарував за да проверам дали има некој таков. Сметав дека и таткото ќе ми помогне да се сетам ако ми каже дополителни информации за својот син. Залудно. Никако не успеав да најдам такво име среде моите познаници. Се сетив за спасоносното прашање:

- Кој Димитар? Јас познавам неколку такви... - излажав за да дознаам кој е дотичниот.

- Димитар Б. - наместо објаснување старечкиот глас ми понуди презиме (кое исто така не можам да го објавам, а иницијалот "Б" е измислен од мене).

Сега јас направив кратка пауза:

- Се извинувам, но не можам да се сетам... Каде живее Вашиот син?

Пак пауза и тешко воздивнување. Дури ми се пристори како да слушам шмркање. Не знам зошто, но почувствував дека нешто нема да биде в ред.

- Каде живее... - тешко промрмори старецот.

- Навистина не можам да се сетам. Се извинувам, нешто сум преморен, па не можам да се концентрирам...

На филмот бркотницата со вампирот заврши, па почна една "помирна" сцена, така што можев подобро да се посветам на разговорот.

Човекот несигурно продолжи:

- Го знаеш многу добро... Знам дека се знаете...

- Не се сомневам дека е така, ама не можам во моментов да се сетам... Растргнат сум на сто страни... - почнав да се правдам.

- Сети се на текстот од книгата.

- Која книга? - прашав зачудено и веќе почнав да се сомневам дали овој човек е сериозен или можеби нешто изведува? А, можеби и не е токму? Или можеби ме провоцира... Ми кажува непознато име и презиме, а сега ми спомнува и некоја книга... Телефонскиот број сигурно дека не го погрешил, затоа што ме побара мене... Можеби има некоја погрешна информација? Сите овие мисли наеднаш ми прелетаа низ главата.

- Знаете добро за која книга. - продолжи тој.

- Видете господине, Ве молам да ми кажете за што станува збор. Јас Вашиот син не го познавам, ниту пак знам за која книга ми зборувате. Дали е тоа некоја моја книга? Објаснете ми подобро...

- Како не знаете за која книга?... А, преводот? - и старецот како да се вознемири.

- Кој превод? - прашав изненадено.

- Како кој? Тој што му го направивте на син ми...

Значи, изборот почна да се стеснува. Дотичниот Димитар е човек кому сум му направил превод. Но, јас освен преводи од бугарски, хрватски и српски што ги правев за списанието за уметност СУМ, друго ништо немав преведувано. А ова списание го работам заедно со мојот пријател и генерација, нашиот познат драматург Трајче Кацаров. Не се сеќавам дека сме преведувале некое дело од човек со такво име и презиме...

- Навистина не можам да се сетам... Од кој јазик сум преведувал?

- Ах... - пак гласно воздивна старецот - Му преведовте зборови од латинскиот јазик...

Наеднаш се сетив за Стојан:

- Никогаш не сум преведувал од латински, бидејќи тој јазик не го знам којзнае колку добро. Всушност само еднаш на еден човек од Скопје се обидов да му преведам неколку зборови... Но, тој човек се вика Стојан. Вашиот Димитар не го познавам.

- Стојан?

- Да, тоа беа неколку зборови од некоја камена плоча... Тој така ми кажа.

- Камена плоча?

- Значи господине, очигледно сте грешка. Сте ме замениле со некој друг. Се случува...

- Не е грешка... Тој се има сретнато со Вас... И Вие му преведовте неколку зборови... Сте се среќавале и во Штип и овде...

За миг не знаев што да одговорам, иако полека почна да ми се разјаснува. Веднаш појдов во разрешување на дилемата.

- Испаѓа дека тоа е Стојан... Но, не знам зошто го нарекувате Димитар? Тој мене ми рече дека е Стојан... Ако е тоа тој...

Пак краток молк проследен со воздишки.

- Ех, Стојан...

- Ако е тоа тој... - продолжив се уште наоѓајќи се во дилема.

- Да, тој е. Но, не се вика Стојан, туку Димитар. Неговото вистинско име е Димитар.

Сега јас замолчев. Знаев дека дотичниот Стојан нешто мати, но и не помислував дека лажно ќе ми се претстави. За миг се почувствував измамен и лут. Сепак се воздржав да го покажам тоа. Миговната лутина ми ја замени рамнодушност. “Ме излагал, па што? Голема работа. Негово право е како ќе се претставува. Уште кога ми кажа дека се вика 'Стојан' требаше да сфатам дека лаже. Тоа е нашето најчесто традиционално име, како што е Џон Смит кај Англичаните и Американците кои, кога сакаат да измислат лажно име, најчесто го користат тоа. Ние пак го имаме името 'Стојан'. Се сеќавам на еден мој другар од младоста, на сите женски со кои се запознаваше се претставуваше како 'Стојанче', иако се вика Перо... Значи сум налетал на уште еден таков... Сепак, овој мене со ништо не ми наштети. Напротив, дури и купи голем број книги од мене”. Сите овие мисли се

наредија во само 2-3 секунди. Трудејќи се да бидам што пољубезен, исцедив:

- Тоа не знаев... Затоа не се сетив веднаш... Не знам зошто мене така ми кажа дека се вика?

- Не знам што да Ви кажам...

- Претпоставувам дека зборуваме за истиот човек, зарем не? Понизок човек отприлика на четириесет и нешто години...

- Да. Тоа е син ми Димитар.

- Но, тој мене не ми даде зборови од никаква книга, туку ми рече дека се од некоја плоча.

- Не... Не се од плоча...

- Значи и овде ... не ми ја кажал вистината (одвај се воздржав да не речам "ме излагал").

- Да... Очигледно... - низ којзнае која по ред воздишка промрмори старецот. - Тоа личи на него.

Мешани чувства од лутина и рамнодушност се натрпеваруваа во мојата свест. Но, официјално и натаму царуваше љубезноста:

- Добро... Тоа си е негово право... Штом така сакал да ми се претстави, немам ништо против... Веројатно имал некоја добра причина за тоа и јас тоа го почитувам... А, каде се сега Стојан, то ест Димитар? Што прави? Каде живее? Без разлика како се вика, тој мене ми остави добар впечаток... Не сме се виделе одамна.

Молк наместо одговор.

- Ало!?

Пак молк...

- Ало, овде ли сте?... Изгледа прекина врската. - се обратив кон жена ми, која внимателно го слушаше мојот разговор.

Шмркањето од другата страна на линијата ми стави до знаење дека врската сепак е жива.

Уште една тешка воздишка, а потоа шок:

- Мојот син почина...

- Што?... Починал!? - одговорив и морници ми полазаа по телото како и секогаш кога слушам вест за нечија смрт, посебно ако е на човек што го познавам.

Наместо одговор, притаено липање.

- Бог да го прости... Примете сочувство... Не знаев... А од што? Како? - и натаму збунето се обидував да составам реченица.

По кратка пауза откако човекот се прибра, продолжи:

- Почина минатиот месец...

- А од што? Тој беше млад човек...

- Затоа и Ве побарав...

- Зошто?

- Заради неговата смрт...

- Што заради неговата смрт?

- Тој Вас многу Ве почитуваше...

- И јас него. Се слушавме по телефон и се среќававме... Навистина ми е жал...

- Донски... Сакам да се видам со Вас... Да поразговараме...

- Нема проблем... - се уште шокиран од веста што ја слушнав, но и свесен дека на човек во толку тешка состојба не треба да му се опонира... - Навистина ми е жал... - продолжив да ја повторувам единствената реченица на сочувство што можев да ја склопам во тие мигови.

- Дали планирате да доаѓате во Скопје?

- Засега не, но ако Вие доаѓате повелете кај мене. А, од што почина Димитар?

- Ќе Ви објаснам кога ќе се видиме...

- Дали од некоја болест? Или од несреќа?

- Од удар...

- Нека му е лесна земјата.

- Благодарам.

Претпоставував дека не е пријатно да инсистирам во детаљи за причината на смртта на човекот и го почитував тоа. Гласот на стариот продолжи:

- Сакав да позборуваме и за книгата...

- Која книга?

- Онаа од која му преведувавте зборови...

- Тој мене ми рече дека е камена плоча... А, каква е таа книга?

- Бакарна... Направена е од бакар... Тоа е многу стара книга...

- А, така значи. Имам слушнато за постоењето на неколку такви книги низ Македонија. Дури некои весници објавија и фотографии од една од нив. Но, никогаш не сум видел ниту една во музеј или во некоја збирка.

- Имам јас...

- Значи така. Таа книга била Ваша, а Стојан, то ест Димитар, сакал да одгатне што пишува во неа. Сега ми е јасно.

- Не е сосема така...

Пак се збунив:

- Чија е таа книга? Тој ми рече дека била на некој негов пријател..

- Книгата е кај мене, но не е моја. Пред да ја вратам на сопственикот би сакал... Би сакал да Ви ја раскажам нејзината историја.

- Хм... - одговорив и веќе почна да ме копка професионалната заинтересираност. - Чекајте, следната недела треба да одам за Скопје. Може ли тогаш да се видиме?

- Во ред. Јавете ми се пред да доаѓате.

- Добро, телефонот Ваш го имам. Дали е тоа Вашиот домашен број?

- Да, јавете ми се. Обично сум дома.

- Се слушаме... - реков и посакав уште еднаш да кажам дека ми е жал за неговиот син, но тој веќе ја спушти слушалката.

Филмот "Балот на вампирите" веќе беше доста одминат, па и реков на жена ми да го врати.

- Од која сцена? - ме праша таа.

- Од бркањето со вампирот. - одговорив.

*

Следната недела (поточно во четврток на 26-ти мај) и навистина заминав во Скопје. Пак бев со такси, кое ме остави пред адресата што ми ја кажа стариот господин (чие име исто така не можам да го спомнам, па ќе го користам псевдонимот "Борис"). Тоа беше висока кула, чиј лифт не работеше, но за среќа човекот живееше на третиот кат, па бргу се качив пеш. Вратата ја препознав поради некрологот и црната шамија што ја обременуваа. Освен името и презимето на "Стојан" (Димитар), стоеше и неговата возраст - 45 години. Пишуваше и дека "ненадејно починал" и ги оставил да жалат по него неговите блиски. Прочитав дека бил "сопруг", но не и "татко". Ми падна уште повеќе жал за него. Откако го прочитав целиот текст на некрологот, зазвонив и

веднаш по првото ѕвонење ми отвори господин Борис, кој ме покани да влезам.

Овој стан беше сосема поинаков од оној во кој бев кај "Стојан". Се работеше за голем стан (чија квадратура не можев да ја проценам, но сигурно беше над сто). Собите што ги видов од подотворените врати беа складно наместени, со врвен намештај од осумдесеттите години, кој на времето сигурно дека бил скапо набавен. На ѕидовите висеа уметнички слики и сето тоа оставаше впечаток на солидно ситуирано и културно семејство. Секој предмет во собата во која влеговме си беше на свое место, од што сфатив и дека се работи за педантен човек.

Господинот Борис беше средно висок со проретчена бела коса очигледно на возраст од околу осумдесет години. Беше облечен сиот во црнина, но немаше брада како што обично имаат луѓето во знак на жалост. Погледот му беше сув. Откако седнав на луксузната фотелја од стилот "Луј", ме понуди со пијалак, а јас побарав минерална вода. Освен нас, немаше друг во станот, па претпоставив дека живее сам. На истакнато место на витрината во нас гледаше зголемената слика на Димитар со црн превез преку неа.

По вообичаените прашања како сум патувал и слично, господинот Борис седна спроти мене и го почна разговорот. Зборуваше со одмерен глас, при што се трудеше секој збор да биде на свое место. Нормално дека, заради големата загуба што ја доживеал, на неговото лице доминираше смртната сериозност.

- Видете вака господине Донски...

- Ве молам, обраќајте ми се на "ти". И не мора со "господине Донски".

- Благодарам. Еве така ќе продолжам... Александре, јас доживеав голема трагедија! Не сум можел ни да замислам колку е тешко да се загуби син...

Ги згрчив рамениците.

- Никој тоа не може да го сфати, освен оние на кои им се случило... Нека му е лесна земјата... - реков јас во залудна надеж дека ќе можам некако да го утешам.

- Никој... - се замисли господинот Борис.

- Мала утеха е дека еден ден сите ќе одиме "горе", па таму пак ќе се сретнеме со нашите блиски умрени. - реков.

- Мислиш?

- Не само што мислам, туку тоа е така... Знаете јас истражував нешто за клиничката смрт. Разговарав со наши луѓе кои "премреле", а потоа пак оживеале. Дури и напишав книга за тоа... Сите тие велат дека постои живот по смртта... - почнав јас, но набргу сфатив дека е глупаво сега на човекот во ваква состојба да му раскажувам за моите книги. Се прекорив себеси и замолчев.

- Којзнае. Тешко е на оние кои овде остануваат, а од смртта нема бегање...

По ова не знаев како да го продолжам разговорот, па причекав тој да продолжи.

- Јас те викнав за една друга работа...

- Пред да почнете дали смеам да Ве прашам нешто?

- Повели - со иситот смирен тон одговори господин Борис.

- Јас се видував со Димитар во Скопје, но не бевме во овој стан... Исто така тој никогаш не ми го даде неговиот број, туку ми се јавуваше од разни броеви,

претпоставувам од телефонски говорници... Зошто толкава тајна?

Без да покаже каква било емоција, освен тешката сериозност, Борис одговори:

- Биди трпелив и се ќе ти објаснам... Каде е тој стан во кој сте биле?

- Не знам... Не се разбирам од Скопје... Но, тоа беше мал и скромно опремен стан.

Очигледно дека на Борис му беше јасно што зборувам.

- Тоа не е негов стан, но стрпи се и ќе ти објаснам.

- Во ред. Слушам. - одговорив, поднаместувајќи се поудобно во фотељата, подготвен за долго слушање.

- Најнапред да се претставам подобро. Јас сум пензиониран офицер од поранешната ЈНА. Веќе седум години сум вдовец, а по загубата на син ми, останав сосема сам...

- А дали Димитар живееше со Вас?

- Не... Тој беше оженет. Живееше во друг стан, но не беа во добри односи со снаата, па честопати доаѓаше овде кај мене...

- Тоа ли беше станот во кој ме одведе?

- Не. Станот во кој те одвел не е негов. Тоа му беше изнајмен стан... Во него водеше... лесни жени... и... такви како него...

- Рековте дека сте биле офицер во ЈНА... Каков чин имавте и во кој род бевте?

По кратко молчење, господин Борис одговори:

- Бев во воената контра-известителна служба. Кариерата ја завршив како полковник.

- Навистина? Уф, мајката...

- Што има чудно во тоа?

- Не.. Нема ништо... Само така реагирав. Тоа е, така да кажам, чувствителна служба...

- Знам. Тоа секаде е контроверзна служба, посебно кај нас во тоа време.

Настана непријатно молчење. Испадна како да го обвинувам заради тоа, имајќи ја предвид непопуларноста на таа служба, барем за мене, а богами и за мнозина други...

- Се извинувам. Не мислев ништо лошо... Така ми се испушти... - морав вака да реагирам за да продолжи разговорот. Но, тој очигледно дека беше подготвен или, подобро кажано, навикнат на вакви реакции, па мирно продолжи:

- Бев на работа во многу краеви низ Југославија. Сум учествувал и во разни акции... И јавни и тајни...

“Аха”, помислив. “Значи пред мене е поранешен припадник на злогласната КОС или така некако... А, да бидам јас повнимателен за секој случај...” - тоа се првите мисли што ми паднаа напамет, но ведаш потоа и посмирувачите: “Море, што ми може? Човекот е пред крајот на животот, па можеби нешто му тежи и сака да го сподели со мене. Колку и да била сурова таа негова служба, истата веќе одамна не постои, а тој сепак е љубезен човек, кој ме покани на гости и ме чести со пијалак.”

- Сигурно имате бурни доживувања... Тоа сега е историја, па би било интересно да се слушне... - додадов, а веднаш потоа почувствував дека му пречам со моите упаѓања, па затоа пак одлучив да молчам.

- Сакам да ти раскажам една сторија, но под два услова.

- Кажете?

- Се што ќе ти кажам сакам да го запишеш внимателно и да го објавиш.

- Како да го објавам?

- Ти знаеш како. Снајди се. Ќе ти ја кажам најневеројатната вистинита приказна што досега си ја слушнал.

- Добро, но ... А, кој е вториот услов?

Моето име и името на мојот син не смееш да ги спомнеш. Вети ми дека така ќе направиш! Не смееш да спомнеш што и да било поврзано со нашиот идентитет.

- Зошто? - речиси ми излета од устата и веднаш сфатив дека повторно избрзано реагирав. Но, Борис и овојпат смирено одговори:

- Никој од моето пошироко семејство не знае со што всушност се занимавав....

- Во ред... Штом сакате, така нека биде, но постојат и од моја страна неколку прашања. Како прво, дали сакате тоа што ќе ми го кажете да се објави како книга или како некој друг вид текст?

- Книга. Сакам книга. Таа е вечна. Текстовите во весниците и списанијата траат од еден до друг број. Но, книгата е вечна. И денес читаме книги стари илјадници години.

- Е, ако е така, то ест, ако е приказната навистина интересна, можам да се обидам, но за книга се потребни средства.

- Средства ќе добиеш.

- Од кого?

- Од мене.

- Хм... Во ред. Само ќе треба подетално да се договориме... Имам уште едно прашање.

- Повели.

- Вие ми рековте да не ги спомнувам Вашите имиња, а ни податоци поврзани со вас и со Димитар, па како тогаш ќе напишам историска книга?

- А, кој вели да напишеш историска книга?

- Чекајте, јас сум историчар и во последно време пишувам само книги со историски факти...

- Снајди се. Напиши го ова што ќе ти го кажам во форма на роман или повест.

- Роман? Но, јас никогаш не сум пишувал романи, а ни повести. Не верувам дека ме бидува за такви работи... Не знам дали ќе успеам... - почнав да се правдам.

- Ти само сега запишувај јас што ќе ти кажувам, а потоа седни и оформи го сето тоа. Не обрнувај внимание на литературните вредности.

- Но, ако ги сокријам Вашите имиња и идентитети, кој ќе ми верува во Вашата приказна?

- Не мора никој да верува... Дури не е важно и дали некој ќе го смета ова за вистина или не... Важно е да остане запишано, да остане за иднината...

- Хм, добро штом е така. Ќе се трудам најдобро што можам, но не знам дали ќе успеам во... Барем да имав диктафон...

- Не треба диктафон. Еве ти нотес, па запишувај. - рече Борис и ми го подаде однапред подготвениот голем нотес и убаво пенкало.

Знаев дека што и да речам, ќе биде залудно. Конечно, ова ми е можност за заработувачка. Ќе напишам книга, тој ќе го плати печатењето, а јас потоа можеби нешто ќе продадам... Го зедов молкум нотесот и пенкалото. Не ми беше тешко да фаќам прибелешки. Во периодот од 1984 до 1986 година запишував фолклорни творби од Штип, но и од некои од околните села додека

работев една година како селски учител. Бев прилично добро навикнат да фаќам забелешки од нечие зборување, а потоа дома од нив да го реконструирам речиси во целост кажаното.

- Имаш полна слобода да го дотераш текстот како што сакаш. Ставај свои реплики, описи на ситуации и се што сакаш, но важно е да ја задржиш суштината.

- Ако е така, тогаш не гледам некој посебен проблем. Ништо нема да ме чини да го запишам тоа што ќе ми кажете, а штом Вие го плаќате печатењето, ќе се обидам да направам нешто. Ве слушам... - реков со стегнатите пенкало и нотес во рацете. Тој почна, а јас фаќав забелешки.

- Како што реков, јас сум офицер на ЈНА во пензија. Мојата кариера почна уште во НОБ. Се приклучив на крајот од 1944 година, кога имав седумнаесет години. Учествував и во борбите на Сремскиот фронт, а по војната целосно се посветив на војничката кариера. Прво работев во активна служба, а подоцна се запишав на Воената академија во Белград и бев еден од најдобрите питомци во Шестата класа... Јас бев, така да кажам, доверлив кадар во КОС. Активно се вклучив и успешно ги завршував сите задачи што ми беа доверувани, посебно во врска со расчистувањето со непријателските елементи, кои дејствуваа против нова Југославија. Можеби затоа ми доверија една важна задача. Еден ден лично бев повикан во Генералштабот во Белград.

- Која година било тоа?

- 1947. Првата половина.

- Во ред. Продолжете...

- Влегов во главната канцеларија на КОС и таму ме пречека лично генералот Јефто Шашиќ... Знаеш ли кој беше тоа? - праша наеднаш Борис.

- Знам. - одговорив подготвено и продолжив - Тоа е тој што дал наредба да се стрелаат педесетминатa велешани во јануари 1945 година... До не така одамна се уште беше жив...

- Да, тој е. Тогаш беше главен на КОС за цела Југославија. Опасен и суров човек... Страв и трепет... Со него во канцеларијата беше и еден непознат полковник.

По мала пауза Борис продолжи:

- Генералот Шашиќ ми соопшти дека ќе работам на една специјална задача од исклучителна важност. Притоа ми рече: 'Друже, оваа задача ти ја пренесувам усно. Тебе те избравме затоа што те сметаме за најпогоден. Еве за што се работи. Во нашата армија имаме офицер, капетан, кој дома поседува еден исклучително вреден предмет. Нашата служба треба да го добие тој предмет. Нашите веќе разговараа со него, но тој никако не сака да го даде. Нудени му се и пари и други привилегии, но тој не попушта. Не знаеме каде го крие тоа што ни треба. Твоја задача е да го откриеш “.

Останав збунет од ова што го слушнав, но пред да реагирам генералот Шашиќ продолжи:.

“Ти ќе се спријателиш со него и ќе видиш дали може да дознаеш каде го крие тоа што ни треба. Се разбира, никому ни збор за ова! Работата е сериозна”.

“Разбирам другар генерал. Ќе биде чест за мене да сторам се што можам. Но, јас тој капетан не го познавам, а не знам ни што е тоа што тој го има?”

“Повеќе детаљи ќе ти даде полковникот. Повелете другар полковник.” - рече генерал Шашиќ.

Полковникот (чие име не ми беше кажано) ме стрелна право во очите и почна:

“Тој капетан е од вашата армиска област. Поседува стара бакарна книга. Антиквитет од прва класа... Наше заедничко народно богатство... “

Полковникот накратко замолча, а јас го искористив тоа за дополнително прашање:

“Ако смеам да прашам...” -

“Прашај се што те интересира.” - рече полковникот.

“Од каде му е таа книга? Каде ја пронашол?”

“Наводно ја наследил од своите предци, но којзнае... Неодамна се обидел да ја продаде, но изгледа се премислил. Основано се сомневаме дека контактира со претставник на една странска служба и дека оттаму му вршат притисок да ја отуѓи во странство. Наш човек видел долари или фунти кај него, иако потекнува од сиромашно семејство....”

“Но...” - ми излета среде зборувањето на полковникот.

“Кажи?” - ме праша строго.

“Сакав да прашам...”

“Што?”

“Од каде знаете дека таа книга е толку вредна?”

“Стрпи се, ќе го дознаеш и тоа... Делови од таа книга, уште за време на кралска Југославија, ги има прегледано експерт за антиквитети. Лично професор Милоје Васиќ. Тој беше професор по археологија и управник на Народниот музеј во Белград. Патем тој беше и најзаслужниот за ископувањата во Винча во 1929 и 1934 година. Како стручњак за древните симболи, тој ја има потврдено нејзината вредност. Ние дојдовме до писме-

ниот извештај од неговиот преглед и нема сомнение дека се работи за многу вреден предмет. Сега имаме наредба од највисоко ниво, како знаеме и умееме, да дојдеме до таа книга. Но, не знаеме каде ја крие капетанот. Му понудивме да ја откупиме, а тој не сакаше ни да чуе. Упорно тврдеше дека не знае за што зборуваме".

"Зошто не сака да ја продаде?"

"Не знаеме... Нашите долу го виделе како оди кај некој јасновидец. Оној стариот Турчин од Битола... Синан Хоџа Десовец... Претпоставуваме дека сакал да дознае нешто за книгата и дека откако наводно Турчинот му кажал што има во неа, капетанот се предомислил и одлучил да не ја продава. Се разбира дека јас не верувам во такви глупости, но ете тој поверувал. Којзнае што ли му рекол Десовец..."

Додека зборуваше полковникот, јас за цело време стоев мирно пред неговото биро зад кое тие седеа.

"Твојата задача е да откриеш каде ја чува таа книга или да го убедиш да ни ја даде! Јасно!?

"Разбирам другар полковник. Но, ако тој не сака да ја даде, што да направам?"

"Тогаш ние настапуваме... Ќе превземеме поинакви мерки!

"Разбирам другар полковник". Но, како ќе се запознаам со капетанот? Кој е тој? Како се вика?

"Ние ќе средиме да работите заедно. Тој сега е на должност во Интендатската единица во Струмичкиот гарнизон. Таму ќе те прекомандуваме и тебе. Гледај да се спријателите. И повеќе од тоа... Не сакам ни чекор да направи без ти да знаеш. Јасно?"

"Јасно другар полковник".

“Во Командата во Скопје ќе ги добиеш сите дополнителни информации од неговото досие. А сега, ако немаш други прашања, слободен си”.

Пред да излезам, се обратив кон генерал Шашиќ, кој за цело време внимателно го слушаше разговорот:

“Другар генерал, ако е тоа се, дозволете ми да се оддалечам.”

“Оди.” - рутински ми одговори тој.

*

Борис воздивна и отсутно зјапна во масата пред себе. Потоа продолжи:

- Тоа време што и да ни кажеа дека е во интерес за нашата татковина Југославија, ние ќе го исполневме. Така ја сфатив и оваа задача и бев подготвен да сторам се за да ја извршам. Штом наредбата доаѓа од највисоко ниво, нема што да се прашува. Само ќе се извршува! Сигурно дека таа книга е вредна за нашата држава и народ, па не може некој поединец да се зафркава со сите нас, дури и да е капетан или не знам што... И така се најдов во Струмичкиот гарнизон и се запознав со капетанот...”

- Капетанот кој? - пресеков наеднаш.

Борис ме погледна и сериозно ми одговори:

- Тоа не можам да ти го кажам. Неговиот идентитет засега ќе остане тајна.

- Ха... Во ред... Ваше право е... Но, сега ептен никој нема да ми верува во ова што ми го кажувате и што сакате да го запишам и објавам. Вие и Вашиот син немате идентитет, а нема идентитет ни човекот што ја поседувал бакарната книга... Читателите ќе помислат

дека сето ова го измислувам... Мене ќе ми биде незгодно... - реков по малку разочарано.

- Не мора да биде така... - ми реплицираше Борис.

- Како не мора?

- Како прво, јас ти реков дека ова што ти го кажувам можеш да го објавиш во форма роман, па тогаш никој не може да ти забележи дали е ова измислица или не. Кога е роман, се едно е дали дејствието е вистинито или не.

- Хм...

- Како второ, јас и навистина ти кажав сериозна причина зошто не сакам моето име и името на мојот покоен син да бидат спомнати...

- Во ред, тоа го разбирам...

- И како трето, идентитетот на капетанот... нашата жртва... можеби еден ден ќе го дознаеш.

- Како? Кога? - речиси извикав.

- Јас нема да ти го кажам, но можеби еден ден друг ќе ти го каже... Доколку сака.

- Не разбирам...

- Не е важно. Да продолжиме со работата.

- Навистина не го разбрав ова последново... Кој ќе ми го каже идентитетот на капетанот?

- Реков дека не е важно... Ајде да продолжиме.

- Во ред. - ги згрчив рамениците.

Борис се двоумеше како да продолжи. Го искористив тоа за уште едно мое уфрлување:

- Пред да продолжите...

- Да?

- Сакав да кажам... Го спомнавте јасновидецот Синан Хоџа Десовец. За него имам слушнато и јас. Но, тој одамна е починат. Ако не се лажам уште во 1952 година.

Чичко ми бил кај него. Јас пишував за овој неверојатен јасновидец во една моја книга... Штета што живеел во погрешно време. Од она што го имам слушано за него, несомнено дека ќе имал светска слава ако живеел во некоја слободна земја и во некое друго време... Се извинувам што се оддалечив... Продолжете...

Борис не прокоментира ништо, туку веднаш продолжи:

- Пред да заминам за Струмица, добро го проучив досието на капетанот. Имаше интересна биографија...

- И неа ли нема да ми ја кажете? - прашав љубопитно.

- Нешто ќе ти кажам, а нешто не... - рече Борис и извади некакви свои прибелешки. Ги стави очилата, нешто од нив прочита, а потоа продолжи:

- Капетанот беше неколку години постар од мене. Потекнуваше од патриотско сиромашно семејство од едно велешко село. Наводно бакарната книга била во посед на неговото семејство уште од многу одамна... Се пренесувала од колено на колено и така тој ја наследил. За време на Втората светска војна, двапати бил интерниран во Бугарија. Првиот пат уште во јули во 1941 година. По неколку месеци се вратил во своето село и уште двапати бил апсен. Во 1943 година пак бил интерниран. Јасно е дека овие апсења и интернации биле поради книгата, иако тој тоа никогаш не го призна. Бугарите го апселе под разни изговори. Последниот пат го обвиниле дека наводно учествувал во вооружен напад против нивната војска. Но, тоа не било вистина. Еднаш тој самиот ми призна дека не учествувал во таа акција, а кога го прашав зошто тогаш бил уапсен и интерниран, не ми одговори... Очигледено дека Бугарите сакале по секоја

цена да ја добијат бакарната книга, но не успеале. Исто како и нам, така и ним им зборувал дека не поседува никаква книга и дека не знае за што зборуваат. Во 1944 година заминал во партизани. Учествувал во борбите на Сремскиот фронт. Добил чин капетан. Се истакнал со својата храброст и во една борба бил ранет. Додека лежел во болница во Славонска Пожега му придјела една болничарка, која му се претставила како Милена Поповиќ. Таа го лекувала и со неа подоцна се допишувал. Меѓутоа, нашата служба открила дека таа болничарка воопшто не се викала така. Нејзиното вистинско име било Елизабета Хајнц. По националност била Германка, но работела за Англичаните уште за време на окупацијата. Нашите ја откриле и ја затвориле во логор. Но, оттаму побегнала и добила лажна легитимација на име Милена Поповиќ. Задача и било да се запознае со нашиот капетан и претпоставуваме дека му нудела големи пари за книгата. Веројатно му дала извесна сума како подарок. Во 1947 година, поручникот Никола Манасијевиќ, забележал кај капетанот извесна сума долари и фунти. Сето ова го прочитав од неговото досие... Со Елизабета Хајнц капетанот продолжил да комуницира и откако дошол на служба во Струмичкиот гарнизон. Потоа нашите ја пронајдоа и ја уапсија. Нејзината судбина не ми е позната. Веројатно била протерана од Југославија. Капетанот се правдаше дека не знаел што работи таа, па затоа не беше повикан на одговорност...

- Гледам дека доста детаљи знаете за него... - не можев да се воздржам, а да не прашам.

- Да. Овие детаљи се од неговото досие. Сметам дека тоа што ќе го запишеш ќе биде поубедливо ако се

уфрлат што повеќе детаљи. - ми одговори подготвено Борис.

- Но, преку овие детаљи некој можеби ќе го открие идентитетот на капетанот. - продолжив.

- Па што? Јас ти реков дека можеби и ти ќе го дознаеш еден ден. Мене ми е важно сега, додека ти ги кажувам настаните, да не се обелодени неговото име... Чисто поради превентива за да не настанат некои непредвидени компликации... А потоа, ако го дознаеш, оставам на тебе дали ќе го објавиш или не...

- Хм... Во ред. Продолжете.

Погледнувајќи повремено во своите прибелешки Борис продолжи:

- Нашите луѓе за прв пат му ја побарале бакарната книга на капетанот уште веднаш откако се вратил од Сремскиот фронт. Бидејќи не сакал ни да разговара на таа тема, следувало негово, во извесна смисла, деградирање.

- Какво деградирање? - прашав.

- Службено... Тој бил капетан во борбите на Сремскиот фронт. Како истакнат и докажан борец, дури стигнал и на должноста политички комесар на баталјон. Но, откако категорично одбил да разговара со нашите за бакарната книга, бил префрлен во интендантската служба во гарнизонот во Струмица... Претпоставувам дека имаш служено војска...

- Да и знам што е интендантска служба. Тоа е позадинска единица, која главно се грижи за обезбедување храна за војската... И навистина претставува деградација кога офицер, кој учествувал во борбите и бил политички комесар, наеднаш е префрлен во позадинска интендантска служба...

- Нему тоа тешко му паднало. Оружјето преку ноќ морал да го замени со молив и тетратка, а наместо со своите колеги да оди на терен и да се усовршува во војувањето, требало по цел ден да го контролира броењето компири, вреќи брашно, сено и јајца во војничките магацини. Но, бидејќи немал друга егзистенција, морал и тоа да го прифати. Уште на почетокот покажувал незадоволителни резултати во работата, секако како притаен револт кон претпоставените. Честопати се случувале збрки во броењата на намирниците што се одвивале под негова контрола. И сите тие негови гафови педантно биле внесувани во неговото досие. Подоцна, откако се запознавме, почна честопати самоволно да ја напушта единицата и да оди во околните градови, а почна и се погласно да ја критикува состојбата околу себе.... Всушност, тука требаше да се уфрлам јас. Требаше и самиот да "глумам" незадоволство, божем и мене ме пратиле, така да се каже, по казна, во интендантската служба во Струмичкиот гарнизон, а откако ќе се зближевме, требаше да дознаам каде ја крие книгата. Доколку успеев во тоа, требаше божем да му понудам големи пари од името на една странска држава и бекство преку граница...

- И дали успеавте? - пак го прекинав излагањето на Борис. Мислев дека едноставно ќе ми одговори со "да" или со "не", но тој како да се збуни од ова прашање. Не ми одговори конкретно, туку воздивна и замислено продолжи:

- Дали успеав?...

- Да. Дали му ја зедовте книгата?

- Да... Ни ја даде... Но, многу подоцна... - тешко одговори Борис, а потоа повеќе како за себе промрмори -

Зошто не ни ја даде веднаш? Зошто мораше толку да се мачи?

Останав во неизвесно исчекување. Борис несигурно продолжи:

- Ова никому не сум го кажал досега. Цел живот ми тежи... Белки ќе ми олесни сега пред крајот на мојот век...

- Претпоставувам дека сте му направиле некое зло!? - решив да "интервенирам" за да продолжи разговорот.

Борис не обрнуваше внимание на моите зборови. Како да собра сила и продолжи:

- Шест години... Шест години затвор му сместивме на човекот... Ни крив ни должен... Пет од нив ги одлежа за ништо...

Признавам дека не очекував да слушнам вакво нешто. Не можев да се воздржам и прокоментирав:

- Одлежал пет години затвор?

- Да...

- Каде ги одлежа?

- На Голи Оток.

- На Голи Оток? - прашав вџашено.

- Тогаш таму лежеа политичките затвореници.

- Лежел пет години на Голи Оток затоа што не сакал да ви даде нешто што нему му припаѓало?

- Знам што мислиш сега за мене... Но, тоа е тоа. Нема оправдување за тоа што му го направивме, но тоа што тој го поседуваше навистина беше многу вредно. Можеше и полошо да го снајде. Ќе слушнеш во продолжение... Освен доколку не сакаш да прекинеме?

- Да бидам искрен, не ми е се едно откако го слушнав ова. Знам дека тогаш се правеле многу гнасо-

тии, но никогаш не сум слушнал конкретно признание од тие што тоа го правеле. Сепак, ќе продолжиме и ќе ја завршиме работата професионално. Сакам да Ве прашам уште нешто. Ме интересира, како му ги наместивте тие шест, односно пет години затвор? Опишете ми го конкретно сето тоа?

Борис пак се подзамисли, а потоа продолжи:

- Во склад со доверената задача, јас се зближив со него, но тој беше мошне претпазлив. Избегнуваше да разговара со мене за сериозни теми, а еднаш кога, во договор со моите претпоставени, му спомнав дека имам слушнато дека барале некаква бакарна книга од него и дека можам да му средам да ја продаде и да се збогати, речиси целосно почна да ме избегнува. Откако сфатив дека нема намера ни да разговара за бакарната книга, ги известив претпоставените. Бев повикан во Белград, каде поднесов детален извештај пред генералот Шашиќ. Видно нервозен, затоа што и него го притискале од највисокото место да го реши овој случај, тој ми рече дека преминуваме на нова фаза во дејствувањето. Требаше да го заплашиме со затвор, па и да го пикнеме таму ако треба. Во меѓувреме капетанот се запиша во Интендантската школа во Требиње. По задача, тајно бев испратен таму за да ги известам нашите од КОС во Требиње како да постапат со него. Откако и таму се покажа како тврд орев, добив овластување да ангажирам неколку тамошни офицери, кои му подметнаа на капетанот дека наводно дал изјави во нивно присуство против нашата земја...

- Се сеќавате ли на некои од нив? - прашав, барајќи повеќе детаљи.

- Се разбира. Ќе ти ги кажам и нивните имиња. Сега тие одамна се покојни. Главни во местенката беа

потпоручниците Славко Коларевиќ и Фрањо Мајнариќ. Тие му накалемија непостоечки изјави против Кардељ. Го искористија и тоа што капетанот имаше благи симпатии кон Русите. Му измислија или му искривоколчија изјави и во врска со Корејската војна, која тогаш беше актуелна. Му накалемија и други изјави што воопшто не ги дал или поинаку ги дал. Тие двајцата беа директно под моја контрола. Подоцна обезбедивме и други лица кои сведочеа против него. Меѓу нив беше и поручникот Давид Дураковиќ и лицето Херо Џафер. Имаше и еден Шуковиќ. И уште еден. Босиќ Новак се викаше... Секој од нив измисли по нешто против капетанот, но најглавни беа Коларевиќ и Мајнариќ. Тие беа ненадминати во местенките... До денес го чувам записникот од сослушувањето... Така беше уапсен...

- Која година било тоа? - прашав.

- Не само година, туку ќе ти го кажам и датумот на апсењето. Еве, овде пишува... 17 јануари 1951 година.

- Тоа се уште било времето на Информбирото.

- Да. Илјадници луѓе тогаш беа затворени само затоа што нешто рекле. Таквата атмосфера ни се погоди во нашата борба со капетанот. И во притворот го терав-ме да ни ја даде книгата. Но, тој не попушти... Не попушти дури ни кога Воениот Суд во Сараево го осуди на шест години строг затвор. Не попушти ни додека беше во затвор. Ни кога му се заканувавме дека ќе му наштетиме на семејството... Не попушти и одлежа пет години, а потоа го пуштивме...

- Па како му ја зедовте книгата? - прашав, се уште чувствувајќи одвратност, не толку кон мојот соговорник, туку кон системот што така си поигрувал со судбините на луѓето.

- Во меѓувреме јас завршив академија во Белград и пак дојдов на служба во Македонија. Имав задача да следам се што ќе се случува со, сега веќе бившиот, капетан. Овојпат работев во координација со цивилната служба. Разбравме дека по излегувањето од затвор имал големи проблеми. Физички и психички бил истоштен, а ние презедовме мерки никој да не смее да му помогне. Им се заканивме на неговите другари дека ниту еден не смее да комуницира со него. Всушност, еден од нив не не послуша. Некаков новинар од Скопје. Единствено тој го прими капетанот кај себе откако излезе од затвор. Но, тоа скапо го чинеше. Набргу новинарот беше избркан од работа. Потоа капетанот се прибра кај жена си со која беше оженет од 1949 година. Иако одвај дали имаше триесет години, наликуваше на старец. Косата во затворот му обеле... Додека ги отслужуваше првите месеци во затвор, му се случи уште една несреќа. Му почина детето на двегодишна возраст. Скршен и поразен, по излегувањето на слобода, тој падна во длабок очај. И тогаш пак настапивме ние! Го начекавме кога му беше најтешко и пак го сардисавме... - овде Борис прекина и се замисли.

Јас веќе почнав да го пцујам мојот соговорник во себе. Си помислив на несреќниот капетан, кој чмаел во затвор токму кога требало да биде најсреќен со својата млада сопруга. Какви ли маки таму доживувал? И барем да имало причина за тоа... Барем да имал некаква идеологија... Но, тој настрадал буквално за ништо! Ебати таквиот систем! А ни овој спроти мене не е китка за мирисање. Токму таквите како него го направија тој систем... Но, зошто се возбудувам? Поарно да останам ми-

рен. Да го запишам и објавам сето ова. Нека се знае за идните генерации...

- И што му направивте овојпат? - прашав цинично.

- Ништо. Само му се заканивме дека ако не ни ја даде книгата пак ќе го пикнеме в затвор! И тоа уште на шест години! Му рековме дека овој пат сите ќе ги одлежи... Тогаш тој попушти. Знаеше дека со нас нема шега. Сиот скршен еден ден сам се јави на телефонот што му го бевме дале за врска и побара средба. Се сретнавме во градот, каде тој се прибра со жена си. Закажавме средба во Градскиот парк. Со мене беше уште еден офицер. Капетанот донесе торба, а ние нашите пиштоли. Бевме подготвени на се. Кога бркна во торбата, инстинктивно се фативме за пиштолите. Тој извади нешто завиткано во бела крпа и ни го даде:

“Ме победивте бе ѓубриња... Еве ви ја книгата. Мајката да ви ја ебам... “

Мене и на офицерот ни олекна. Прво ја отворивме крпата и откако видовме што има во неа, се насмеавме и почнавме да го тешиме... “Браво. Ти благодариме за твојот патриотски гест. Нашата татковина ќе ти биде должна. Ќе добиеш и пари како што ти е ветено...” Но, тој очигледно не не слушаше. Зјапаше со тап поглед и мрмореше:

“Мене оваа книга не ми донесе среќа. Посакувам и вам истото да ви се случи...”

“Немој така друже... Ајде да се напиеме по една, а до утре ќе ти ги дадеме и парите...”, рече офицерот што беше со мене.

“Пари? Од вас не земам пари. Не ми требаат вашите скапани пари...”

По краткото убедување, видовме дека тој нема намера да ги земе парите, туку пцуејќи не полугласно, замина.

Нам ни олекна што успешно ја завршивме работата. Книгата не ја разгледавме, затоа што немавме таква наредба, туку веднаш ја однесовме во касарната. Утредента рано заминавме во Скопје и ја предадовме во Командата, каде видно се израдуваа, не пофалија за успешно завршената задача, а потоа не ослободија.

Борис пак замолча, а јас одвај успеав презирот што го чувствував кон него, да го покријам со маска на рамнодушност:

- И?

- Што "и"?

- Што се случи потоа? Каде заврши книгата? Толку ли била вредна? Дали пак го видовте несреќниот капетан? Што се случи со него?

- Капетанот никогаш повеќе не го видов, но дискретно понекогаш се интересирав за неговата судбина. Слушнав дека колку толку се снашол во животот. Му се родиле уште две деца. Почина пред дваесетина години. Од срцев удар...

- Последица од затворот...

- Можеби...

- А книгата?

- Токму заради неа и те викнав.

- Дали зборовите и знаците што ми ги покажа Вашиот син се препишани од неа?

- Да.

- Како стигнала кај него? Та, нели била во сопственост на КОС?

Борис којзнае по кој пат воздивна и продолжи:

- Ќе слушнеш... Се покажа дека бакарната книга е како сеф со невидено богатство, но дека...

- Никој не ја знае шифрата... - дополнив.

- Да...

- Продолжете.

- Книгата веднаш беше префрлена во Белград. Лично маршал Тито покажал интерес за неа. И не само тој. Голема врева се крена околу неа. Ја прегледаа неколку професори, кои само потврдија дека се работи за исклучително вредно откритие, кое во себе носи голема тајна... Се зборуваше дека и некои странски фактори покажале интерес...

- Кои?

- Не знам дали е вистина, но еден мој колега ми кажа дека слушнал за таен разговор помеѓу Тито и Черчил... Британскиот премиер ја побрал книгата... Тито не му ја дал...

- Од каде разбрал Черчил?

- Ех, од каде.... Се прашува ли тоа?

- Добро... Навистина глупаво прашање... Веќе ми ја спомнавте Германката што работела за Англичаните... Изгледа книгата навистина нешто значела... Но, што? Што има толку вредно во неа?

- Ќе зборуваме и за тоа.

- И велите дека Черчил ја барал од Тито?

- Така се зборуваше во нашите кругови... Черчил понудил големи пари... Дури и повеќе од тоа...

- Што повеќе?

- Не знам... Немам докази... Само слушнав дека...

- Што?

- За книгата Черчил нудел и политички отстапки... Но, не ме прашувај какви... Неблагодарно е да се зборува за тоа, а немам ни докази...

- Британија во тоа време немала никакви отворени прашања со Југославија... Освен македонското прашање во Грција... - прокоментирав.

- Не знам и нема ништо повеќе да кажам.

- Ова ми се чини премногу фантастично за да верувам. Од друга страна, сигурно дека Вашите биле добро информирани... Којзнае... - реков и се замислив, но бргу потоа се совзедов и пресеков:

- Мислам дека е доста за денес. Морам да одам. Ќе се видиме следната недела.

- Како сакаш. Има уште многу да ти кажувам. - одговори Борис.

- Навистина е интересно и речиси неверојатно... Кој би рекол дека таки работи се случувале во Титова Југославија? Но, добро, јас тогаш не сум ни бил роден... - повеќе како за себе го кажав ова.

*

Деновите до следната средба ги поминав во внесување на забелешките од нотесот во компјутерот. Истовремено интензивно размислував за сето ова. Рој од секакви мисли ми танцуваа низ главата. Чувствував револт кон мојот соговорник заради неговата суровост, но и го сожалував поради смртта на синот. Размислував и за несреќниот капетан. Ми беше жал и за него. Се прашував кој е тој? Каде живеел? Очигледно дека има свое потомство некаде во Македонија штом Борис не сакаше да ми го каже неговото име... Да се обидам да дознаам сам? Но, како? Тоа е невозможно. Борис ми кажа

неколку имиња на дамнешни офицери од Интендантската школа од Требиње, но сигурно дека тие одамна се покојни. Дури и да најдам некој од нивните синови, ќерки или внуци, од каде тие ќе знаат што работеле нивните родители и дедовци и со кого се дружеле? Помислував и на кажаното во врска со Черчил. Ех, кога би можеле да се најдат документи за тоа... Пак ги погледнав зборовите и знаците што ми ги даде покојниот Димитар. Сега ми се сторија како и навистина да имаат некое големо значење...

Следната среда (1 јуни 2005) пак заминав за Скопје. Се беше исто како и минатиот пат: дивиот таксист, кулата со расипан лифт, некрологот на влезната врата, ѕвонењето, педантниот господин Борис со црна лента на кошулата, фотељата од намештајот "Луј", која подготвено ме чекаше... Единствено, забележав тенка книга со сини корици на масичката. По воведната размена на: "Како си? Добро ли патуваше?..." и слично, Борис почна:

- Направи ли нешто?

- Да. Мислам дека ќе испадне интересна книга. Се што ми рековте го нафрлив во компјутерот, а подоцна ќе го обработувам со реплики и описи на ситуации.

- Во ред. Кога ќе имаш нешто поконкретно донеси ми да прочитам.

- Нема проблем.... А, сега предлагам да почнеме... Да не губиме време.

Борис длабоко воздивна и продолжи.

- Ја добивме бакарната книга, но потоа се јавија нови проблеми. Нашите стручњаци не успеаја целосно да ја одгатнат пораката што таа ја содржеше. Само успеаја да преведат некои од зборовите, додека знаците останаа

тајна. Преведените зборови навестуваа навистина нешто големо... Од безбедносни причини не сакавме да ја изнесуваме книгата во странство, а не сакавме ни да доведуваме овде странски експерти да ја видат. Испративме во странство пресликани извадоци од неа, но не добивме никакви поконкретни резултати. Некои претпоставуваа дека страниците на книгата требало да се одвојат, па да се наредат една врз друга на некаков посебен начин за да се добие некоја поконкретна порака. Се направија и такви обиди, но пак без успех. Така состојбата стана речиси безизлезна. Го имавме овој вреден предмет в раце, а не знаевме што понатаму. Во меѓувреме јас напредував во кариерата, но се уште бев ангажиран на овој случај. Така поминаа цели две и пол децении. Дојдоа нови времиња... И тогаш... Внесовме нов момент во обидот да ја одгатнеме содржината на книгата... - Борис за миг подзастана.

- Каков момент? - прашав нетрпеливо. Борис продолжи како да не го слушна моето прашање:

- Тоа беше на крајот од 1978 година. Еден ден бев повикан во Генералштабот на Третата армиска област. Добив известување дека сум повикан лично од генералот Дане Чуиќ.

- Кој е пак тој?

- Тогаш тој беше главен на КОС за цела Југославија.

- Значи, пак Ве повикале од највисоко ниво. - прокоментирав. Борис продолжи:

- Во канцеларијата на Командантот на Третата армиска област беа генералите Каранѓелески и Чуиќ. Генерал Чуиќ ми соопшти дека ќе добијам нова задача, која пак ќе биде поврзана со бакарната книга... Ми соопшти

дека детаљите ќе ми ги даде полковникот на КОС, кој беше таму дојден со него. Потоа полковникот ми ја довери задачата... Требаше да организирам дел од содржината на книгата да дојде во рацете на... - Борис пак подзастана.

- На некој странски експерт за стари јазици и симболи? - прашав нетрпеливо.

- Не... Книгата овојпат не ја носевме кај експерт, туку кај... една јасновитка!

Не можев да се воздржам, а да не се насмевнам:

- Што? Кај јасновитка? Како така? Зарем тогаш верувавте во такви работи?

- Се сеќавам дека тогаш со извесен отпор ја примив таа задача. Цел живот бев воспитуван со идеите на марксизмот и материјализмот и бев убеден дека религијата е штетна затоа што создава вештачки поделби кај народот...

Борис пак замолча, а јас ја искористив паузата за да реагирам:

- Ве разбирам... Но, простете што ќе речам, не Ве оправдувам...

- Знам... Сега и јас поинаку мислам за овие работи... Колку што ми се доближува крајот на животот, станувам се посвесен дека има нешто... Дека религијата не е таква каква што ни ја претставуваа на Воената академија и на марксистичките курсеви и патриски состаноци... Јас се уште не одам в црква, но знам дека има нешто... Меѓутоа, тогаш во седумдесеттите, кога марксизмот беше наша официјална и единствена идеологија, јас и навистина така размислував...

- Да, така беше. Продолжете... Која е таа јасновитка?

- Ванѓа од Петрич. Баба Ванѓа...

- Навистина? - прашав со уште поголема љубопитност.

- Нејзината популарност веќе беше во полн ек, но јас едноставно тогаш не сакав ни да размислувам за такви работи.

- Да, според мене таа несомнено беше светски најдобрата јасновитка можеби на сите времиња. Постојат регистрирани неверојатни случаи со нејзините предвидувања... Кожата да ти се наежи кога слушаш за нив... Не знам дали знаете дека таа е родена струмичанка... Откако се омажила во Петрич, останала да живее од онаа страна на границата... Ех, да останела овде, каде ќе ни беше крајот? - реков возбудено и продолжив - И? Што Ви кажа таа?

- Всушност, ова не беше едноставна задача. Претпоставувам дека знаеш какви беа тогаш односите помеѓу Југославија и Бугарија. Напнати и речиси отворено непријателски. Знаевме дека Ванѓа е надгледувана од бугарската служба за Државна безбедност, па требаше или да ризикуваме самостојно да одиме или да се обидеме да преговараме со нив. Се разбира преку посредник...

- Преку советската КГБ? - прашав.

Борис зачудено ме погледна:

- Од каде знаеш?

- Не знам, туку логично претпоставувам.

- Да. Преговаравме со КГБ да интервенираат кај нивните бугарски колеги да не ни прават проблеми... Воспоставивме контакт на највисоко ниво. Лично кај Јурий Андропов, тогашниот главен на КГБ... Испративме човек, кој беше примен од раководителот на Првата

главна управа на КГБ задолжена за странство. Нашата идеја беше да ја однесеме книгата кај Ванѓа и истиот ден да ја вратиме. Советите бргу се согласија, но тогаш нашите се предомислија... Се прашувавме зошто толку лесно тие ја прифатија нашата идеја. Се сомневавме во некоја заднина... На крајот се донесе решение, преку трето лице, да се испрати кај Ванѓа препис со дел од симболите во книгата. Доколку таа откриеше нешто важно, тогаш ќе следеа други чекори...

- И? - прашав се понетрпеливо.

- И ништо... - рече неодредено Борис.

-Како ништо? Дали и го однесовте преписот? Што ви одговори таа?

- Замислата не ни успеа...

- Зошто?

- Откако одлучивме да однесеме само копија од мал дел од содржината на книгата, а не самата книга во оригинал, Бугарската служба одби да соработува. Така моравме сами да се снаоѓаме. Преку наш човек, најдовме еден бугарски државјанин, му го дадовме листот да го однесе кај Ванѓа. Го убедивме дека се работи за карта на скриено богатство...

- Дали го однел листот кај Ванѓа? - прашав со веќе зовриено нетрпение.

- Не... Всушност, да... - пак рече неодредено Борис.

- Не разбирам. - реков збунето.

- Поради тоа што тој појде кај Ванѓа како обичен граѓанин, според протоколот за прием кај неа, прво се најавил преку нејзината сестра. Но, таа му рекла дека Ванѓа не прима луѓе кои носат разни наводни карти со кои се надевале дека ќе откријат богатство. Сестра и на Ванѓа го упатила кај својата ќерка Красимира која била

експерт за стари писма. Човекот го дал листот на Красимира, а таа го однела кај професори во Софија. Сите и одговориле дека тие знаци не значат ништо и дека сето тоа е бесмислица. Всушност, претпоставувавме дека тие не можеле да одгатнат ништо, исто како и нашите експерти. Но, листот воопшто не дошол во рацете на Ванѓа. Барем тоа беше официјалната верзија што ни ја соопшти човекот што се обиде да и го даде...

- А неофицијалната?

- Неофицијално од нашите луѓе во Бугарија дознавме дека недолго потоа таму биле превземени некакви ископувања. Наводно за сето тоа лично се ангажирала Људмила Живкова, ќерката на Тодор Живков, која тогаш беше Министер за култура на Бугарија.

- Уф мајката... Зарем не беа и тие комунисти?

- Да, но Људмила беше мошне специфична личност. Таа беше добар познавач на источните култури. Имаше мошне широки сфаќања, имајќи ги предвид условите во кои дејствуваше. На пример, таа многу се интересирала за тракиското наследство кај денешните Бугари. Таа сакала да ја шири бугарската култура и вон границите на Источниот блок, а се интересирала и за парапсихологија и тоа отворено го покажувала. Поради тоа не била многу омилена среде конзервативните комунистички кругови во Бугарија, а ни во Советскиот Сојуз. Дури некои сметаат дека била тивко ликвидирана... Таа почина во 1981 година на возраст од само 39 години... Наводно од тумор на мозокот, но којзнае дали е така и како заболела...

- Имам нешто слушнато за ова... Но, дали нешто конкретно разбравте во врска со листот?

- Не. Освен, како што реков, дека биле превземени некакви ископувања, кои не дале резултати. Но, немавме докази дека тоа е поврзано со листот на кој беа симболи од бакарната книга...

Последните зборови на Борис нагло го спласнаа моето расположение. Можеби очекував да слушнам нешто спектакуларно? Морав да реагирам:

- Па, добро господине Борис... Ако не сте успеале да го доставите листот со симболите од бакарната книга до баба Ванѓа, зошто тогаш ми ја кажавте оваа епизода? Не знам што има интересно во неа?

- Интересното дојде могу подоцна...

- Како?

Тогаш Борис ми ја подаде книгата со сина корица. Насловот на книгата гласеше "ВАНЃА". Автор беше Красимира Стојанова, токму внуката (од сестра) на баба Ванѓа на која човекот и го дал листот со симболите. Ова беше македонско издание на книгата подготвено од издавачот "Голд Бак" од Скопје. Книгата беше објавена во 1997 година, додека оригиналот на бугарски е објавен во Софија во 1989 година.

- Чекајте, јас ја имам оваа книга. - реков изненадено - Ја имам во оригинал на бугарски. Страотна книга! Не знаев дека е преведена на македонски... Никој нема да остане рамнодушен откако ќе ја прочита...

- Се согласувам. - потврди Борис.

- Треба ли нешто да прочитам од неа? Зошто ми ја давате?

- Сврти на страница 126.

Ја зедов книгата и набргу ја најдов бараната страница.

- Десет години... Цели десет години требаше да поминат за да дознаам... - продолжи Борис.

- Што да дознаете? - реков со нарасната љубопитност.

- Дај ми ја книгата...

Откако му ја подадов, Борис си ги намести очилата за читање и ме погледна како да сака да ми открие некоја голема тајна.

- Красимира... Авторката на оваа книга, без да ја знае позадината, го опишала нашиот случај во целост... Случајот со нашиот човек што го пративме кај Ванѓа...

- Го опишала? Во оваа книга? Јас ја имам прочитано, но многу одамна... Не се сеќавам...

- Таа во книгата ги запишувала најчудните доживувања на својата тетка Ванѓа, на кои и самата била сведок. Не знаејќи кој е човекот што и го донел листот со знаците, таа го запишала и случајот со него...

- Но, зарем не рековте дека баба Ванѓа не го добила листот?

- Така нам ни беше кажано, се додека не излезе книгата од Красимира, во која е опишана вистинската страна на овој случај.

- Интересно! Одвај чекам да слушнам како таа го опишала сето ова...

Борис се задлабочи над книгата и пред да почне да чита на глас, ги повтори најважните објаснувања:

- Запиши дека овој настан е опишан на осум страници во книгата за Ванѓа. Како што реков, автор е нејзината внука Красимира. Таа живеела со својата мајка, која била сестра на Ванѓа, во местото Рупи и оттаму ги препраќале заинтересираните луѓе кај Ванѓа. Красимира, без да знае, го опишала нашиот случај...

- Запишав... Продолжете. - реков нетрпеливо.

Што ми прочита Борис од книгата за баба Ванѓа? За да не навлегувам во детаљи (а воедно и поради обзир кон авторските права на авторката Красимира Стојанова и на приредувачите на македонското издание) ќе препорачам секој читател сам да ја најде оваа книга и да ја прочита во оригинал спомнатата случка. Јас овде само ќе го прераскажам сето тоа накратко. Значи, Красмира пишува дека еден ден кај сестрата на Ванѓа дошол некој човек, кој ја замолил да му организира средба со познатата јасновитка. Сестрата на Ванѓа го прашала за причината за таа средба, а тој извадил некаков превиткан лист со неразбирливи знаци на него, кои личеле на хиероглифи и на ситни геометриски фигури. Рекол дека тоа претставува некоја тајна карта. Сестрата на Ванѓа му рекла дека Ванѓа не сака да прима луѓе кои бараат скриени богатства. На упорното инсистирање на човекот, му рекла дека нејзината ќерка Красимира е египтолог и дека таа се разбира во стари симболи. Красимира сето ова го слушала и (за да не ја одбие својата мајка) неволно се согласила да го земе листот за да го разгледа и евентуално да го однесе кај своите професори во Софија. Така и направила. Меѓутоа, ниту таа, ниту некој од нејзините професори, не успеале да откријат ништо интересно во тие симболи. Тие не личеле на ниту едно познато древно писмо. Софиските професори изјавиле дека тоа се глупости, кои немаат никакво значење. По извесно време човекот повторно дошол, Красимира го примила во дворот и му соопштила дека професорите во Софија и рекле дека тие знаци не значат ништо. По ова човекот разочарано си заминал. Но, се покажало дека целиот тој разговор, од собата внатре, го слушала и Ванѓа. Таа ја

повикала Красимира и ја прашала што е работата. Красимира и кажала за човекот и за листот. Ванѓа ја ислушала, а потоа и рекла дека тие знаци не се без значење, туку дека станува збор за голема и тешка тајна за која ни Красимира, ни професорите, ни дотичниот човек, ни кој и да било друг од тоа време, не биле достојни да ја откријат и протолкуваат. Ванѓа, како во транс, почнала да зборува дека се работи за карта која нуди податоци за камен саркофаг во кој била сокриена тајна писменост. Тие знаци и симболи биле препишувани во текот на многу генерации и се уште никој не можел да ги протолкува. Саркофагот бил сокриен во земја пред многу векови. Ванѓа рекла дека дури и да го најдат саркофагот, сегашните луѓе немало да можат да ја протолкуваат тајната писменост. Таму била запишана целокупната историја на светот од пред две илјади години наназад во минатото, а биле дадени и податоци за она што ќе се случува две илјади години нанапред во иднината. Потоа Ванѓа рекла дека саркофагот бил донесен тајно од Египет со помош на војска, воени началници, робови и камили. Кришум бил ставен под земја, а потоа сите кои учествувале во оваа работа, до еден биле убиени на лице место за да не се дознае тајната локација се до некоја далечна иднина кога ќе биде откриена и протолкувана од луѓето. Ванѓа рекла дека тоа било древно послание со непроценлива вредност за човековиот род.

Кога Красимира ја прашала Ванѓа за локацијата на тој саркофаг, таа само одговорила дека се наоѓа во “нашата земја”.

Понатаму Красимира пишува дека, иако дотогаш верувала во се што ќе и каже Ванѓа (затоа што, како нејзина внука од сестра, лично била сведок на испол-

нувањата на бројни нејзини предвидувања) сето ова и се сторило многу неверојатно. Сепак, повторно отишла во Софија, разговарала со свои колеги, кои пак ја убедиле дека тие знаци не значат ништо и дека се обични глупости. Тогаш Красимира се разочарала и го искинала листот со преписот што и го дал човекот. Тој човек никогаш повеќе не го видела. По извесно време Красимира повторно се сретнала со својата тетка Ванѓа, која ја прашала за мислењето на професорите од Софија. Откако Красимира и кажала дека тие повторно рекле дека сето тоа се бесмислици, Ванѓа повторила дека тоа се тајни записи, кои кријат огромна мистерија, но дека се уште не е дојдено време за нејзино откривање. Потоа Красимира информирала неколку свои пријатели, кои и предложиле да заминат таму каде што ќе им посочи Ванѓа. Така и се случило. Пред да заминат, пријателите на Красимира, во присуство на уште некои личности, ја посетиле Ванѓа и разговарале со неа. За време на разговорот таа правела кратки паузи во зборувувањето небаре во мислите "прима пораки" од некаде. Потоа во детаљи им опишала еден планински предел, каде требало да заминат. Им рекла дека, поради положбата на небеските тела, треба да појдат таму токму на 5 мај. Требало да застанат крај некоја многу голема и мазна карпа и да ги чекаат првите сончеви зраци. (Името на планината не е спомнато во книгата на Красимира, но за ова во продолжение, з.м.).

Потоа Ванѓа рекла дека веќе не сака да зборува на таа тема.

На 4 мај, Красимира во друштво на уште четири свои пријатели и пријателки, заминале во планината што им ја посочила Ванѓа. По целодневно трагање, за време на кое дури помислувале и да се вратат назад, око-

лу ручек го откриле бараното место. Било сосема исто како што им го опишала Ванѓа. Ја виделе и големата карпа која штрчела на северниот дел од ливадата. Меѓутоа, на неа не забележале ништо чудно. Попладне небото се наоблачило и заврнал силен дожд. Иако имале шатор, дождот бил толку силен што церадата прокиснала и водата влегла внатре. Откако дождот престанал, тие запалиле оган за да се исушат. Се уште било облачно и се уште постоела можност за нов дожд. Тогаш Красимира повторно се разочарала и предложила да си одат дома, затоа што небото било толку поклопено, што не се гледала ниту една ѕвезда. Но, пријателите инсистирале да останат. Така ја поминале ноќта. Следното утро станале пред изгрејсонце и веднаш се упатиле пред големата карпа, каде застанале пред нејзината мазна страна во очекување на првите сончеви зраци. На небото веќе немало облаци. Уште кога се доближиле до карпата забележале три "соларни" кругови, издлабени во таму веројатно во некои древни времиња. Двата биле на исто ниво, а едниот под нив, така што правеле триаголник со врвот свртен кон земјата. Отпрвин не се случило ништо, но со појавата на првите сончеви зраци, наеднаш се случила интересна светлосна игра. Неколку сончеви зраци, ги осветлиле токму вдлабнатите кругови и почнале да се движат по нив, правејќи светлосен триаголник. Присутните многу се возбудиле, како поради глетката, така и поради фактот што Ванѓа им го посочила токму тој датум. По неколку минути "светлосна игра", сонцето целосно се појавило и ја облеало целата карпа.

Цел ден дружината дискутирала за овој феномен, по што решиле да останат до вечер за да видат дали нешто ќе се случи со карпата со изгревањето на месе-

чината. Меѓутоа, попладнето повторно заврнало. Недолго потоа се стемнило, а тие повторно застанале пред карпата, иако ништо не се гледало и било облачно. Околу 21 часот небото почнало да се разведрува и од под облаците излегле ѕвезди. Наеднаш се појавиле и првите зраци од месечината. Еден зрак го осветлил врвот на карпата, а потоа се спуштил до триаголникот со кругови, каде се повторила истата светлосна игра како со сончевиот зрак, која исто така траела неколку минути. Присутните вчудовидено зјапале, не знаејќи дали оваа игра е случајност или има некоја порака во неа. Тогаш зракот исчезнал и повторно настапил целосен мрак. Петминатa стоеле и натаму без да изустат ниту збор. И тогаш... доживеале нешто што ќе го помнат за цел живот. Доживеале шок, каков не можеле ни да помислат дека може да им се случи. Мазната и глатка страна на карпата наеднаш станала сенишно осветлена. Како некој однатре да ја осветлил, налик на екран на телевизор. Истиот миг на неа се појавиле две фигури кои се оцртувале со бела боја. Биле големи и ја опфаќале речиси целата површина на карпата, која била околу пет метри висока и околу два метри широка. Фигурите биле толку реално прикажани што изгледало дека секој миг можат да се одвојат од карпата и да зачекорат. Присутните се скамениле од вчудовиденост и страв. Со ококорени очи и подотворени усти, гледале во неверојатната глетка.

Како изгледале фигурите? Красимира дава детален опис на нив во својата книга. Едната фигура стоела. Тоа бил старец со долга коса. Бил облечен во долга античка туника. Во едната рака држел некаков таинствен предмет, налик на апарат во форма на топка. До него била втората фигура, која личела на фараон и седела на

престол. Тоа бил млад човек. На главата носел висока капа на која имало два израстока. Фигурите стоеле неподвижни околу дваесетина минути, сосема доволно да бидат видени и запометени. Потоа наеднаш ги снемало, а карпата повторно станала темна. Околината повторно се замрачила. Друштвото, молчејќи се упатило кон шаторот, се спакувале и веднаш тргнале кон најблиското населено место. По патот молчеле, а кога се совземале, направиле анализа на она што го доживеале. Притоа констатирале дека сите го виделе сосема истото, што значи дека не станувало збор за поединечно привидение. Сите се согласиле и дека во околината во таа планинска пустелија, немало никакви дополнителни извори на светлина, кои би предизвикале таков светлосен феномен. Тоа било во мај 1979 година. Кога се вратиле, Красимира и раскажала за сето ова на Ванѓа, која со интерес ја ислушала, но не сакала да даде никаков коментар. Следните години уште неколку пати оделе на тоа место во присуство на други луѓе, но ништо не се случило. Красимира до денес нема објаснување за ова неверојатно доживување, кое во детаљи е опишано во нејзината книга за Ванѓа.

Откако Борис престана да чита, јас останав со подзината уста.

- Неверојатно! - изустив.

- Да. Навистина интересно... - прокоментира Борис.

Наеднаш се совзедов и прашав:

- Но, од каде знаете дека ова сведоштво од Красимира, се однесува токму на Вашата бакарна книга?

- Годината се поклопува... И други детаљи... Нема сомнение дека е токму тоа.

- Но, Вие ја спомнавте 1978 година.

- Да, тогаш почнавме со подготовки за оваа идеја. Но, нашиот човек отиде кај Ванѓа токму во 1979. Исто како што пишува овде. - подготвено одговори Борис.

- И каква е таа тајна за која станува збор?

- Ќе зборуваме и за тоа... Предлагам да го оставиме за следниот пат... Еве ти ја книгата за Ванѓа, проучи ги страниците што ти ги прочитав од неа, па врати ми ја кога повторно ќе дојдеш.

- Се разбира. - реков, се уште замелушен од она што го слушнав. Ја зедов книгата"Ванѓа", се поздравивме и си заминав.

*

Веднаш по влегувањето дома, откако се освежив, се втурнав во работа. Ги префрлив забелешките во компјутерот, а потоа сето тоа го запишав. Посебно ми беше интересен извадокот од книгата за Ванѓа. Што ли можеше да биде тоа? Неколкупати ги препрочитував ударните реченици од тој текст. Сешто ми се моташе низ главата... Следните неколку ноќи секакви мисли ми летаа низ напнатата свест како бесни автомобили на автопат. Се будев ноќе и долго време не можев да заспијам. Сега веќе немаше сомнение дека се работи за нешто многу сериозно. Прво помислував дека книгата што ќе ја напишам ќе направи вистински "бум" во Македонија. Можеби и ќе се сними филм по неа? Можеби и ќе се преведе на англиски и ќе се отпечати во огромен тираж, па светот ќе се заинтересира за Македонија... Оваа имагинарна "слава" што ми доаѓаше во полусонливата свест, бргу беше заменувана со сосема поинакви сценарија. А, што ако таа бакарна книга и навистина крие информации за некое големо богатство или за некоја

незамислива тајна? И што ако јас го објавам сето ова, па Службата за државна безбедност почне да ми прави проблеми и да ме тера да им кажам се што знам за бакарната книга? И што ако се вмешаат и безбедносните служби од соседните земји? Па, дури и криминалците? Можат ноќе да ми дојдат дома, да ми го малтретираат семејството или да ми ги киднапираат децата само за да им кажам каде е книгата. Значи до даска ќе заглавам заради некаква бакарна книга, која никогаш не сум ја видел... Море, да го баталам сето ова и да си седам мирен? Ќе му кажам на стариот Борис дека не можам да дојдам следната среда, а по неколку одлагања тој сам ќе сфати дека не сакам веќе да работам со него... Ќе си продолжам со пишување книги од историјата, како и досега, а тој нека најде друг да му пишува за неговите авантури... Но, и овие мисли, колку и да изгледаа "убедливи" и оправдани, бргу заминува, отстапувајќи им го пак местото на посветлите... Бакарната книга не е тајна. Државата знае за неа. Борис сигурно планира да ја обелодени кога ќе излезе мојата книга. Ако и навистина таа крие некоја тајна и ако сето тоа се открие, тогаш еве ти огромна полза за државата, а богами и за мене. Но, дури и да не е така, за мене нема да има никаква опасност... Каква Служба за државна безбедност! Какви криминалци и мафија! На сите ним ќе има кажам дека јас не сум ја ни видел таа бакарна книга, а камо ли да знам каде е... На крајот на краевите можам да кажам и дека сето ова е моја измислица... Борбата на овие спротивставени теории не ме оставаше на мира неколку ноќи....

Утрата беа помирни. Секогаш ноќе од влакно испаѓа камила, а кога станеш наутро гледаш дека влакното си е влакно.

Сепак, чувствував едно незадоволство поради фактот што решив да му го кажам на Борис за време на следната средба на 8 јуни 2005 година.

*

- Пред да поминеме на следната фаза од Вашата приказна, со целата почит, но ќе Ви кажам една моја забелешка. - реков веднаш откако почна нашата трета средба на истото место и во речиси истото време од денот како и претходните.

Борис малку како да се изненади од ваквиот мој ненадеен настап:

- Повели, кажи.

- Видете вака. Вие сакате да напишам повест за бакарната книга што ја поседувате... - наеднаш замолчев, не знаејќи како точно да продолжам.

- Да. За тоа се договоривме... Јас ќе ти обезбедам средства...

- Не се работи за средства. Тоа и навистина го договоривме.

- Па, каде е тогаш проблемот?

- Проблемот е во книгата! - решив да "нападнам" директно.

- Во книгата? Не те разбирам...

- Не во мојата, туку во бакарната... - пак застанав поради тоа што чувствував непријатност како и секогаш кога треба отворено да зборувам.

- Што со бакарната книга? - очигледно не знаејќи за што зборувам, праша Борис.

- Ете тоа... Вие ме терате да пишувам за неа, а таа... То ест јас... Не сум ја ни видел... Ниту пак знам што има во неа... Каква е таа голема тајна...

Борис замолча, а јас како да добив сила, па продолжив да "напаѓам":

- Како можам да пишувам за нешто што никогаш не сум го видел? Дури не знам ни дали постои таа книга... Се што имам од неа се Вашите раскажувања, еден извадок од книгата за баба Ванѓа и неколкуте зборови што ми ги даде син Ви, Бог да го прости.

Борис се уште молчеше, а јас ги интензивирав "нападите":

- Тоа е исто како кога некој бизнисмен ќе Ви даде задача да ја опишете убавината, на пример, на неговиот хотел, заради некоја туристичка брошура, но без притоа да Ви дозволи дури и да влезете во тој хотел. Па, како ќе пишувате за тој хотел ако не влезете во него? Ќе измислувате ли приказни?

Борис молчеше небаре чекаше да завршам. Тоа го искористив за завршните "удари":

- Јас знам дека таа книга Ви значи и истата сигурно дека многу вреди, но ајде одговорете ми: како мислите да пишувам за неа ако воопшто нема ни да ја видам?... Не велам да ми ја давате во оригинал ако не сакате, но барем да видам фотографии од неа.... Сигурен сум дека имате...

Потоа замолчев. Кажав се што сметав дека треба. Кога Борис виде дека го "испукав" сиот арсенал, смирено одговори:

- А, кој ти рекол дека нема да ја видиш книгата?

На ова се збунив и не знаев што да одговорам. Почнав несредено:

- Јас не мислев... Всушност јас мислев...

- Имај трпение Александре. Ќе видиш фотографии од книгата, тогаш кога ќе дојде време... Заедно ќе ги разгледаме.

- Ако е така, тогаш се извинувам и го повлекувам тоа што го реков пред малку... Јас сум човек од доверба и можете да бидете сигурен дека никому ни збор нема да кажам за сето ова... - продолжив збунето.

- Да одиме по ред.

- Се разбира... До каде застана приказната? Ве слушам. - реков со подготвениот нотес и пенкало.

Но, наместо да продолжи веднаш, Борис како да почна да се двоуми. Имав чувство дека никогаш нема да продолжи.

- Смеам ли да кажам нешто? - решив да го поттикнам.

- Повели.

- Мислам дека дојдовме до клучниот момент во Вашата приказна.

Борис ме погледна.

- Да...

- Претпоставувам што следи сега...

- Кажи.

- Сега треба да ми раскажете како дојде бакарната книга во Ваши раце. - реков решително.

Борис воздивна од што заклучив дека сум погодил.

- Ех... Како дојде... За малку главата ќе ја оставев... Слушај внимателно и запишувај. - ме стрелна со сериозен поглед директно во очите.

- Слушам. - одговорив подготвено.

- Јас бакарната книга... Така да кажам... Ја украдов... Ако воопшто може да стане збор за кражба... Па и

тие, то ест, ние од Службата ја зедовме речиси сосила од капетанот... Од тој аспект гледано, јас украдов украден предмет... - Борис пак подзастана.

- Како се случи тоа? Каде и кога?

- 1981 година. Во Србија...

- Продолжете.

- Откако не испадна ништо со Ванѓа, таа година добив задача да ја однесеме кај една друга јасновитка... Во едно село во околината на Ниш. Со мене беа уште двајца офицери. Бевме облечени во цивилки и се возевме со цивилен автомобил. Предвечер на едно паркиралиште бевме нападнати...

- Како?

- Излеговме да ги протегнеме нозете. Двајца непознати со автомобил застанаа, ги извадија пиштолите и веднаш почнаа да пукаат во нас. Двајцата мои сопатници паднаа, а јас бев ранет во раката. Сепак успеав да го извлечам пиштолот и да отворам оган. Го погодив едниот од напаѓачите, а другиот, откако виде дека завзедов позиција, веројатно сфати дека им пропадна обидот за изненадување, бргу влезе во својот автомобил и побегна. Додека лежев ранет и крварев, ми дојде на ум таа идеја. Офицерите со мене беа мртви. Обајцата беа погодени во главата и им немаше спас... Немаше никој околу мене... Беше предвечер. Неколкуте коли кои поминаа крај паркиралиштето за време на кратката престрелка, побегнаа како луди... Прво го подзапрев крварењето, а потоа станав полека, ја зедов дрвената кутија со книгата и ја сокрив подолу од патот, под еден голем камен кај една грмушка... Се вратив кај колата и легнав преправајќи се дека сум онесвестен... За среќа, не помина многу време откако се паркира првиот автомобил.

Луѓето во него ме видоа “онесвестен” и веднаш ме префрлија во болницата во Ниш. Подоцна имаше истрага, која ништо не покажа. Пред истражните органи реков дека сме биле изненадени и дека откако бев погоден, веднаш се онесвестив и се освестив дури кога дојдоа луѓе. Бакарната книга ја немаше. Беше јасно дека вториот напаѓач помислил дека тројцата сме мртви, ја украл и побегнал. Идентитетот на мртвиот напаѓач никогаш не беше утврден. Веројатно се работеше за агенти или платеници, странски државјани... Автомобилот со кој бевме нападнати го најдоа кај Вршац. Се утврди дека бил украден во Германија еден месец пред тоа. Побегнатиот напаѓач никогаш не го најдоа... За убиените офицери пуштија информација кај нивните семејства дека загинале во несреќен случај за време на боево гаѓање. Мене ме испрашуваа уште извесно време, а откако видоа дека постојано ја кажувам истата приказна, ме оставија на мира. Знам дека се спроведе опширна внатрешна истрага кон сите офицери кои знаеја за бакарната книга. Но, никогаш не се откри кој ги известил напаѓачите. За нејзиното патување тој ден знаеја во Белград, а знаеја и колегите од Ниш... По заздравувањето на раната се вратив на работа, но веќе не ми даваа доверливи задачи. Недолго потоа се пензионирав.

- А книгата?

- Јас сум професионалец и знаев дека дискретно ќе ме надгледуваат без оглед на тоа што јавно ме пофалија за ликвидирањето на едниот напаѓач. Цели пет години чекав пред да ја земам. Дури летото 1986 година со син ми вниматлено, откако се уверивме дека никој не не следи, со два различни автомобила, застанавме на паркиралишето. Кутијата со бакарната книга си беше на

истото место. Ја зедов и прво ја однесов дома, а потоа поради сигурност ја дадов на чување кај еден мој познаник.

- Кој е тој?

- Се вика Дионис. Живее во селото Стојаково крај Гевгелија. Многу добар и чесен човек. Се знаеме одамна, иако тој воопшто не знае со што се занимавам. За него јас бев само мирен офицер... Кога му ја дадов книгата го замолив да ја чува поради тоа што често одам на терен. Му реков дека сум ја купил кришум од едно село во Србија, но дека не би било згодно, поради мојата работа, да дознаат моите претпоставени... Потоа дојде осамостојувањето на Македонија. Се распадна нашата убава Југославија. Ни ја растурија оние однадвор. ЈНА замина во неврат, а јас не знаев дали и што знае новата македонска власт за бакарната книга. Затоа, во 1992 година му реков на Дионис да испрати фотографии од нејзини делови до претседателот Киро Глигоров со божемна понуда за откуп од страна на државата. Сакав да видам како ќе реагираат. Дионис дури побара и средба со претседателот Глигоров. Но, наместо тоа му беа пуштени инспектори од Службата за државна безбедност, по што се повлековме. Пред нив Дионис изјави дека не поседува таква книга, по што го оставија на мира. Потоа пративме фотографии со делови од книгата и на некои сегашни познавачи на постарата историја и култура. Некои весници објавија фотографии од нејзини делови, а беа вклучени и странски истражувачи. Најинтересно беше мислењето на експертот по карпеста уметност д-р Душко Алексовски. На почетокот од 2003 година, за некои наши медиуми тој изјави дека голем дел од знаците во бакарната книга ги имало и на прастарата уметност на

карпите. Тој сметаше дека се работи за некое тајно древно-македонско писмо и дека заради тоа бакарната книга има непроценлива вредност. Мислам дека е во право. Друго поконкретно не слушнавме.

- Знам. Се сеќавам на овие изјави на д-р Алексовски, но не знаев дека се работи за истата бакарна книга... Дали сега таа е кај тој Дионис?

Борис ништо не ми одговори.

- А Вашиот син...Димитар?

Борис со тежок глас промрмори:

- Тој инсистираше да ја продадеме... Беше заглавен во коцкарски долгови... Но, откако категорично го одбив, тој се растрча околу нејзино дешифрирање... Но, наеднаш... Така, за ништо... Си замина... - очите на Борис се насолзија.

Почекав да се смири, а потоа заклучив:

- Време е да одам... Наместо следната среда, може ли да дојдам задутре?

- Се разбира. Мислам дека сме при крај. - ми одговори Борис, совземајќи се од тагата што го обзеде.

*

Дома пак бев опседнат со мисли за разговорите, кои ми правеа друштво постојано додека го внесував материјалот во компјутерот. И од овие разговори Борис се докажа како суров и бесчувствителен човек, но истовремено и мошне интелигентен и културен. Меѓутоа, очигледно ни најсуровиот не може да ги издржи ударите од судбината. Смртта на синот и жената го скршиле. Од суров човек, пред крајот на животот, безмалку се претворил во плачлив покајник. И пак некој нека каже дека не постои Божја казна... Размислував и што е тоа што

планира да го стори со бакарната книга? Бев љубопитен и што побргу да видам делови од неа. Каква ли тајна крие?...

Два дена по последната средба, на 10 јуни 2005, пак се нацртав кај Борис.

Уште со влегувањето, пред да ги размениме протоколарните прашања во стилот "Како си?" и сл., голем жолт плик ставен на сред маса ми го окупира погледот.

Борис како одвај да чекаше да седнам и да се сместам подготвен за работниот дел од средбата, по што веднаш ме "нападна". Гледајќи во мене, ми покажа со раката кон жолтиот плик:

- Повели. Тоа е книгата.

Признавам дека малку бев изненаден. Не очекував дека дојде моментот да ја видам таа фамозна книга. Макар и на фотографии... Нетрпеливо го зедов пликот и го отворив. Внатре имаше четири големи фотографии во боја во А4 формат. На секоја од нив беше сликата на по една страница од бакарната книга. Ги разгледав една по една. Првиот впечаток беше хаотично мноштво од зборови, знаци и цртежи. Прокоментирав:

- Благодарам за довербата. Но, не знам дали ќе можам нешто да помогнам сега... Ова ми стои премногу компликувано...

- Разгледај ја... Слободно... - ми рече Борис, а потоа се намести удобно во фотељата небаре ќе ме чека и цел ден ако треба да ја разгледувам.

Го искористив тоа и се нурнав во истражување на првата страница што ми падна в рака... Прво уживав во самата нејзина појава како што уживам во разгледувањето на секој стар предмет. Во разбрануваната свест ми испливаа бројни неодговорени прашања: Кој ја напи-

шал? Што точно пишува во неа? Каков бил секојдневниот живот на луѓето во времето кога била напишана? Какви им биле муабетите? Што јаделе? Како се забавувале?... Оваа книга беше сведок на сето тоа... Како што се повеќе се задлабочував, мешани контрадикторни чувства играа брканица во мојата возбудена свест. Дали ќе откријам јас нешто? Едните мисли велеа дека залудно ќе зјапам во неа штом експерти не успеале да најдат ништо, а другите еуфорично ми навестуваа некаква нејасна надеж дека можеби токму јас ќе откријам нешто што другите не можеле... Разгледувајќи ги страниците, не ми беше тешко да забележам дека покојниот Димитар ми беше дал само дел од зборовите и знаците врежани во неа. Веројатно оние за кои не бил сигурен што значат. Сепак, впечатокот што му го кажав нему, остана непроменет и сега - куп од неповрзани зборови, а не текстуална целина. Очигледно дека овие четири страници на книгата не претставуваа книга за каква најчесто имаме претстава, туку можеби беа збир од некакви кратки пораки. Посебна приказна беа симболите од кои ништо не можев да разберам. Во горниот среден дел на првата страница имаше поголем празен простор, можеби дупка. Очигледно дека таму нешто било вметнато, но било однесено. Да заклучам дека освен восхитот од нејзината старост, друго не можев да откријам. Барем не овде. Сепак имав обѕир и кон Борис, кој и натаму трпеливо чекаше да ја разгледам.

- И? Што мислиш? - ме прекина наеднаш Борис, откако веројатно сфати дека, ако ме остави, можам и цел ден да гледам во неа.

- Фантастично. Книгата е навистина чудесна...

- Да...

- Каква ли порака носи? - прашав повеќе како себе.

Борис очигледно беше решен да оди до крај со својата исповед пред мене:

- Ќе ти кажам се што е откриено досега... Но, сето тоа е не е доволно... Само знам дека станува збор за големо богатство поврзано со некоја тајна... Можеби тајната писменост за која зборувала Ванѓа?

- Зошто мислите така? Чие било тоа богатство?... Од зборовите што ми ги испрати Димитар, јас не стекнав таков впечаток... Којзнае... - реков во очекување да слушнам што ќе ми каже.

- Чие било тоа богатство? Па, тоа го пишува во книгата...

- Како?

- Стрпи се... - рече Борис Ја зеде фотографијата на втората страница, ја сврте кон мене и преку масичката ми покажа на едно место.

Во очите ми блесна зборот ФОДИАУРУМ.

- Го видов тој збор. Ми го даде и Димитар за да го протолкувам. Но, таков збор не постои во латинскиот јазик.

- Точно. - рече Борис и продолжи - Зборот ФОДИАУРУМ не постои, но само како единствен збор. Ако се подели на два дела: ФОДИ и АУРУМ, тогаш тоа...

- Неверојатно! - го прекинав во зборувањето.

- Значи знаеш...

- Да. Како не се сетив да го поделам овој збор? Но, Димитар ми го даде напишан како единствен... ФОДИ и АУРУМ во буквален превод на латински значи: “прачки злато” или како што би рекле ние: “златни полуги”. Неверојатно! - покоментирав изненаден.

Борис причека да се совземам, па продолжи, покажувајќи на истата страница:

- А, што пишува овде? Напишано е на постара кирилица... Ајде читај.

- СРЕБРО! - воскликнав.

- Значи веќе имаме податоци за златни полуги и сребо.

- Овој збор не ми беше даден од Димитар. Очигледно затоа што и самиот го прочитал. - прокоментирав се уште возбуден.

На истата страница Борис ми го покажа и зборот АХЕНУС.

- Го знам овој збор. Ми го даде Димитар. Проверив во речникот на латински, но не најдов никакво значење за него.

На ова Борис подготвено ми одговори:

- Барав и јас низ речниците. Во еден поголем речник најдов дека АХЕНУС е ист збор со зборот АЕНУС што значи "бакар" или "бронза".

- Значи уште еден поим поврзан со богатство... - прокоментирав по инерција.

Борис ја зеде фотографијата од третата страница и ми покажа на место лево од средината. Таму јасно се читаше зборот АМЕТХSСТИС. Несомнено дека тоа беше латинското име за "аметист", вид полудраг камен со виолетова боја...

Возбудата почна да расте... Сепак многу прашања останууваа неодговорени. Почнувајќи од фундаменталното прашање дали сето ова може да биде вистина или, пак, е само фантазија, па се до прашањата во стилот дека ако има вистина во сето ова, каде е тогаш тоа богатство?

Дали воопшто се наоѓа на територијата на Репубика Македонија? И конечно, чие било тоа богатство?

- Чие било тоа богатство? - последното прашање во мислите го изреков гласно.

Борис значајно ме погледна:

- Зарем самиот не прочита?

- Не... Каде пишува...

Борис се впи во мене со сериозен поглед од кој кожата ми се наежи. Сиот негов живот и доживувања како да ги видов наеднаш во тој поглед. Почувствував дека нешто сериозно ќе се случи. Борис полека го спушти погледот кон масата. Ја зеде фотографијата од првата страница, ја сврте кон мене и ми ја подаде, покажувајќи ми на долниот дел.

- Погледни најдолу. - ми рече речиси со заповеден тон.

Погледнав на посоченото место и почнав да читам:

- АНТИКУ АЛЕКСАНДРО БАСИЛЕО БЕНЕДИКТУ (запишано со мешани букви како: АНТИКОS АЛЕХАНДРО 👌✌🩸✋☹👈🏳 БЕНЕДИКТУ)...

Замолчев збунето. Борис не ми даде ни да се совземам, туку веднаш продолжи:

- Добро. А, сега погледни повнимателно на самото дно на страницата, веднаш под зборот “БЕНЕДИКТУ”.

Ги напнав очите и набргу познати букви “испливаа” од местото што ми го посочи. Просто не можев да поверувам во тоа што го видов. Со постари кирилични букви на дното на таа страница одвај забележливо се читаше зборот: БОГАТĂСТВО.

Ги ококорив очите и зјапнав збунето во Борис. Тој смирено, со сета сериозност, ме праша:

- И што значи сето ова? Ајде преведи го...

- Неверојатно... - одвај изустив, избезумен од тоа што го прочитав.

- Кажи де? - инсистираше Борис.

- Како не го видов ова? - продолжував со својата збунетост.

- Значи разбра што пишува. - задоволно одговори Борис.

- "АНТИКУ АЛЕКСАНДРО БАСИЛЕО БЕНЕДИКТУ БОГАТСТВО" во слободен превод значи: "БОГАТСТВОТО НА АЛЕКСАНДАР, АНТИЧКИОТ ЦАР БЛАГОСЛОВЕН". Ова е невидено!!!

Борис смирено продолжи:

- Значи нема сомнение дека се работи за богатство на "античкиот цар Александар". Тоа не може да биде друг, освен Александар Велики Македонски! Затоа толкава врева се крена во неколку држави...

Се уште збунет, отпрвин не изустив ништо. Никогаш досега во животот не бев присуствувал на волку големо откритие и затоа така реагирав. Потоа постепено се совзедов, па со малку постудена глава, продолжив:

- Сепак многу прашања остануваат неодговорени...

- На пример? - ме пресретна Борис.

- Ги има цел куп... Каде е тоа богатство? Зошто бакарната книга е пишувана и со латинични и со кирилични букви? Дали случката за баба Ванѓа се вклопува со сето ова? Што значат овие многубројни знаци?...

- Ако ги знаев сите овие одговори, сега немаше да седам тука... - смирено одговори Борис - Единствено сметам дека книгата е препис на некоја античка содржина. Впрочем, така вели и Ванѓа... Ете затоа во неа има

зборови на кирилица, а содржината е од антиката. Воедно има и знаци од некое тајно писмо, какви што биле изгравирани по нашите карпи уште пред илјадници години.

- Хм... Можеби е така... А, дали другите зборови нудат некоја порака? Мислам на оние што можат да се преведат? Некои од нив и јас преведов, но мене ми беа дадени извадени од контекст.

Борис подготвено ги зеде големите фотографии од бакарната книга и пак ми покажа една од нив.

- Погледни кој е еден од првите зборови напишан на првата страница... Не знам дали го забележа, бидејќи е поделен на слогови во три реда.

- Не... Не го забележав ни тоа...

- Читај овде... Што пишува? Во трите реда...

- АЕ… НИГ… МА… АЕНИГМА... Енигма...

- Да, енигма! - победоносно рече Борис и продолжи - Латинскиот збор аенигма значи "мистерија". Така ли е?

- Да... Така е...

- Значи книгата почнува со најава дека во неа се крие некоја мистерија. А сега да видиме како завршува... Погледни го дното на четвртата страница...

- НУЖДА ПРЕМУДРОСТ (*Напишано како: НОУЖДА ПРÎМОДРОСТ*). Го видов тоа.

- Зарем е случајно тоа што книгата почнува со најава за мистерија, а завршува со порака дека ни е потребна мудрост за да ја одгатнеме нејзината содржина? - уверен во тоа што го зборува рече Борис.

- Ха - се насмевнав. - Има логика, но последново е напишано на кирилица, што значи дека е вметнато од

евентуалниот препишувач во Средниот век. Нема врска со...

- Па, што ако е напишано во Средниот век? Средновековниот препишувач на пораката од антиката прокоментирал дека на секој што ќе ја прочита оваа книга ќе му биде потребна мудрост за да ја одгатне...

- Можеби... Се е можно... Не знам... - одговорив, навистина не знаејќи што да кажам.

- Погледни ги и останатите зборови... Некои од нив очигледно можат да се вклопат во оваа теорија...

- Кои?

- На пример зборот ЦАВО од четвртата страница. На латински тоа значи: "да се ископа". Потоа овде е зборот БУТСУМ, што значи "гроб". Можеби нешто се наоѓа крај некој ископан гроб? Или се работи за нечиј гроб? Којзнае?...

- Да. Но над нив се зборовите ТХРАЦИА и БИСАЛТАЕ. - пресеков по којзнае кој пат.

- Па што? Тракија е соседна област на Македонија, а Бизалтија е дел од Македонија. Можеби се работи за нешто што се случило во Тракија или за некој Бизалтиец, на некаков начин поврзан со сето ова?

- Не знам... - прокоментирав.

- Не знам ни јас, но ајде да ги видиме другите зборови. Еве погледни и сам. Зарем не се јасно читаат зборовите ЦОЛЛИНУС ФРОНТЕ? Тие значат...

- "Предната страна на ридот" или височинката... - го пресретнав неговиот одговор.

- Точно. Еве над нив е и цртеж на рид или височинка... Од останатите зборови кои се препознаваат на оваа страница е и зборот МОГИЛА напишан на кирилица, а овде е и зборот РЕЦ, "крал". Еве го и зборот ЦХАРТА,

што претпоставувам дека е со значење “мапа”, а има нацртано и пат и сонце. Зарем и ова не ти асоцира на порака за нешто што е скриено и треба да се најде?

- Можеби... - продолжив да одговарам со истиот збунет тон.

- Или ајде да ја погледнеме пак првата страница. Еве го зборот АНТРУМ, што значи “пештера” или “дупка”. Под него има некакви знаци. Подолу во два слога еден под друг е напишан и зборот ВЕРТЕ. Го забележа ли?

- Да, но не знам што значи.

- Му фали уште буквата “Х” на крајот за да биде ВЕРТЕЦ, а едно од значењата на овој збор е “круна”. Гледаш дека е напишан до крајот на полето, што значи дека немало простор да се допише и буквата “Х.

- Можно е...

- На оваа страница се и зборовите кои веќе ги видовме и утврдивме дека значат: “богатството на античкиот и благословен цар Александар”.

- Не знам што да речам...

- А, што мислиш, што значат овие дванаесет оградени места? - праша Борис покажувајќи ми во средината на првата страница, каде и навистина, кружно наредени, беа нацртани дванаесет заокружени целини. Во секоја од нив имаше по некој збор и знаци.

- Ни тоа не знам... Да не е нешто поврзано со некој хороскоп? - реков неодредено.

- Не верувам. - одговори Борис.

- Па што се тогаш?

- Можеби простории?

- Простории?

- Да. Простории во пештерата... Дали си влегувал во пештера?

- Не.

- Тогаш можеби си гледал на телевизија. Некои пештери имаат такви простории. Обично се влегува од една во друга...

- Хм... Не знам... - реков неодредено.

- Очигледно овде е прикажано што има оставено во секоја од нив.

- Можеби...

Накратко замолчевме. Борис ја дофати фотографијата од втората страница, па продолжи:

- Но, добро. Втората страница е посебна приказна... Има некоја порака и во зборовите ЕЦИТУС ТЕТАЛИС.

- За ЕЦИТУС открив дека значи отприлика "да излезеш" или "да напуштиш", да "завршиш" со нешто... Но, зборот ТЕТАЛИС не го најдов во латинскиот речник. - реков.

- Богами се изнамачив додека открив што значи зборот ТЕТАЛИС. Тоа не е латински збор. - продолжувјќи ја својата сериозност додаде Борис.

- Како не е ? Па, чиј збор е тогаш?

- Верувал или не, тоа е збор од јазикот урду.

- Урду?

- Да. Еден од индиските јазици. Тоа е официјален јазик на западно индиската држава Гујарат.

- Интересно. И што значи?

- Значи број. Четириесет и три...

- ЕЦИТУС ТЕТАЛИС. Да излезеш или да завршиш со 43. Што ли ќе значи ова?

- Тоа се уште не го знам. Можеби едноставно се работи за 43 мерни единици за должина, подалеку од патот? Но, какви? Чекори? Или можеби римски пасуси кои имале околу еден и пол метар? А, можеби се работи за римски пертики, кои биле околу три метри? Или за нешто подолго? Тоа допрва треба да се истражува.

- Од каде индиски збор среде овие латински и македонски? - прашав по малку изненадено.

- Не знам, но знаеме дека до првите помасовни контакти помеѓу Македонците и Индијците дошло токму во времето на Александар... Можеби овој збор е дел од мистеријата што треба да се реши? Можеби намерно уфрлувале тешко разбирливи зборови од туѓи јазици, за да не може секој да разбере за што станува збор. Сигурно забележа и други броеви во книгата... -

- Да, напишани се на латински. Еве, на втората страница е бројот ЦИВ (104). Којзнае што означува? - одговорив...

Борис ги згрчи рамениците:

- Не знам. Сигурно и тоа се некои мерни единици?

Јас продолжив:

- Да ги видиме и другите зборови од оваа страница.

- Прочитај го овој збор. Напишан е на кирилица. Еве овде...

- БОГАТÎ... Мајката...

- Еве и глава на коза. Убаво е нацртана... - продолжи Борис.

- Што ли значи?

Без да ми одговори, тој продолжи:

- Еве уште една бројка, веројатно порака: “ИЏ КАМЕНЕ”. Девет камења или деветтиот камен... Погледни го и овој цртеж... На што ти личи?

- Несомнено тоа се бранови... - реков без сомневање откако Борис на неколку места ми посочи очигледни цртежи на бранови.

- Бранови, ами што? Ти реков дека овде има некоја порака... Можеби едноставно значи дека дел од патот го минале по вода? А можеби брановите имаат и некоја симболика? А, сега внимавај на следниот збор: СЕМИПЛЕНУС.

- Да, го видов. Но, тој има барем две различни значења. - одговорив.

- Од кои едното гласи: “половина посада”.

- Хм... Така изгледа.

- Значи, некоја посада. Некои луѓе дошле овде по вода... Дали се можеби тие што дошле од Египет? - прокоментира Борис и продолжи - Читај овде!

- СЕМИТА СУМ АРИУС. - прочитав.

- Или во слободен превод “патувале по сувоземна патека”.

- Не знам... И јас го барав зборот АРИУС, но не најдов што значи. - реков.

- Очигледно тоа е зборот АРИДУС, на кој е испуштена буквата Д. Тој збор значи сувоземен. СЕМИТА е патека. Значи, овде читаме дека “половина од посадата тргнала по сувоземен пат”, се разбира откако претходно допатувале по вода. Дури и да тргнале од Египет по сувоземен пат преку Израел, морале преку море да дојдат во Европа, то ест во Тракија. Од напишаното испаѓа дека половината останале таму на почетокот на Тракија, а

другата половина продолжиле по сувоземен пат. Барем јас така претпоставувам...

Овојпат не кажав ништо. Молчев. Логиката ми велеше дека Борис можеби е во право. Но, разумот и натаму ме предупредуваше дека можеби сето ова се само празни претпоставки. Таа борба помеѓу логиката и разумот продолжи во мојата збунета глава. Борис и не очекуваше реакција од мене по секој негов исказ. Внесен во тоа што го зборува продолжи и натаму:

- Еве го пак зборот АНТИКУ, по кој има пак цртеж на бранови.

- И пак знаци и симболи. - го дополнив Борис.

- А погледни ја третата страница. Читај овде...

- КАПУЛУС. - прочитав.

- И што значи тоа?

- Ништо. Таков збор нема во речникот на латински јазик. - одговорив.

- И овде се измачив додека да откријам што значи КАПУЛУС. На крајот дојдов до сознание дека тоа сепак е латински збор...

- Па, зошто го нема во речникот? - прашав.

- Го има, но запишан е како ЦАПУЛУС.

- Тоа не го видов... Но, од каде знаете дека тоа е токму тој збор? Колку ли само зборови се разликуваат меѓу себе само со една буква, а имат сосема различни значења? Мислам дека претерувате...

- Не претерувам. Низ литературата открив реченица на латински која го содржи зборот КАПУЛУС, напишан со првата буква "К". Син ми ја најде на интернет. Еве како гласи: *Капулус ин љуо мортут ефферунтур*. Значи КАПУЛУС и ЦАПУЛУС е еден ист збор, со тоа

што некои автори го запишувале со првата буква “С”, а некои со “К”.

- А, кое им било значењето? - прашав.

- Мртовечи сандак или саркофаг. - одговори Борис.

- Хм...

- Потполно во склад со тоа што го кажа Ванѓа... Нешто е скриено во некој саркофаг... Констатира Борис и без да чека мој коментар продолжи - Погледни го овој цртеж... Зарем не ти личи на сидро? И пак зборот БОГАТСТВО, напишан на кирилица под него...

- Да, гледам.

- Еве и цртеж на некоја градба и стрелка кон него. Прочитај што пишува.

- БАСИЛИЦА АБРУПТУС - ги прочитав буквите кои одвај се распознаваа.

- И што значи тоа?

- Знам. Тоа успеав да го преведам.... Барем така мислам...

- Добро де, што значи?

- “Напуштената црква” или можеби “запустената црква”... Којзнае... Но, чекајте, од каде цркви во времето на Александар? Тој живеел далеку пред Христа...

- Цркви и навистина немало во времето на Александар, но зборот базилика не значел само црква. Во римско време тој значел и секаков вид јавна градба. Можеш и самиот да провериш во речникот на латински. - ме дополни Борис и продолжи - Значи се работи за некој напуштен објект.

- Можеби...

- Еве уште интересни зборови... Те молам прочитај го ова.

- ЕЏ ЛИБРИС ДИТАРЦХУС. Го знам и тоа. - реков, очекувајќи да го слушнам објаснувањето на Борис.

- И што мислиш дека значи?

- ЕЏ ЛИБРИС значи "од книгата на", ДИТАРЦХУС е веројатно некое име... Само... - за миг замолчев.

- Само што?

- Никаде не сретнав такво име. Такво име немало ни кај Македонците, ни кај Грците, ни кај Римјаните.

Борис воздивна, па рече:

- Нормално дека немало... Тоа не е име.

- Како не е име?

- Не е. Такво име и навистина немало.

- Па што е тогаш? - прашав изненадено.

- Треба да постапиме исто како со зборот ФОДИАУРУМ. Тој збор, како целина, не значи ништо, но ако е подели на ФОДИ и АУРУМ, видовме дека значи "златни полуги".

- Точно. Но, како може да се подели овој збор?

- На ДИТ и АРЦХУС. Тоа се два збора, но во недостиг на простор напишани се еден до друг, па изгледаат како единствен збор.

- И што би значеле тие зборови?

- "Богатиот владетел"

- ЕЏ ЛИБРИС ДИТ АРЦХУС: "Од книгата на богатиот владетел". - заклучив.

- Или "Од записите на богатиот владетел". - задоволно заклучи Борис.

- Но, кој бил тој богат владетел? Дали се однесува на Александар Македонски?

- Така испаѓа... Тоа е она за кое зборува Ванѓа. Тоа се тие тајни записи од Александар...

- Не знам... - којзнае по кој пат ги повторив овие два збора.

- Погледни го и овој збор. - продолжуваше Борис.

- РОМАНА или...

- РОЦАНА - дополни Борис.

- Можеби... Не е сосема јасна средната буква. Личи и на “М” и на “Х”...

- По сета логика, овде би било името на Роксана, последната сопруга на македонскиот цар.

- Можеби...

Борис продолжи:

- Еве ги и зборовите: БУНАРÎ и МÎСТО.

- Гледам... Признавам дека, барем зборот “бунар”, така да кажам, личи на збор што може да биде поврзан со некоја локација... - реков загледан во фотографијата на третата страница на Бакарната книга. - Можно е... - рече Борис.

- И што сега? - прашав.

Борис направи гримаса како да не го разбира моето прашање. Дообјаснив:

- Дали имате некоја теорија? Што всушност значи сето ова? Дали се вклопува ова што ми го кажавте со описот на баба Ванѓа? Таа таму зборува за некое тајно писмо...

Борис пак продолжи со истиот ентузијазам:

- Клучниот одговор на сето ова е во знаците. Зборовите се само спореден дел од книгата... Знаците се најважни, но нив никој не може да ги протолкува... Тие несомнено претствауваат дел од тоа тајно писмо што го имало во саркофагот. Овде се и цртежите... Што се однесува до мојата теорија, нешто претпоставувам, но не мора да биде така... Има многу работи што се покло-

пуваат со кажаното од Ванѓа... - рече Борис и пак ја отвори книгата со сина корица посветена на оваа светски позната јасновитка. Откако пребара низ текстот, продолжи, читајќи и повремено коментирајќи:

- Еве, таа вели дека овој текст со генерации се препишувал во текот на долги векови. Зарем ова не одговара на вистината? Во бакарната книга видовме дека пишува ЕЦ ЛИБРИС. Рековме дека тоа буквално значи "од книгата", но во слободен превод може да значи "извадок, то ест препис од книгата" или "препис од некој постар запис". Дали се тоа записите од времето на Александар? Така испаѓа...

- Ова веќе го кажавте. Се согласувам. - реков.

Борис продолжи да чита од книгата за Ванѓа:

- Во продолжение Ванѓа вели дека станува збор за досега непозната писменост, која била испишана одвнатре во саркофагот, кој пак бил сокриен во земјата пред многу векови.

- Но ова не се сосема поклопува со напишаното во бакарната книга. Ванѓа овде зборува за писменост. - прокоментирав.

- Не мора да значи. Листот што го однесовме кај Ванѓа беше со само дел од знаците во бакарната книга. Зборовите на латински не и ги прativме, а токму тие зборуваат и за постоењето на материјално богатство. Злато, сребро, бакар, аметист... Но, сигурно дека тоа што го вели Ванѓа е многу поважно... Таа тајна што се наоѓа во тој саркофаг... Јас ти прочитав дека во бакарната книга се спомнува саркофаг. Тоа е зборот КАПУЛУС за кој зборувавме. Во книгата Ванѓа вели дека саркофагот бил донесен тајно од Египет со помош на војска, воени началници, робови и камили. Кришум бил ставен под земја,

а потоа сите кои учествувале во оваа работа, до еден биле убиени на лице место за да не се дознае тајната локација се до некоја далечна иднина кога ќе биде откриена, покажана во јавноста и протолкувана од луѓето. Тоа биле сознанија од непроценлива вредност за човековиот род.

Борис замолча за да земе здив, а потоа продолжи:

- Веќе ти реков дека во бакарната книга јасно пишува: СЕМИТА СУМ АРИУС што значи "оделе по сувоземен пат"... Ванѓа вели дека оделе со камили и дошле од Египет, што значи дека оделе токму по - сувоземен пат!

- Да не е можеби во прашање?... Не не е можно... - реков изненадено.

- Саркофагот со телото на Александар Македонски! Тајно донесен од Египет на Балканот. Тоа било во римско време. Го донеле тамошните робови со камили и некаде овде го погребале, а потоа сите до еден биле отепани. Во тој саркофаг се крие и тајното писмо, кое не само што зборува за историјата и иднината на светот, туку дава опис и за скриеното богатство на Александар... Мислам дека е тоа во прашање! - заклучи Борис и самиот со растреперен глас.

По првичниот стрес од ова што го слушнав, бргу се совзедов и реков:

- Не е можно. Тоа би било премногу... Изгледа почнавме да се занесуваме... Јас имам читано за гробот на Александар...

- Што имаш читано? - ме прекина Борис.

- Дека бил во Александарија... Во реонот Сома, но денес никој не знае каде се наоѓал тој реон. - реков.

- Да, но оттаму бил пренесен... Не се знае каде.- ме прекина Борис. Потоа зеде еден испишан лист хартија и продолжи - Јас имам извадоци што сум ги собирал од разни антички извори во врска со неговиот гроб... Имам се што е објавено на таа тема. Димитар ги извади од интернет... Сакаш да слушнеш?

- Секако. - реков заинтересирано.

- Еве вака. За погребот на Александар пишувал античкиот географ Страбо, кој живеел од 67 до 23 година пред Христа. Тој запишал дека александровиот генерал Птолемеј го пренел телото во Александрија, каде што почивало и во времето кога живеел Страбо. Дека телото на Александар е погребано во Александрија, пишувал и историчарот Диодор од Сицилија, кој живеел во првиот век пред Христа, а истото го пишува и Плутарх. За ова пишувал и еврејскиот историчар Јосиф Флавиј, кој исто така живеел во првиот век по Христа. Интересен податок изнел историчарот Павсанија, кој живеел во вториот век по Христа. Тој вели дека Александар требало да биде погребан во Македонија. Но, неговиот генерал Птолемеј Први, кој останал да владее со Египет, го пренел телото во Мемфис, а неговиот син Птолемеј Втори го пренел во Александрија. Потоа за гробот на Александар пишувале и други антички автори: Дио Касиј, Лукијан, Севтониј, Антиох Грип и други...

- А дали некој од нив спомнува пренесување на неговото тело од Александрија? - прашав.

- Хм... Можеби... - неодредено одговори Борис.

- Како можеби?

- Всушност, најинтересно за нас е пишувањето на Дио Касиј. Тој бил римски историчар и, меѓу другото, ги опишал настаните во Египет што се случиле откако

Римјаните ја превзеле оваа земја од Македонците. Тој го спомнува саркофагот на Александар, а спомнува и некакви тајни книги. Сето тоа било сокриено по наредба на римскиот император Септимиј Север, кој тогаш престојувал во Александрија.

- Кога било тоа?

- Септимиј Север живеел од 146 до 211 година. И римскиот историчар Дио Касиј, кој го запишал ова, живеел во истото време. Бил современик на Септимиј Север, што значи дека бил сведок на тие збиднувања - подготвено одговори Борис.

- Дали имате автентичен цитат од тоа што го напишал Дио Касиј? Каде е тоа објавено? - прашав со зовриено нетрпение.

- Во своето дело "Историја на Рим", Книга 76, поглавие 13, еве што запишал Дио Касиј во врска со дејствата на императорот Септимиј Север во Александрија:

"*Тој... ги сокрил сите книги што содржеле тајни знаења и го затворил гробот на Александар со цел никој во иднина да не може да го види телото на Александар, ниту пак да го прочита тоа што е напишано".*

Последново прочитано, толку ме изненади, што одвај проговорив:

- Како не сум го знаел ова досега? Сигурно ли така пишува?

- Повели, прочитај сам. Делото на Дио Касиј е објавено и на интернет.

- Добро, се извинувам. Толку ми изгледа сето ова неверојатно, па затоа така реков.

- По ова, не се знае ништо за телото и саркофагот на Александар и за тајните записи. Сосема е можно дека е

пренесено во Македонија со помош на египетски робови, кои оделе со камили... Натаму знаеш.

- Но зошто?

- Од каде да знам? Тогаш луѓето поинаку размислувале... Доволно било императорот Септимиј Север да имал некое привидение, претскажување или впечатлив сон за да донесе таква одлука.... Тоа не е ни важно... Важно е дека ги сокрил саркофагот и тајните записи...

- Да речеме дека е така... Каде би бил сега тој саркофаг? Рековте дека бил баран во Бугарија... Ако баба Ванѓа тоа го рекла, тогаш нема што да бараме ние понатаму... - реков се уште замелушен.

- Ни тоа не мора да е така... Во Бугарија не е најдено ништо, освен двете светлечки фигури што ги видела Красимира со своите пријатели...

- Тоа е податок што никого нема да го остави рамнодушен... Но, кои биле тие фигури? Ве молам прочитајте го пак нивниот опис...

Борис ја отвори посочената страница од книгата за Ванѓа и по кратко барање повторно го прочита описот на Красимира, според кој глатката страна на карпата наеднаш станала сенишно осветлена. Како некој однатре да ја осветлил, налик на екран на телевизор. Истиот миг на неа се појавиле две фигури кои се оцртувале со бела боја. Биле многу големи и ја опфаќале речиси целата површина на карпата, која била околу пет метри висока и околу два метри широка. Фигурите биле толку реално прикажани што изгледало дека секој миг можат да се одвојат од карпата и да зачекорат. Присутните се скамениле од вчудовидености и страв. Со ококорени очи и подотворени усти, зјапале во неверојатната глетка.

Потоа Борис повторно го прочита и детаљниот опис што Красимира го дава за фигурите. Едната фигура стоела. Тоа бил старец со долга коса и облечен во долга античка туника. Во едната рака држел некаков таинствен апарат во форма на топка. До него била втората фигура, која личела на фараон и седела на престол. Тоа бил млад човек. На главата носел висока капа на која имало два израстока. Фигурите стоеле неподвижни околу дваесетина минути, сосема доволно да бидат видени и запоментени. Потоа наеднаш ги снемало, а карпата повторно станала темна.

- Неверојатно! - прошепотив.

Борис изгледа не ме ни слушна. Откако престана да чита, сам почна да коментира:

- Возрасниот човек, кој речиси бил старец, можеби бил Аристотел, учителот на Александар, додека "фараонот" што им се појавил, можеби бил самиот Александар. Знаеме дека тој бил прогласен за фараон и за син на Амон Ра. Единствено ме буни високата капа и двата израстоци што му штрчеле од главата... Тоа некако не ми се вклопува...

- Неверојатно! - речиси викнав.

Борис ме погледна зачудено:

- Што е неверојатно?

- Токму таа... висока капа... Бригиска капа... Таква носеле Македонците... - одвај изустив.

- Хм... Тоа не сум го помислил... Но, израстоците на главата? Тоа ми е многу чудно. Дури и помислувам дека сум во заблуда затоа што не знам како да го објаснам тоа со појавата на Александар... - коментираше Борис.

Се уште збунет од тоа што го слушнав и осознав, успеав само да му дофрлам:

- Токму е обратното... Тие израстоци на главата... Тоа е најголемиот прилог во тезата дека тоа е токму тој...

- Како? - се зачуди Борис.

- Дали имате овде некои од моите книги?

- Да, ги имам сите. Димитар ги купи од тебе...

- Дајте ми ја, Ве молам , "Уделот на Македонците во светската цивилизација". Побргу...

Борис сфати дека сум сериозен, па веднаш стана и по кратко време ја донесе оваа моја книга. Свртев на 49 страница и се уште не можејќи да си дојдам во себе, му реков:

- Слушајте внимателно. - потоа почнав да читам:

*"Кога зборуваме за врските помеѓу Македонците и почетоците на исламот, да го кажеме и тоа дека мнозина истражувачи денес сметаат дека еден Македонец е спомнат и во самата исламска света книга Кур'ан. Конкретно, се смета дека во оваа исламска света книга е спомнат Александар Македонски, но под друго име. Всушност, се смета дека тој овде е спомнат под описното име Зу'л-Карнијан. Овој израз може да се преведе на неколку начина. Според буквалниот превод, овој израз значи "**оној со два рога**". Германскиот историчар Улрих Вилкен пишува дека ваквото детерминирање на Александар потекнува од старото египетско предание, според кое, Александар е претставен како "син на Амон". Од своја страна, синот на Амон, во ликовните претстави секогаш бил прикажуван како лик кој на главата има два мали рога. Поради тоа Вилкен смета дека оттука потекнува описното име на Александар како "**оној со два рога**" (Улрих Вилкен: "Александар Македонски" Скопје, 1988, стр. 353)."*

Сега кај Борис почувствував возбуда.

- Како не сум го забележал ова?

- Мене веднаш ми текна... На неколку уметнички претстави го имам забележано Александар прикажан со два мали рога на главата. Тоа е поврзано токму со неговото боготворење од страна на Египјаните, а таа претстава подоцна ја прифатиле и муслиманите, кои денес го нарекуваат Александар "Оној со два рога" и го сметаат како еден од пророците на Алах. - реков веќе посмирен.

- Значи нема сомнение дека едно од привиденијата е токму Александар Македонски... - возбудено заклучи Борис.

Потоа двајцата замолчевме. Јас прв проговорив.

- Но, како е сето ова поврзано со бакарната книга?

- Се е можно... - одговори Борис - Можеби Септимиј Север и самиот не можел да го протолкува напишаното во саркофагот, па затоа решил да го закопа засекогаш... Но, можеби некој од неговите соработници и малумина сведоци на тој настан, сето тоа тајно го запишал? Не случајно добар дел од зборовите во бакарната книга се латински... Можеби и прецртал некои од знаците од саркофагот? Можеби и означил дека во него има мапа за скриеното богатство на Александар? Можеби бакарната книга го крие одговорот на прашањето каде е скриен тој саркофаг?

- Премногу "можеби"... Многу важни прашања остануваат без одговор. Каде може да биде однесен тој саркофаг? Доколку и навистина е донесен од Египет можеби некаде заглавил во Тракија? Или во пиринскиот дел на Македонија?...

- Или во нашево парче Македонија. - ме дополни Борис.

- Сега навистина мислам дека претеравте. Ајде да бидеме реални...

Борис ме прекина:

- Јас сум реалист... Превзедов и други чекори...

- Какви? - прашав љубопитно.

- Откако ја прочитав книгата на Красимира, во 1991 година испратив еден мој роднина кај Ванѓа. Сакав да дознаам каде точно била Красимира со нејзините пријатели кога ги виделе привиденијата... И сакав, ако може, да дознаам уште нешто во врска со книгата

- Навистина? И?

- И пак ништо. Кога дошол кај Ванѓа, таа само кратко му рекла: "*Знам зошто си дојден, но залудно си тука. Оди си. Нема што да ти кажам... Јас реков во нашата земја...*". Тој се онерасположил и се свртел да си замине, а таа му дофрлила: "*Пресечената планина...*". Тоа го запомнил и тоа ми го пренесе.

- Чекајте малку. - реков и адреналинот пак ми се качи. - Можеби таа мислела и навистина на "нејзината", то ест на "нашата" земја? Да не заборавиме дека таа е струмичнака, наша сонародничка... Нејзиниот брат се борел и загинал во редовите на партизаните... Можеби мислела на овој дел од Македонија?

- Можно е... Но, каква е таа "пресечена планина", ако мојот човек запомнил добро...

- Да не е некоја планина која изгледа како физички "пресечена"? Или можеби е некоја гола планина "пресечена" со шума... Или можеби со ливада... Треба да погледнеме во некоја карта... - почнав да импровизирам, кажувајќи се што ми падна во мигот на памет.

- Не знам. Јас дојдов до овде и тука застанувам. - рече загадочно Борис и продолжи - Дури и да најдеме за која планина станува збор, кој може да пребара цела планина? Тука е крајот на приказната... Барем за мене...

- Крајот на приказната?

- Да. Толку од мене...

Не разбрав сосема што сакаше да каже Борис, но и не инсистирав да дознаам. Возбудливиот разговор како да не водеше сметка за времето. Тоа одлета и повеќе отколку што треба, па јас наеднаш се освестив дека треба да одам дома. Со Борис се договоривме да се слушаме телефонски, а ако има потреба и да се видиме.

*

Првата ноќ дома ја минав кошмарно. Легнав во мојата работна соба сам за да не ја будам жена ми без потреба. Лавина од секакви мисли ми татнеше во главата. До длабоко во ноќта пак влакната се преструваа во камили. Го вклучив компјутерот за да работам, со цел да се заморам од работа и да заспијам полесно, но залудно. Кога легнував пак доживував хаос во главата. Каде ми скитаа мислите? Повторно од една до друга крајност, со тоа што овојпат растојанието меѓу тие крајности беше уште поголемо и понедостижно... Сите опции ми врвеа низ главата. Сето досега кажано по илјадапати го преповторував и преиспитував. Токму кога помислував дека сум на прагот на некое неверојатно големо откритие, во мислите одмавнував со раката и пак се враќав на почетокот - скенирање и анализа на сите изречени зборови и сознанија... Дали и навистина се работи за саркофагот со телото и тајните записи на најголемиот македонски цар? Тоа е премногу и да се помисли, а камо ли да се верува...

Но, навистина постоеја сериозни индиции во поткрепа на оваа неверојатна теорија... Мачејќи се така, неосетно мислите ми бегаа во друга кошмарна насока. Помислував на мојот соговорник. Иако е стар, тој сепак е опасен човек. Којзнае зошто токму мене ме одбра да ми го каже сето ова. Можеби сака да ме искористи за нешто? Потоа можеби ќе ме ликвидира... Сигурно знае многу начини за тивка ликвидација... А, да го пријавам јас сето ова во полиција? Така ќе бидам сигурен дека нема ништо да ми направи... Но, чекај... Што да пријавам? Тој сега само е несреќен старец пред крајот на животот. И притоа доживеал огромна трагедија, па грев ќе биде ако и јас му нанесам непријатности. Дури и да ми поверуваат во полиција, ќе треба да разговараат со него, да го испитуваат и малтретираат. Откако ништо нема да им каже, ќе знае дека јас сум го пријавил, па или ќе ме тужи за клевета или ќе гледа на некој друг начин да ми се одмазди... И зошто сето тоа? Зошто такви непријатности и за него и за мене? Поради некоја бакарна книга, пардон поради неколку фотографии од бакарна книга и неколку приказни... И пак наеднаш мислите летнуваа во имагинарни предели... Зошто го потценувам човекот? Тој не е лош кон мене. Ме покани за да ја сподели со мене својата тајна. Нема причина да стравувам. Та, нели се спријателивме? Толку време поминав кај него... Впрочем, тој знае дека јас со ништо не можам да му наштетам...

Ваквите збркани и контрадикторни мисли конечно во длабоката ноќ ми го донесоа сонот... Се разбудив дури околу 10 часот претпладне. Бев возбуден поради нешто што ми излезе на сон таа ноќ. Навистина некои сонови се забораваат уште при самото будење, а некои се помнат со денови, па и со години... Јас тоа би го поврзал

со “интензитетот” на сонот (не ми текнува поадекватен израз). Оние сонови што ни оставаат впечаток и што долго ги помниме сигурно дека биле “поинтензивно” презентирани во нашата заспана свест... Барем така некако лаички размислував... Но, да се вратам на сонот. Се сонував себеси како лежам во постелата во мојата, на чуден начин изменета и осветлена, работна соба. Наеднаш почувствував страв од нечие присуство во собата. Во сонот ги “ококорив” очите и јасно “видов” пред мене луѓе. Тоа беа млад и убав маж, една постара жена и уште еден чие лице не можев да го видам, но добив чувство дека тој не е толку важен. Младиот маж беше облечен во античка туника. Мирно гледаа во мене без да покажат каков било израз на лицето. Старата жена беше слепа, но и за неа имав чувство како да гледа во мене. Како да бев закован во постелата. Не можев ни да мрднам и така се препуштив на нивното гледање, не знаејќи во сонот дали да се плашам или не... Тогаш се разбудив и отпрвин не знаев дали сум сонувал или навистина некој имало во мојата соба. Набргу олеснително сфатив дека сепак тоа било само сон.

- Го сонував Александар Македонски... Беше во мојата соба... И баба Ванѓа беше со него... И уште еден, не толку важен... - реков замислен полугласно пред жена ми додека го пиевме утринското кафе.

- Кого си сонувал? - ме праша таа љубопитно.

- Никого. Нешто се замислив...

*

Следните денови темелно и малку потрезвено ги анализирав сите факти, претпоставки и можни исходи околу сето ова. На Борис не му се јавив, а не ми се јави ни

тој мене. Почнав со подготовката на книгата што сега ја читате. Решив кога ќе одмине дел од работата да му се јавам на Борис за да му дадам нешто да прочита. Воедно сакав и да се договориме конкретно околу печатењето. Истовремено сфатив дека јас не можам сам да сторам ништо за евентуалното откривање на тоа богатство, доколку и навистина постои и доколку и навистина е сместено овде некаде. Повторно ги разгледав зборовите и цртежите што ми ги даде покојниот Димитар. Да, тоа се истите зборови што ги видов и на фотографиите од книгата... Еве го зборот ФОДИАУРУМ, еве го АЕНИГМА, еве го АХЕНУС, еве го цртежот со змиите... Еј! Каков е овој цртеж? Четири змии околу квадратна основа... Но, чекај малце... Да не сум грешка?... Не! По ѓаволите што е ова? Вознемирено сфатив дека цртежот со змиите го немаше на фотографираните страници што ми беа дадени од Борис. Стопосто сум сигурен во ова. И што сега? Каква е оваа зафрканција? Борис рече дека ми ја дава фотографирана целата книга, а неговиот син на времето ми даде цртеж од книгата што го немаше во фотографиите. Заклучокот се наметна сам по себе. Борис не ми ги покажа сите страници. Постои најмалку уште една страница од таа книга, имајќи предвид дека Борис ми кажа дека секоја страница била "пишувана" само од едната страна. И што сега?... Глупаво е да му се јавам на Борис. Тој секако дека намерно не ми ја покажа таа страница. Но, испуштил од предвид дека дел од нејзината содржина, конкретно цртежот со змиите, ми го даде неговиот син. Значи Борис не знае дека јас знам за постоењето на барем уште една страница. На неа можеби се наоѓаат клучните податоци околу локацијата или барем на тајната порака што ја содржи книгата. Од моето

досегашно искуство знам дека Борис и Димитар ми ги даваа на преглед само оние делови кои не им се сосема јасни. Тоа можеби значи дека содржината на останатата страница ним им била јасна... Но, зошто толку се возбудувам? Освен тоа што обајцата ме излагаа, друга никаква штета немам од нив. На крајот на краевите бакарната книга е нивна, па можат да прават со неа што сакаат... Ако му кажам на Борис дека знам за постоењето на таа страница, само можам да си создадам проблеми. Но, од друга страна инаетот и љубопитноста не ме оставаа на мира... Зошто ја сокри од мене, кога за толку работи ми се довери? На крајот на краевите и ако му кажам за постоењето на таа страница, тоа не значи дека тој мора да ми ја покаже... Решив да се направам на "удрен" и да го прашам.

Таа вечер беше недела 12 јуни 2005 година. Околу 20 часот му телефонирав на неговиот домашен број. Не се јави никој. Утредента пак телефонирав, но пак ништо. Така беше и следните денови. Сомнежот почна да се вселува во мене. Секогаш кога му се јавував, тој беше дома. Каде ли е сега? Да не отишол некаде на пат? Или можеби не сака да ми се јави? Можеби сфатил дека знам за другата страница на книгата, па сега ме избегнува? Но, од каде ќе знае? Нему никогаш не му ги покажав зборовите што ми ги даде син му. Можеби се предомислил за пишувањето книга за неговата тајна? Но, зошто тогаш толку пати ме викаше кај себе? Сите овие прашања и одговори перманентно се менуваа во мојата веќе претоварена свест... Неизвесноста е најтешка. Потешка е дури и од најлошиот исход. Кога доживуваш некаков пораз, барем знаеш на што си, па веќе се обидуваш да се прилагодиш на новонастанатата состој-

ба. Но, кога си во неизвесност - тоа може да биде вистински пекол. Така беше и сега. Како што Борис не ми одговараше на повиците, неизвесноста се повеќе пируваше во мене. И којзнае по кој пат мислите ми бегаа од една во друга крајност. Можеби умрел? Можеби е жив, но болен? Можеби ми подготвува нешто? Можеби сам ќе ми се јави? А можеби не... Можеби... Можеби...

16 јуни 2005. Бев за Скопје, но поради сосема друга причина. Бев на концертот на Крафтверк. Ја водев и ќерка ми. Стигнавме во Скопје непосредно пред концертот. Прекрасно доживување! По концерот бевме кај едни стари пријатели, а потоа назад. Се вративме околу 2 и пол часот по полноќ. Не возеше мојот кум и пријател Ангел Арсов.

17-ти јуни. Одвај се воздржав да не појдам во полиција и да го пријавам сето ова. Тој ден излегов во центарот на Штип по работа. Како и обично, се вратив дома со такси. Некаде кај Трговски, поради метеж во сообраќајот, се создаде редица од автомобили пред и зад нас. Така моето такси за миг подзастана додека да се расчисти. Истовремено автомобилите што минуваа во спротивниот правец си возеа со нормална градска брзина, минувајќи еден по еден крај мене. Сакал или не автоматски се загледував во тие автомобили. Замислен во чекањето, рутински забележав жолто такси со скопска регистрација кое помина крај нас. Крајот од окото ми го скокотна ликот на позната фигура која седеше на задното седиште... Фигурата носеше темни очила. За миг како да погледна во мене, а потоа исчезна заедно со жолтото такси.

- Борис!? - речиси извикав и токму кога посакав да се свртам на седиштето и да погледнам зад мене, моето такси тргна.

- Некој познат? - ме праша таксистот, додека безуспешно се обидував да уловам со погледот уште нешто од жолтото такси, кое се повеќе се "смалуваше" возејќи надолу по улицата.

- Не знам... Ми заличе на еден... - реков, а црвот на сомнежот веќе почна да рие во мене.

Тој ден бев опседнат со уште поголема неизвесност. Дали и навистина беше Борис? Зошто дошол тука? Можеби ме следи? Можеби нарачал моја ликвидација?... Пак размислувам глупости... Можеби дошол кај свои пријатели? А можеби и воопшто не беше тој?... Преокупиран сум со настаните со него, па почна да ми се причинува...

Неизвесноста со Борис продолжи уште неколку дена. И погодете кој ја прекина, повторно враќајќи го расположението кај мене? Верувале или не, тоа беше - поштарот. Стариот добар маалски поштар кој секои два-три дена ме изненадуваше, донесувајќи ми по нешто: од далечни писма, понекогаш пари, па се до сметки за плаќање. Така беше и сега. Штом ми зазвони звончето околу 11 часот претпладне, знаев дека е тој. Само што ја отворив влезната врата, по обичај, брзајќи како и секогаш, ми го втурна под носот пенкалото и местото за потпис во неговиот "тефтер". Потоа ми даде да се потпишам и на многуте жолти ливчиња. Немаше сомнение дека ми носи пари и препорачано писмо. Без да проверувам од кого се, прво се потпишав, а потоа ми го даде писмото и ми рече дека ми носи 50.000 денари, по што веднаш почна да ги брои.

- Чекај, ова мора да е грешка. Од кого се овие пари? - реков изненадено.

Поштарот се сепна. Го прекина броењето и провери уште еднаш на копиите од жолтите уплатници.

- Не е грешка. Еве го твоето име.

- Дај да видам...

- Погледни. - ми подаде неколку уплатници.

Тогаш сфатив дека парите се од Борис бидејќи на уплатниците (според правилата) стоеше и неговото име како испраќач. Не сакав на поштарот да му создавам дополнителни збрки дека не сум ги очекувал овие пари и слично, па веднаш се поправив:

- Аха, тоа се пари од еден мој чичко од Скопје. Не ми текна во моментот... Извини...

- Поштарот зачудено ме погледна, а потоа пак се внесе во броењето. Ми ги даде парите и замина.

Откако ја затворив влезната врата, уште во претсобјето видов дека и препорачаното писмо е од Борис. Влегов во салонот, ги оставив парите на масата и веднаш го отворив писмото. Дома немаше никој. Ги ставив очилата и се испружив во фотељата, нурнувајќи се во неговата содржина. Писмото беше чукано на машина и беше педантно напишано, без печатни грешки. Неговата содржина ја пренесувам во целост:

"*Драги Александре,*

Знам дека ми се јавуваше неколку пати. Прости што не ти одговорив. Немаше ни причина да ти одговорам. Работата со тебе ја завршивме и јас, како што се договоривме, ти испраќам 50.000 денари за печатење на книгата. Немој да го спомнуваш моето име ни името на син ми, оти ако го направиш тоа, ќе бидам

принуден на непопуларни мерки за да го одбранам моето достоинство. Извини што вака ти пишувам.

Да ти кажам и за бакарната книга. Таа веќе не е кај мене. Му ја вратив на синот на сопственикот. Таа мене не ми донесе ништо добро. Син ми умре заради неа. Беше опседнат со нејзината содржина, потроши големи пари за да ја открие, се остави со жена му и на крајот доби удар. И жена ми умре претходно. Не ти кажав дека и јас сум тешко болен. Имам цироза и ми остана уште малку време. Алкохолот ме уништи, иако со години веќе не пијам. Немам потомство и немаше кому да ја оставам. Не е книгата таа која носи несреќа, туку несреќата доаѓа како казна од постапките на луѓето што се околу неа. Ако направиш лошо, тоа ќе ти се врати. Јас тоа го почувствував најдобро. Богатството за кое зборувавме и да сакам да го барам, немам веќе време ни сила. Дури и да е таму каде што мислам дека е, треба премногу време и средства, а и тоа не е сигурно. Ми остана уште малку живот, па барем да направам некое добро дело. Затоа ја вратив книгата. Таа сама по себе е најголемата вредност. Како вреден археолошки предмет ќе може да ја продаде и барем тој да види некаква фајда од неа. Му кажав се што знаев за нејзината содржина, а му кажав и за тебе дека заедно сме работеле на нејзино толкување. Можеби сам ќе ти се јави.

Мене не ме барај повеќе. Кога ќе го читаш ова писмо, јас веќе ќе бидам иселен од Македонија. Одам во Босна, каде се роднините на жена ми и каде имам стан. Не ти пишувам каде е тоа. Сеќавај се по добро на мене, иако правев лоши работи во животот.

Твој,Б.”

Не знаев дали да жалам заради содржината на ова писмо или да се радувам што конечно завршив со неизвесноста. Инстинктивно станав и шетав низ салонот, отпрвин не знаејќи што да мислам. Мислите пак ми скитаа, но овојпат во сосема друга конотација. Конечно, сето ова заврши. Нема веќе опасност од Борис. Секоја чест за неговата смела постапка. Сигурно дека тој не беше човекот што го видов во жолтото такси. Сега, останува да ја напишам повеста и авантурата со него, секако почитувајќи ја неговата желба да не ги спомнам во книгата ниту неговото, ниту името на неговиот син. Значи работите полека почнаа да се средуваат. Што се однесува до новиот сопственик на бакарната книга, не знам зошто би ми се јавувал? Но, ако се јави, добредојден е. Туку, да се пуштам јас во работа...

*

Дојде јули 2005. На 19-ти, уште едно незаборавно доживување - концерот на Дип Парпл во Скопје. Бев со мојот пријател Ане Волчев, со мојата и неговата ќерка и со една нивна другарка. Бевме со такси. Две генерации со заедничка желба и радост да се види легендарната група...

Потоа дојде летниот одмор 2005 што го поминав со семејството во Струга. Убаво се одморивме со сите составни делови на еден одмор: пливање, плажа, прошетки, ресторани... Тој период работев на книгата за роднинските врски помеѓу единаесет американски претседатели со македонските владеачки династии. Помина летото. Дојде есен. Подготвување зимници со привлечниот мирис на печени пиперки... Дојде и октомври.. па ноември... декември... Среќна Нова 2006 година!... Јануари и зимскиот распуст на жена ми и децата поминат во

идилична домашна атмосфера со гледање филмови на проекторот... Дојде и февруари, март и април... Пак почна да се стоплува... Дојдоа мај и јуни 2006-та. Целото тоа време не добив никаква информација ни за Борис, ни за бакарната книга. Да бидам искрен и се плашев да истражувам за него, затоа што сметав дека тоа би било залудно ставање нога в трн од моја страна... Единствено повеста што ја пишував ме потсетуваше на настаните со него и со бакарната книга... И така, текстот веќе горе-долу го напишав токму до местото што сега го читате. Откако неколкупати го препрочитав напишаното, решив полека да почнам да се подготвувам за негово објавување... Телефонскиот повик што, според моите записи, го добив во сабота претпладне на 10 јуни 2006, за извесно време, го одложи сето тоа...

- Добар ден. Тука е Славе "Оаза". Ќе ми треба Сашо. - слушнав низ слушалката во мојата работна соба, откако претходно го изговорив вообичаеното "да", по првото ѕвонење и откако видов на идентификаторот непознат број од мобилен.

- Славе? А, Славе, ти ли си? Кажи... Јас сум... - реков прилично изненаден од идентитетот на јавувачот.

- Да се видиме ако може... Сакам да направиме еден муабет. - директно продолжи Славе.

- Нема проблем. Во секое време. Ако сакаш дојди, а ако треба и јас ќе дојдам. - одговорив без размислување затоа што тој ден немав некои посериозни обврски, па дури и се мислев како да го поминам слободното време.

- Ај, дојди ти. Можеш ли веднаш да додјеш?

- Можам за половина час. Каде да дојдам?

- Дојди кај мене на рецепција во хотелот. Ако ме нема, кажи и на рецепционерката да ми јави дека си дојден. Или качи се право во мојата канцеларија.

- Не знам каде ти е канцеларијата. Ќе дојдам на рецепција.

- Добро. Ќе се видиме. - рече Славе и ја прекина врската.

Пред да продолжам со приказната, да кажам кој е Славе "Оаза". Тој денес е еден од најмоќните бизнисмени во Штип и пошироко. Заедно со неговиот ортак, го поседуваат хотелот "Оаза", што порано се викаше "Астибо", поседуваат и извесен број дуќани и други поголеми објекти и фирми. Тие се збогатија благодарение на успешната трговија на кожи која упорно долги години ја работеа. Но, јас и Славе се познававме по друга линија. Како гимназијалци и иста генерација, во периодот од 1975 до 1978 година, бевме речиси неразделни другари. Бевме во заедничко друштво и заедно ги минувавме тие незаборавни мигови на безгрижната младост во тоа време исполнета со журови, игранки, прошетки по штипското корзо и на популарната "парада" (како што го викавме денското собирање на средношколците пред попладневата настава), првите пијанки, првите девојки, другарства, мотори, коли и други младешки авантури... Потоа времето си го стори своето, па секој тргна по својот пат. Долги години поминаа, а со Славе ретко се гледавме и одвај дали се поздравувавме. Но, потоа заедничкиот интерес пак направи да контактираме. Како што тој подоцна ми кажа, за време на неговата посета на Канада каде што живее сестра му на неговата сопруга Соња, се сретнал со нашата позната новинарка од дијаспората Лилјана Ристова, сопственик на весникот "Маке-

донски вести" од Торонто. Славе и Соња нешто требало да и дадат на Лилјана, па така се запознале и поминале неколку дена во разговори. Лилјана му го разбудила интересот кон македонската историја. По враќањето во Штип, Славе почна да превзема конкретни чекори во таа насока, што кулминираше со неговото финансирање на огромниот споменик на Александар Македонски што денес го краси центарот на Штип. Претходно тој и неговиот ортак (обајцата сопственици на фирмата "Оаза") го платија и поставувањето на огромиот метален Крст на локалниот рид Исар, што се надвиснува како заштитник на градот. Со тоа Славе ја стекна почитта кај повеќето штипјани, иако имаше и обиди за негова дискредитација, какви што, впрочем, има кај нас против секој што нешто успеал во животот. Пред две години исто така Славе ненадејно ми се јави и побара да ги купи сите мои книги. И тогаш накратко се видовме, но потоа пак секој си тргна по својот пат. Повремено слушав дека дел од старите другари од гимназијата се уште се собирале за Стара нова година, а јас, иако не одев, со сите нив одржував пријателски односи.

"Што ли ме бара Славе?", помислив. "Можеби пак бара книги од мене или да правиме муабети за историјата. Нема проблем. Што и да бара, убаво ќе ми дојде да ја разбијам монотонијата што ме чекаше тој ден".

Се преслеков, повикав такси и по околу половина час од јавувањето, се најдов пред добро познатиот хотел "Оаза". Славе седеше сам на една од фотељите пред рецепцијата и кога ме виде стана, се поздравивме и ми рече да одиме во неговата канцеларија. Влеговме во лифтот и бргу се најдовме во убаво уредената и пространа канцеларија.

Откако седнавме, отпрвин извесно време молчевме. Славе беше истиот како што го познавав. Малку повисок од мене, со кафеава коса и сини очи. Беше добро "зачуван" за возраста во која бевме. Гледајќи го, во главата почнаа да ми парадираат слики од заедничкото дружење од пред триесетина години... -

- Арно си се сместил.. Алал ти вера... - реков за да го почнеме некако разговорот.

- Што ќе пиеш? - ми одговори Славе со прашање.

- Густ сок.

- Донеси два густи и едно кафенце за мене. - рече Славе во телефонската слушалка, а во следните две-три минути (додека да стигнат соковите) следуваа протоколарните: "Што има ново?", "Не сме се виделе одамна" и сл., проследени со уште поинтензивни слики во мојата глава од нашето заедничко дружење од средината на седумдесеттите.

Откако девојката донесе густ сок и "кафенце", Славе конечно и без многу заобиколување ми ја соопшти причината за оваа средба... Тоа што го слушнав од него, пак ги врати на сцената на мојата стварност возбудата и неизвесноста од дружбата со Борис.

- Види вака Сашо... Долго време се знаеме и сакам да споделам со тебе една многу важна работа... Можеби претпоставуваш за што станува збор?

Ги згрчив рамењата. Славе продолжи:

- Добро. Ова што ќе ти го кажам сакам да остане само меѓу нас двајцата. Барем засега...

- Арно де, кажи што е работата?

- Се работи за... книгата.... Бакарната книга. - како гром од ведро небо изговори Славе.

Признавам дека на ваквата причина за неговото повикување воопшто не помислив. Не знаев ни што да мислам, ни што да му одговорам. Помислив да не е некоја забуна. Механички изустив:

- Која бакарна книга?

Славе се насмевна:

- Како бе која? Таа за која што ти пишуваш роман...

Тогаш сфатив дека не е забуна. Но, се уште не можев да го поврзам Славе со бакарната книга:

- Да не ти ја нудат за откуп? - прашав за да дознаам што побргу.

- Не. - одлучно одговори Славе, кој како да се чудеше како не можам да сфатам што е работата. Јас пак сешто помислував. Знаев дека за таа книга знаат и други, па можеби Славе дознал од некој од нив? Но, од каде знаеше дека јас знам за неа? Сите овие мисли во неколку секунди ми протрчаа низ напнатата свест.

- Па од каде тогаш знаеш за неа? - прашав без двоумење.

Славе значајно ме погледна од што заклучив дека ќе ми соопшти нешто навистина важно, а потоа продолжи:

- Бакарната книга се врати на своето место...

Иако ова ми прозвучи толку неверојатно, не ми требаа дополнителни објаснувања за да сфатам за што станува збор. Одвај се воздржав да останам мирен на столот:

- Што? Ти?.... Значи, тоа бил... Татко ти?...

Славе смирено продолжи:

- Стариот офицер што го познаваш... Борис... Тој ми ја врати... Но, засега не смееш никому ни збор да кажеш за ова! Јасно ли?

- Чекај Славе... Ваша ли била таа бакарна книга? Татко ти ли е тој капетан кому му била одземена?...

- Да.

- Татко ти се викаше Ангел...

- Тој е. Капетан Ангел Ивановски. - потврди Славе.

Устата ми стана сува од неверојатното сознание. Отпив поголема голтка од сокот:

- Бре мајката!

- Не се чуди. Тоа е тоа.

- Како бе да не се чудам? Ова е чудо невидено! Јас се сеќавам на татко ти... Но, не сум имал поим дека бил воено лице и дека бил затворен... Се сеќавам кога почина, но не знам која година беше тоа?

- 1983. Почина од срцев удар.

- И сега книгата...

- Книгата е на сигурно. - ме пресече Славе.

- Се разбира... Да ти кажам... Ме радува што ви е вратена... Кога ти ја вратија?

- Уште лани. Мислам дека беше јуни... Стариот од Скопје ми се јави, побара средба, се видовме овде и ми ја даде. Пред тоа се ми објасни...

- Аааа, сега се сетив... Знаеш ли дека јас случајно го видов во Штип? Но, тој или не ме виде или така се направи... А, знаеше ли ти за оваа книга?

- Знаев. Татко ми ми кажа недолго пред да почине. Тој доживеа два срцеви удара пред да го стрефи конечниот. Тогаш еден ден ми кажа дека сме имале некаква бакарна книга, но дека му ја конфискувале. Не ми кажа дека заради неа лежел затвор, веројатно за да не создаде револт кај мене... Не ми кажа ништо ни за нејзината вредност... - почна да ми објаснува Славе.

- Кога почина татко ти, јас и ти не се дружевме, па навистина не знам дури ни дека бил офицер... Јас го помнам од тогаш кога доаѓав кај вас... Мирен човек беше... А, од каде дошла книгата во вашето семејство?

- Татко ми е од село Војница, Велешко...

- Тоа го знам. Се сеќавам.

- Тоа село, според една легенда, било создадено од војници, имало војничка традиција... Наводно некој наш далечен предок кој исто така се викал Ангел бил доверлив воен старешина на цар Самуил. Тој Ангел одел на чело на ослепената Самуилова војска кога се враќале од Беласица. Бил ослепен само на едното око. Тој поседувал некакви тајни записи запишани на зајачка кожа. Наследени од негов пра-прадедо и препишувани со генерации... Наводно за некакво богатство. Кога видел дека Самуиловата држава пропаѓа, му ги дал тие записи на царот, а овој наредил да се препишат во бакарна книга за да се зачуваат трајно. Но, токму кога царот се подготвувал да превземе експедиција за да се најде тоа богатство и да се спаси Царството, се случила битката на Беласица. Непосредно пред да умре, царот го повикал кај себе Ангел и му ја дал бакарната книга. Практично му ги вратил тајните записи, но во поинаква и потрајна форма. Му рекол да ја чува како непроценлива вредност, која еден ден може да му донесе благосостојба и среќа на тој што ќе ја има.

- Интересно. - прокоментирав - А, дали имате некои документи за ова?

- Не. Тоа се само приказни останати во нашето семејство. Уште од дедо и прадедо....

- Не знам што да ти кажам. Има логика во ова предание, иако нормално дека има и нешто измислено.

Така е во сите легенди и преданија. Тие можеби биле создадени од настани што навистина се случиле. Но, подоцна, со текот на времето, за време на вековното усно пренесување, секој си додавал по нешто во нивната содржина, така што денешните генерации не знаат што е вистина, а што не...

- Што мислиш дека е вистинито во оваа приказна? - ме праша Славе.

- Од каде да знам...

- Добро де, ти рече дека нешто ти изгледало логично.

- Тоа се само мои шпекулации, без многу да размислувам. Сега во овој миг ми текнаа... Доколку бакарната книга е настаната во времето на цар Самуил, тогаш јасно е од каде во неа се среќаваат зборови на кирилица, заедно со латински зборови и древни знаци од антиката... Не знам... Само импровизирам. Можеби има логика... Зборовите на кирилица и навистина се во функција на дообјаснување на античката содржина на книгата. Ако ја знаеш нејзината содржина, сети се на пораката "НОУЖДА ПРÎМОДРОСТ", која јасно укажува дека е "потребна мудрост" за да се протолкува нејзината содржина. Јасно е дека таа порака е подоцна уфрлена.

- Хм... Можно е. Има ли нешто друго логично? - задоволно продолжи Славе.

- Можеби...

- Што?

- Не знам Славе. Сега само импровизирам. Ова за мене е нов момент. Малку сум збунет... Треба да размислам...

- Добро де, само си правиме муабет... Што мислиш дека е логично?

- Мислам дека цар Самуил и навистина немал доверба во својот наследник. Како прво тој не можел со сигурност да знае од кого ќе биде наследен, но во способноста на својот син Гаврило Радомир немал многу доверба. Гаврило Радомир и пред тоа му создавал големи проблеми и поради него, унгарскиот крал објавил војна на цар Самуил. Доколку, пак, Самуил макар и малку се сомневал дека ќе биде наследен од Јован Владислав, што подоцна и навистина се случило, тогаш со право не сакал бакарната книга да остане во негов посед.

- Зошто?

- Тоа е познато од историјата. Јован Владислав бил син на Арон, братот на цар Самуил. Арон, пак, своевремено војувал против Самуил за превласт над државата. Победил Самуил, а Арон бил убиен. Требало да биде убиен и Јован Владислав, но бил поштеден од синот на Цар Самуил Гаврило Радомир. Сепак, Јован Владислав сигурно дека никогаш не му простил на Самуил за убиството на своите родители, па само чекал погодна можност да му се одмазди. Ете затоа, доколку претпоставиме дека Самуил имал претчувство дека ќе биде наследен од Јован Владислав, му рекол на твојот предок дека нема доверба во својот наследник. Мислам дека има логика во ова, иако пак ќе повторам дека ова се само мои шпекулации, под услов и навистина да било така како што кажуваш.

- Јас верувам дека така било! - одлучно заклучи Славе.

- Добро де. Штом се работи за твојата фамилија, нормално дека ќе веруваш. - реков насмевнувајќи се.

Потоа двајцата замолчевме. Јас прв прекинав:

- Интересно е и името Војница. Дури и во јазикот на античките Македонци постоел збор “војник” чие значење било поврзано со војната...

- Сигурно дека не е случајно таквото име. - ме поддржа Славе.

- Која година е роден татко ти?

- 1922.

- Значи починал релативно млад... Јас имам запишано се што му правеле.

- Знам по нешто и јас. - ме дополни Славе и продолжи - Мајка ми ми кажуваше. Јас мислев дека е затворен за Информбирото. Во 2000 година поднесов барање да ми го достават неговото досие. Ми беше чудно кога видов дека во него никаде не пишува дека учествувал во некаква информбировска организација. Само му накалемуваат изјави што наводно ги дал за Корејската војна, за Кардељ и слични глупости...

- Тоа е доказ дека причината за затворањето била сосема поинаква. Ако бил организиран информбировец, тоа и навистина ќе го пишувало во досието... - заклучив, согласувајќи се со Славе.

- Така испаѓа... Сенката му ја скинале на Голи Оток. По цел ден ги терале да носат тешки камења боси по патеки полни со остри камења. Ги тепал кој како ќе стигне... Управникот, милиционерите, па дури и самите затвореници... Имал некој другар Албанец, кој му помагал. Но, тој умрел во логорот... Кога го пуштиле, сите негови поранешни другари избегнувале да се сретнат со него. Само еден новинар од Скопје му помогнал.

- Знам. Тоа ми го кажа стариот. Тој новинар подоцна бил избркан од работа. - дополнив, а Славе продолжи:

- Пред извесно време го побарав новинарот, но и тој починал. Ги најдов само неговата сопруга и син. Им се јавив за да им ја искажам мојата голема благодарност.

- Навистина? Убаво си направил. Мнозина од нас како да се навикнати само лошото со лошо да го враќаат. Добрините бргу се забораваат или со текот на времето се потценуваат.

- Да беше жив Албанецот... Суад се викал... и него ќе го побарав. Но, тој умрел во логорот. Не оставил потомство.

- Не знам што да кажам... Жалам за нивната судбина... Не знаев дека си имал починат брат.

- Да. Се викал Борче. Се родил во 1949, а починал во 1951, додека татко ми бил на Голи Оток. Јас и сестра ми сме родени многу подоцна.

- Голема трагедија.

Накусо замолчевме обајцата. Јас почнав:

- И што знаеш ти за бакарната книга? Зошто мене ми се јави?

- Стариот што ми ја даде ми кажа доста работи за неа... Ми рече дека и ти нешто си знаел... Нешто превзедов и јас овие месеци, но без некаков успех... Затоа решив да видам ако можеме нешто заедно да откриеме... Се знаеме одамна и тоа ми е доволна гаранција...

- Во тоа не треба да се сомневаш... Се што можам ќе ти помогнам. Но, не верувам дека нешто ќе се открие. - реков.

- Единствено нема да можам да ти ја покажам во оригинал... Таа е на сигурно место и не е лесно да се дојде до неа... Но, ги имам извадено зборовите и симболите, па да видиме дали нешто ќе може да се протолкува.

- Славе, јас и не барам да ми ја покажеш, а во име на старото пријателство ќе ти помогнам со се што можам. Но, ти реков дека ова е преголем залак и за мене и за тебе...

- Колку треба ќе ти платам. - рече Славе.

- Не треба ништо да ми плаќаш. - реков одлучно.

- Добро де, што подготвуваш сега?

- Како мислиш?

- Мислам, освен романиот за бакарната книга, на што друго работиш?

- Во догледно време ќе влезе во печат моја книга за јазикот на античките Македонци.

- Во ред, тогаш сакам да учествувам како спонзор.

Се насмевнав. Навистина ќе беше глупаво да го одбијам кога јас моите книги единствено ги печатам преку спонзори:

- Во ред. Тоа може. - реков - За печатење на таа книга средства обезбеди мојот пријател и познат бизнисмен Перо Шимов од Дојран, а дадоа и други луѓе од дијаспората, но со парите што ќе ги одвоиш можам да допечатам уште примероци и да ти дадам дел од нив.

- Од мене добиваш 500 евра. Јави ми кога ќе ја внесуваш книгата во печат.

- Добро... Благодарам многу...

- А, сега да видиме што ќе правиме за бакарната книга. - го пренасочи разговорот Славе.

- Јас засега можам да те запознаам со се што знам за неа. Најдобро ќе биде да ти дадам да ја прочиташ книгата што ја подготвувам. Таму е се опфатено. Се разбира дека името на татко ти не е спомнато... - почнав да објаснувам.

- Добро. Кога ќе ми ја дадеш?

- Кога сакаш... Ќе ти ја снимам на ЦД...

- Ќе може ли до вечер?

- Нема проблем.

- Јас ќе се јавам на некого од моите вработени и ќе им кажам да ја отпечатат на хартија.

- Во ред. - реков.

Потоа муабетевме за разни работи. Малку евоциравме спомени и јас заминав дома. До вечер ја снимив книгата на ЦД, ја однесов во една од канцелариите на фирмата "Оаза" и таму ја извадивме на хартија преку тамошниот печатач, по што му ја оставив на рецепција во голем жолт плик.

Следните неколку дена не се случи ништо, освен што се чудев на текот што го зедоа настаните со бакарната книга. Се уште мислев и на нејзината содржина. На 16.06.2006 пак се сретнавме со Славе во неговата канцеларија.

- Дали имаш размислувано која може да биде таа "пресечена планина" што ја спомнала Ванѓа? - го прашав директно.

- А, што мислиш ти? - одговори тој со контрапрашање.

- Не знам... не сум сигурен... Долго зјапав над картата на Македонија. И на географската и на онаа на интернет, која е направена со помош на сателитски снимки...

- И? Откри ли нешто? - малце како на подбив ме праша Славе.

- Па, не можам да кажам дека ја "открив Америка", но видов дека во Македонија за ниту една планина не може да се каже дека е "пресечена" од аспект на својот

облик... Секоја планина е испреплетена со голи предели и вегетација. Тоа се гледа од сателитските снимки на интернет. Единствено...

- Чекај, еве ја картата на Македонија. - ме прекина Славе, распостилајќи на масата голема географска карта на Република Македонија, по што додаде - Кои планини ти изгледаат како "пресечени"?

- Веќе реков. Географски гледано ниту една не изгледа дека е "пресечена", но...

- Ајде погледни подобро. Јас мислам дека има "пресечена" планина и тоа не една... - пак ме прекина Славе, обиколувајќи со прстот по границите на Република Македонија.

- Па и јас тоа сакав да го кажам. Има "пресечени" планини во Македонија. Тоа се пограничните планини... Сите тие се "пресечени" со државните граници...

- Значи нашата планина е една од неколкуте погранични планини во Македонија. - задоволно потврди Славе.

- Па, зарем овде доаѓала Красимира со своето друштво? Овде ли ги виделе привиденијата?

- Не.

- Од каде знаеш? - го прашав зачудено.

- Таа ми кажа. - смирено ми одговори Славе.

- Кој бе ти кажа?

- Красимира. Во ноември минатата година бев кај неа во Софија... Не можев да се воздржам, а да не ја прашам на која планина била со своите пријатели.

- И?

- Биле на Странџа... Таму ги виделе привидението. - ми рече Славе.

- Странџа? Каде беше тоа? - прашав.

- Тоа е на границата помеѓу Бугарија и Турција. Крајниот источен дел на Тракија. Таму биле. - објасни Славе.

- Хм... Но, зошто? Како?

- Од каде да знам. Тоа ми го кажа Красимира. Многу културна и љубезна госпоѓа. Но, таму не нашле ништо, што значи дека баба Ванѓа можеби само ги испратила за, на некој начин, да ги видат привиденијата. Таму не била локацијата со саркофагот... Красимира ми кажа дека нејзина пријателка била Људмила Живкова и дека по нејзин налог биле извршени истражувања во тој крај, но не било најдено ништо...

- А, знае ли Красимира дека можеби се работи за саркофагот на Александар? - прашав љубопитно.

- Не. Но, јас и навестив таква можност.

- И како реагираше таа?

- Многу се зачуди... Такво нешто и не помислувала... Таа е египтолог... - ми објасни Славе.

- Знам. - реков.

- Во секој случај, од Странџа не испаднало ништо, освен привиденијата најверојатно со ликовите на Александар и Аристотел... Сега е на ред нашата "пресечена" планина...

- Просто не ми се верува... И која мислиш дека е таа планина? - реков.

- А што мислиш ти? - пак загадочно ме праша Славе.

Од неговото прашање сфатив дека тој нешто знае или барем дебело претпоставува.

- Што знам... - реков, загледан во картата, а потоа продолжив - Пред се веројатно е некоја од оние на јужната граница, кон егејскиот дел на Македонија... Таму

бил центарот на античката македонска држава... Чекај, да видиме... Еве ги... Галичица, Баба, Кожуф, Ниџе и Беласица. Но, која од нив може да биде? - реков наведнат над картата.

- Која би ја издвоил ти? - праша Славе.

- Не знам... Можеби Кожуф или Беласица?

Славе се насмевна:

- И јас мислев на некоја од нив, но повеќе сум за Беласица...

- Зошто?

- Како прво, оваа планина и буквално се наоѓа крај родното место на баба Ванѓа, која потекнува токму од Струмица. Значи тоа е таа "нејзина", т.е. "наша земја" што ја спомнала... Понатаму сети се на некои чудни работи што неодамна се случуваа.

- На пример?

- Случајни ли беа зачестените прелети на НАТО хеликоптерите над оваа планина?

- Не знам. Не сум слушнал... Можеби се случајност.

- А, извештаите за наводната појава на НЛО?

- За тоа слушнав... Но, не верувам...

- А, реката од диви копачи кои последниве години ја преплавија токму Беласица?... А, присуството на војската, иако таму нема воени објекти? И тоа ли е случајност? - навалуваше Славе.

- Добро де. Признавам дека премногу случајности се поврзуваат со оваа планина... Од друга страна, таа е единствената планина што и навистина буквално изгледа како "пресечена" на три дела... Но, пак ќе повторам дека не верувам. Нема никакви докази... - реков јас останувајќи доследен на своето убедување.

- Ќе видиме. - рече Славе.

- Не знам како може тоа да се открие... А и да се открие дека е Беласица или некоја друга планина, што понатаму? Зарем може да се пребара целата? И што ако таа локација е од онаа страна на границата?

- Се согласувам. Многу е тешко да се открие се што е запишано во книгата. Тоа го признавам и не се занесувам дека којзнае што ќе испадне од сето ова, но барем да се обидеме... - заклучи Славе.

- Добро Славе, штом пак ја спомна бакарната книга, да те прашам уште нешто.

- Кажи.

- Колку страници има таа?

Славе се насмевна. Како да се колебаше да ми одговори, а потоа наеднаш рече:

- Пет.

- Така и си мислев. Борис мене ми покажа фотографии од само четири, но јас открив дека постои и уште една. - реков задоволен од искрениот одговор.

- Сигурно не ти ја покажал петтата целосно. Мене ми кажа дека таа била најважаната. На неа има нацртано змии и клуч...

Не знаев што повеќе да кажам во врска со таа страница, затоа што не сакав да го терам Славе да ми ја покажува. Тоа си беше негова работа. Продолжив:

- Не знам... Сето ова ми стои премногу лудо... Но, колку повеќе се трудам да се убедам дека ова е фантазија, толку повеќе сум опседнат со оваа тема и толку повеќе како да наоѓам нови и нови аргументи во нејзина поткрепа...

- На пример? - заинтересирано ме праша Славе.

- На пример, некој можеби ќе каже дека не постојат никакви историски сведоштва дека Александар Македонски оставил некакви свои пророштва и записи... - почнав, но Славе ме прекина.

- Како не оставил? Па, зарем не ја знаеш книгата со неговото пророштво? Јас ја имам...

- Токму ми го зеде зборот. Таа книга сакав да ја спомнам. Ја објави д-р Вера Стојчевска Антиќ и лично ми ја подари. Тоа бил некој стар ракопис, наводно најден во Вавилон. Овој ракопис го превел на современиот македонски јазик некој јеромонах Атанас. Вера Стојчевска Антиќ го пронашла записот на македонски и го објави... - додека зборував јас, Славе веќе ја извади дотичната книга пред себе.

- Еве ја. Насловот е "Претскажувањата на Голем Александар". Објавена е од Зумпрес, Скопје, во 1996 година. - рече Славе - и, не дозволувајќи ми ни да прокоментирам што и да било, продолжи - Одиме на страница 33. Еве што пишува:

"*На копањето во Вавилон, внатре во една кутија златна се најде едно многу ветво ракописмо од многу кијмет. Ова ракописмо се направи терџуме на сите јазици, зошчо сет пресказање на Голем Александар, што прескажаја без грешка коуку големи работи се направиа од тоа времето до денеска и кажваат што ќе се сторит ушче.*"

- Да. Тоа е тоа. Значи за претскажувањата на Александар останале и други сведоштва. Дел од нив стигнале и до јеромонахот Атанас, кој ги превел на народниот македонски јазик некаде во првата половина на 19 век. Овој превод тој го објавил во мала книшка во

Венеција. Професорката Вера ја најде таа книшка во Италија и ја објави кај нас.

- Но, тоа може да биде само мал дел од она што се крие во саркофагот... - претпостави Славе.

- Така испаѓа... Но, книшката на јеромонахот Атанасие е важна од аспект што потврдува дека такви претскажувања и навистина постоеле. - реков.

Потоа двајцата замолчевме. По извесна пауза продолжив:

- Како ти се допадна книгата што ја пишувам? - прашав наеднаш.

- Добра е. Немам ништо против да се објави. Тоа си е твоја работа. - рече Славе.

- Во ред.

Муабетот пак се сврте кон заедничките спомени. Од канцеларијата бевме кај мене на кафе, по што се разделивме.

Во следниот период се случија други интересни настани, кои ќе ги изнесам накратко по ред, така како што се запишани во моите белешки.

На 29.06.2006 година, јас, Славе и Зоран Ѓоргиевски (наша заеднички пријател, инаку врвен уметник во резба во дрво и поранешен директор на Музејот во Штип) бевме на промоцијата во МАНУ во Скопје посветена на текстот од Розетата во Египет. Таму се видов со многу пријатели и убаво си поминавме. Сакав да видам дали случајно некои од знаците од Розетата, имаат своја аналогија со некои од знаците од бакарната книга.

На 06.07.2006 ни се случи еден необичен настан. Славе ме покани утрото да појдеме за Стојаково кај Дионис, кој долги години ја чувал бакарната книга. Славе во меѓувреме станал добар пријател со него. Бевме во

селото и Дионис убаво не пречека со своите синови и сопруга. Тој беше средовечен добродушен човек. Правевме муабет за бакарната книга и Дионис ни кажа дека тоа не е обична книга. Тој не уверуваше дека книгата сама ќе ги открие сите свои тајни, но дека за тоа е потребен посебен начин на читање:

- Потребно е длабоко да се загледаш над книгата. Тогаш на површината излегуваат содржини, кои не се гледат од првото гледање. - објаснуваше Дионис, убедувајќи не дека знаците на неа претставувале некое древно тајно македонско писмо. Претпоставуваше и дека на средината на првата страница имало некаков драг камен и дека можеби преку него на посебен начин се читала книгата. Потсети дека во книгата е запишан зборот "аметист", вид на полудраг камен. Ни кажа дека не случајно е спомнат овој камен, затоа што во древните култури тој имал окултно значење. Конечно, ни кажа дека за да се сфатат некои делови од содржината на книгата требало страниците да се издвојат една од друга и да се постават на специфичен начин една врз друга. Ни кажа дека безброј пати се обидувал, но се уште не знаел како точно треба да се постават... Не знаев што да кажам на сето ова.

Обајцата (со Славе) потврдија дека по секое држење на книгата, рацете уште извесно време ги жежеле.

На одење кон Штип, застанавме со Славе да ручаме во еден ресторан во Гевгелија, сместен во близина на тамошниот музеј. Неговиот автомобил БМВ "шестка", остана паркиран во близина. Кога тргнавме Славе го згазна близу 200 на час и токму кога бевме во тунелот недалеку од Демир Капија, борд компјутерот пред воланот почна да светка и да испушта звуци, предупре-

дувајќи не дека нешто не е во ред. Славе веднаш сфати дека се работи за гумата и колку што може побргу ја намали брзината и застана на патот. Излеговме и видовме дека задната гума е дупната.

- Не грижи се. - рече Славе - Ова се двојни гуми. Сигурно е продупчен само горниот слој. Возејќи само на долниот слој ќе се вратиме за Штип.

Меѓутоа се покажа дека не е сосема така и дека гумата е речиси целосно оштетена и дупната. За среќа се наоѓавме близу вулканизерската работилница "Старт". Отидовме до таму и вработените веднаш се пуштија во работа. Целосно го кренаа автомобилот со помош на современата дигалка и ја извадија оштетената гума. Потоа ја ставија на апаратот за поправка на гуми и од неа извадија непознат метален предмет, долг околу петнаесетина сантиметри во форма на буквата "Г". Предметот целосно беше влезен во гумата и одвај го извадија со клешта оттаму. Ја заменија гумата со слична на неа и се вративме во Штип. Остана чудно како се нашол овој предмет токму во задната (десна) гума. Тоа не можеа да го објаснат ни вработените во "Старт", иако се добри познавачи на проблемите со автомобилските гуми. Дали некој намерно го подметнал со цел да предизвика несреќа? Можеби додека автомобилот беше паркиран во Гевгелија? Му ја кажав оваа можност на Славе, а тој ништо не одговори. Како да се трудеше да не покаже вознемиреност. Во секој случај, не спаси тоа што неговото БМВ навреме не предупреди за опасноста...

На 09.07.2006 Славе и неговата сопруга Соња беа кај нас на вечера. Го гледавме финалето на Светското првенство во фудбал помеѓу Италија и Франција и се снимавме со мојот камкордер. Истата ноќ, во 24 часот,

непознат телефонски повик ме разбуди. Немаше никој, а ни бројот не се одбележа на идентификаторот. Утредента разбрав дека и Славе дома добил таков повик во истото време...

Тие денови и Дионис доживеал непријатности. Кај него дошле двајца непознати и му рекле дека се испратени од некој Евреин од Израел, кој сакал да ја откупи бакарната книга. Му нуделе 4.000.000 (четири милиони) евра. Искусниот Дионис им рекол да му го доведат Евреинот за да преговара лично со него. Тие почнале да наоѓаат разни изговори зошто наводниот Евреин не можел да дојде, по што Дионис ги избркал.

Дали сето ова беа случајности? Кој стоеше зад ваквите провокации? Сепак, продолживме со нашите истражувања со извесна доза на претпазливост.

Во зачестените средби што ги имавме со Славе и со Дионис, се договоривме и да се обидеме научно да ја утврдиме староста на бакарната книга. Славе беше подготвен да отстапи една од алките и да ја прати во некоја светски позната лабораторија. Секако дека знаевме дека не е можно да се утврди староста на метален предмет, но за секој случај, сакавме тоа да го потврдиме од највисоко стручно ниво.

За таа цел, на 07.07.2006 година испратив е-маил порака на англиски до Британскиот музеј (Британсх Мусеум) со следната содржина:

"*Почитувани,*

Се извинувам што ве вознемирувам, но ќе Ви бидам благодарен доколку ми одговорите на оваа порака.

Се работи за еден стар предмет, што припаѓа на една приватна колекција. Не сме сосема сигурни за неговата, барем приближна, старост. Поради тоа, Ве

молам, кога ќе можете да ми одговорите на следниве прашања:

- На Интернет видов дека во Британскиот музеј постои лабораторија за утврдување на староста на предмети преку Ц14 методот (што, се разбира, дека е сосема нормално за таков голем музеј). Ме интересира дали вршите услуги на луѓе однадвор, т.е. дали ја определувате староста на предмети кои не се сопственост на Британскиот музеј?

- Доколку правите такви услуги, колку ќе чини тоа?

- Колкаво парче од предметот ќе ви треба за утврдување на староста. Ние не ќе можеме да ви го донесеме целиот предмет, туку само делче од него. Ве молам пишете ми колку големо треба да биде тоа?

- Предметот за кој ви пишувам е изработен од метал. Знам дека методот Ц14 нема да може да се употреби за ваков предмет, но во таков случај, дали постои некој друг метод за одредување на староста на метални (бакарни) предмети?

- Колку долго ќе трае процедурата за утврдување на староста откако ќе го добиете делот од предметот?

Искрено Ваш,
Александар Донски
"Коле Неделковски" 23
2000 Штип
Република Македонија

Тел. ...(0)32 393 175
е-маил: адонскиЖмт.нет.мк"

На 09.08.2006 година од Британскиот Музеј го добив следниот одговор:

"Почитуван г-дине Донски,

Благодарам за Вашата порака.

Се плашам дека методот со радиокарбон не може да го реши проблемот колку е стар металниот предмет. Тој е ефикасен само со работи кои порано биле живи, па тогаш може да се пресмета пред колку време тие умреле. Утврдување старост на метални предмети е многу тешко и не постои едноставен научен тест што може да се примени.

Обично единствен начин да се добие барем приближна старост е да се види каков вид метал е употребен и на каков начин е предметот изработен.

Со најдобри желби,

Јанет Амберс
Депт оф Цонсерватион, Доцументатион анд Сциенце
Тхе Бритисх Мусеум
Гт Русселл Стреет
Лондон ЊЦ1Б 3ДГ

пхоне:+ 207 323 8332
фаџ:+207 323 8276

Значи, остана да се заклучи дека староста на книгата може да се утврди врз основа на содржините во неа.

По ова следуваа други интересни настани. Бидејќи со бакарната книга беше поврзано името на древниот Египет, помисливме дека можеби некои од знаците во неа ги имало и во староегипетската писменост и симболика. Поради тоа, испратив е-маил порака до Нацио-

налниот музеј во Каиро, во која им препратив неколку знаци.

Извесно време не добив одговор, а потоа еден ден, се изненадив кога добив порака во која ме известуваат дека слични на тие знаци ги имало на некои нивни експонати. Истовремено ме известија дека од тие експонати не можат да ми испратат фотографии, туку треба да ги видам лично.

Токму во тој период, со сопругата и децата, се договаравме каде да одиме на годишен одмор. Опциите беа помеѓу Турција, Црна Гора и Албанија.

- Одиме во Египет! - реков без размислување недолго откако ја добив пораката од Националниот музеј во Каиро. Не им требеше многу на моите да ги убедам во оваа одлука. Да се види оваа егзотична земја, претставува вистински предизвик за милиони туристи во светот...

Уплативме преку штипската агенција "Порта", која беше претставник на "Аурора" од Скопје и на 27.07.2006 чартер летот од скопскиот аеродром, летна за Хургада - познато туристичко место на Црвеното Море. По три и пол часа летање слетавме, а по уште еден час возење со автобус, веќе бевме сместени во хотелот "Импаер" (Емпире). Следните денови се пријавивме за екскурзија во Каиро и пирамидите во Гиза. Претходно телефонирав во Националниот музеј во Каиро, каде разговарав со д-р Салахадин, со кого претходно разменив пораки. Ми вети дека ќе ме чека кога ќе појдам таму. Екскурзијата за Каиро се случи на 04.08.2006. Тргнавме со минибус околу 2 часот по полноќ и по околу 6 часа возење покрај Сахара од едната и Црвеното Море од другата страна, се најдовме пред Градската порта на

Каиро. За цело време одевме во конвој со други туристички автобуси, придружуван од вооружена полиција како превентива од терористички напади. Првата станица на оваа еднодневна екскурзија беше токму Националниот музеј на Египет во Каиро. Нашите водичи девојката Карима од Сараево (која беше на постдипломски студии во Египет) и младиот Џозеф (Египјанец и стручњак за стариот Египет) не предупредија сите апарати и камкордери да ги оставиме во минибусот затоа што снимањето внатре е најстрого забрането. И така, по детални-те проверки, влеговме во ова чудесно здание. Воодушевувањето од експонатите на староегипетската култура ќе го оставам за опишување во некоја друга прилика. Овде ќе се задржам само на темата од книгава. Сите туристи од Македонија одевме групно. Но, уште кај првиот експонат, јас им реков на водичите дека ќе се одделам од групата. Откако ми кажаа кога да се најдеме повторно пред влезот на музејот, јас заминав со моето семејство во самостојно разгледување. Но, веднаш се одвоив и од нив. Се договорив со жена ми и децата каде и во колку часот да се најдеме, а потоа јас заминав кон службените простории на Музејот. Таму ме упати љубезниот полицаец, кој ме најави кај мојот соговорник д-р Салахадин (и самиот доктор по египтологија). Тој беше помлад од мене. Носеше негувани мали мустаци и очила. Беше средно висок и сиот облечен во бело.

По љубезните куртоазни добросувања и по понуденият топол чај (што, како да беше во склад, со неиздржливата температура од близу 40 степени, која владееше низ цел Египет за време на целиот одмор), д-р Салахадин, почна:

- Јас Ве поканив лично да дојдете, затоа што сакав на лице место да го видите тоа што го имаме. Повелете со мене.

Тој стана и заминавме во депото на Музејот каде беа сместени можеби уште толку експонати како што беа изложени во јавниот дел. Беа речиси натрупани, но сепак имаше некој ред. Бргу се најдовме до една камена плоча, на кој имаше неколку десетици симболи. Д-р Салахадин посочи на еден од нив:

- Пупунец. Во хиероглифите на древниот Египет бил симбол на инспирација и благодарност. Наликува на цртежот на птицата што ми го испративте...

- Навистина... - реков восхитен од тоа што го гледам.

- Погледнете го овој симбол...

- Глава на коза. - реков изненадено.

- Да. Речиси е ист со симболот што ми го испративте.

- Но, колку што знам главата на коза денес е многу негативен симбол. Ја користат сатанистите... Затоа сакав да го слушнам Вашето мислење - реков.

Д-р Салахадин се насмевна и ми одговори:

- Точно е дека денес приврзаниците на сатанистичките секти ја користат главата на коза како еден од своите главни симболи. Но, тоа всушност е египетски древен симбол. Потекнува од египетскиот град Мендес и е познат како "Козата од Мендес".

- Тоа не сум го знаел... - реков заинтересирано.

- Таа била симбол на душата. - продолжи д-р Салахадин.

- Хм...

- Еве ги и другите симболи што ми ги испративте. Има уште два познати симболи. Едниот е око, а другиот е цртеж што мене ми личи на скарабеј. И едниот и другиот се симболи на врховното египетско божество Ра. Интересни се и четирите змии.

- Што значат тие?

- Култот кон четирите змии кај старите Египјани е тесно поврзан со митот Огдоад. Во овој мит, стариот бог Тот, ги создал првите осум суштества на светот. Тоа биле четири змии и четири жаби. Четирите змии биле два пара: Нун и Нунет и Кек и Кекет. Тие биле симболи на водата и темнината.

- И што мислите дека е во прашање доколку сите овие цртежи се наоѓаат заедно на едно место?

- Мислам дека се работи за нешто многу важно. Нешто божествено или кралско. Два од овие симболи се такви. Овде е и симболот на душата. Значи се работи за опис на некој покоен крал или цар, поврзан со врховниот египетски бог Ра. Четирите змии, пак, се симбол на водата и темнината. Водата го симболизирала вечниот живот, а темнината имала неколку значења, меѓу кои: хаос, но и предвесник на светлината. Можеби се работи за некој цар кој оставил длабока трага во човештвото, бил инспирација за мнозина подоцнежни владетели, поради што, на извесен начин, станал "бесмртен". Но, можеби, симболично гледано, од него еден ден ќе произлезе некаква светлина... Не сум сигурен... Симболите тоа го покажуваат, а само Господ знае која е вистината...

- Што мислите за Александар Велики?

Д-р Салахадин пак се насмевна:

- Да. И јас помислив дека ова можеби е поврзано со него. Тој бил прогласен за син на Амон Ра. Оставил

огромна трага во светската цивилизација. Ние муслиманите многу го почитуваме и го сметаме како наш предок... Можно е сето ова да се однесува за него.

- Многу сум Ви благодарен господине Салахадин. Многу ми помогнавте. - му реков, оптоварен од мислите поврзани со ова што го слушнав.

Потоа се разделивме, а јас се вратив кај семејството, по што продолжи разгледувањето на музејот, а потоа и на пирамидите, сфингата, Сахара...

*

По враќањето во Штип, закажавме средба во канцеларијата на Славе, на која присуствуваше и Дионис. Тоа беше на 12.08.2006. Средбата донесе нови и многу интересни моменти во целата приказна. Најпрво јас ги запознав детаљно со ова што го сушнав во Каиро. Немаше сомнение дека сето тоа се поклопуваше во нашите претпоставки во врска со содржината на бакарната книга.

Наеднаш Славе рече:

- Ти си истражувал во врска со содржината, но ни јас не седев со скрстени раце... Нема што да кријам од вас. Обајцата ми помагате и јас го ценам тоа.

- Откри ли нешто интересно? - го прашав.

- Се сетив на една работа... Но, ти беше во Египет, па не можев да те известам... Сам превзедов некои чекори.

- Какви? - го прашав.

- Разговарав со еден стар полициски функционер... Уште од времето на Југославија... Денес е во пензија... Го прашав директно дали некогаш во неговата

кариера бил спомнато нешто во врска со Александар Македонски...

- И? - прашав љубопитно, одвај чекајќи да го слушнам одговорот. Дионис ги напна ушите.

Славе накратко замолче, па продолжи:

- Човекот без размислување ми кажа дека знае некои работи. И погодете која планина ми ја спомна?

Јас и Дионис ги згрчивме раменицте.

- Беласица! - испука наеднаш Славе.

- Аде не се шегувај... - реков изненадено.

- Не се шегувам. - сериозно потврди Славе.

- И што ти кажа? Кој е тој човек?

- Не го знаеш... Се вика Атанас. Не е од тука. Тој ми кажа дека неговите сознанија се засновани врз документи, кои веќе не биле никаква тајна, па секој што сака, може да ги добие од архивите на поранешната Служба за државна безбедност што ги наследи македонската полиција... Мнозина во полицијата и надвор од неа знаеле за овие документи...

- Што е тоа де? Ајде кажи? - рече нетрпеливо Дионис.

- Постојат документи дека уште Хитлер испратил експедиција на Беласица да го бара ковчегот на Александар Македонски... Експедицијата завршила неуспешно... Во 1989 година и Ватикан покажал интерес за ова. Во Југославија бил испратен нивни претставник, кој имал тајна средба со југословенскиот врв. Недолго потоа ЈНА блокирала неколку места на Беласица. Била извршена потрага, но и тоа завршило без успех...

- Чекај Славе... Дали ова значи дека тие сметале дека токму во нашиот дел на Беласица се наоѓа тој саркофаг? Штом интервенирала ЈНА... - прашав зачудено.

- Да. Така ми кажа Атанас. За ова постоеле документи во архивата на Службата за државна безбедност. Се претпоставува дека претставникот на Ватикан донел некои стари записи од Ватиканската библиотека и им ги покажал на југословенското раководство. Ете затоа била активирана ЈНА...

- Неверојатно! - извикав.

- Но, тоа не е се. - продолжи Славе, па откако повторно направи мала пауза продолжи - Истата 1989 година тогашната Служба за државна безбедност регистрирала уште еден интересен случај.

- Што? - прашав.

- Од другата страна на границата Грците организирале тајна експедиција, која требало да ископа тунел под Беласица, преку кој, нивни луѓе кришум требало да се префрлат на наша територија за да го откријат саркофагот. Акцијата почнала, но завршила кобно. Деветмина грчки истражувачи загинале, по што проектот бил прекинат.

- Има ли докази за ова? - прашав се уште изненаден.

- Имало. Така ми кажа Атанас. Лично тој го читал извештајот за овој настан, подготвен од тогашните оперативци. Тој извештај и денес постоел во Архивата на СДБ.

- Како загинале Грците? - праша Дионис.

- Не се знае... Атанас не сакаше да зборува за тоа, или не знаеше. - одговори Славе.

- Сега почнувам да верувам дека нешто и навистина можеби има таму... Југословенската СДБ била сериозна институција. Секаде имала свои прсти... Дури и во западните земји... Денес некои од тие луѓе отворено

зборуваат на телевизија... Сепак, не сум сигурен дека се работи токму за саркофагот и богатството на Александар... Тоа е премногу за мене... - реков.

- Сега и други работи излегуваат на мегдан. - продолжи Славе, како да не го слушна мојот коментар.

- Кои? - праша Дионис.

- Сетете се на битката на Беласица... На ослепените Самуилови војници. Зарем мислите дека случајно токму таму се одиграла таа битка? - одговори Славе.

- Не знам што сакаш да кажеш? - прашав, очекувајќи го одговорот љубопитно.

- Што ако цар Самуил знаел дека на Беласица има нешто? Можеби затоа ја испратил својата војска таму да ги пречека Византијците... Да не им дозволи да ја освојат таа планина пред да го открие богатството...

Јас и Дионис молчевме, чекајќи Славе да се доискаже. Тој продолжи:

- Веќе ви реков дека во нашето семејно сеќавање останало запометено дека токму кога цар Самуил се подготвувал да превземе експедиција за откривање на она што е тајно запишано во книгата, се случила битката на Беласица. Немал друг излез, па му ја доверил на чување бакарната книга на мојот далечен предок Ангел, кој претходно му ги дал тајните записи на зајачка кожа, откако сфатил дека државата е пред пропаст...

- Мислиш дека Византијците навлегле преку Беласица заради тоа наводно богатство? - прашав.

- Не. Мислам дека тие не знаеле за тајната, но со самото тоа што му ја одзеле оваа планина, цар Самуил бил оневозможен таму да истражува и да дојде до богатството, кое можеби ќе му ја спасело државата... Мислам дека откако мојот предок ги доставил тајните записи на

зајачка кожа и откако тие биле препишани во бакарната книга со дополнителни зборови и знаци, мудреците на цар Самуил, извесно време ја проучувале нејзината содржина. Тогаш веројатно откриле нешто поврзано со Беласица, но воениот упад на Византијците го спречил истражувањето. - рече Славе, речиси убеден во тоа што го зборува.

- Не знам... Нема докази за тоа... Тоа сепак се само приказни. - реков.

- Знам дека ти во ништо не веруваш. По природа си роден скептик. Но, гледаш дека работите се одвиваат така како што јас претпоставував. Не може да биде случајност тоа што се случувало на Беласица во Самуилово и во наше време. - одврати Славе.

- Немам намера пак да се расправаме. Факт е дека многу чудни работи излегоа на виделина... Сепак и натаму мораме да го зачуваме разумот и реалниот пристап... Тоа значи дека се уште имаме само површни информации. - се обидов да го амортизирам разговорот.

Славе ништо не прокоментира.

- Чекај Александар, Славе можеби е во право. - наеднаш се вмеша Дионис.

Тој обично молчеше и слушаше за време на нашите средби, а освен тоа и не беше многу елоквентен, па она што сакаше да го каже го надополнуваше со гестови. Затоа по малку ме изненади неговиот упад и тоа на страната на Славе. И јас и Славе погледнавме во него, а тој продолжи:

- Не баравте само вие, туку се распрашував и јас и открив уште нешто интересно... Се чудам како пред тоа не сум можел да се сетам... А цело време ми е пред очи...

- Што тоа? - праша Славе.

- Знаците... Знаците од бакарната книга. Во нив е тајната...

- Добро де, тоа го знаеме... Дали откри нешто? - прашав нетрпеливо.

- И да и не.

- Како така? - праша Славе.

Дионис зема една од фотографите на бакарната книга:

- Поглегнете го овој збор.

Јас и Славе за малку ќе се судревме со главите кога се наведнавме над фотографијата.

- РЕБУС. Па, што? Тој збор го знаеме. - прокоментирав.

- И што значи? - праша Дионис.

- Па, зарем не знаеш? Ти го дадов преводот на латинските зборови... Ребусот е еден вид загатка... - почнав да објаснувам, не сфаќајќи што има толку чудно во овој збор кој досега веќе го разгледавме и дискутиравме...

- Како не можев да се сетам? - рече Дионис, кој како да не го слушна мојот одговор.

- Ајде кажи ни што е работата... Не си играј со нас. - нетрпеливо праша Славе.

- Овој збор не е латински. - констатира Дионис.

- Како не е латински? Постои во латинскиот речник... Но, ако мислиш на неговото потекло, тогаш којзнае кој народ прв го измислил... - реков, подготвен за дебата.

- Не мислам на потеклото на зборот "ребус", туку мислам конкретно на овој збор што овде е напишан. Тој не значи никаков "ребус", туку зборот треба да се чита како "ребуш". Тој ја крие тајната на знаците...

- Ребуш? Што е пак тоа? - праша Славе.

Дионис ме погледна, но и јас ги згрчив рамениците.

- Така се викало тајното македонско знаковно писмо. Се смета дека последни во Македонија го користеле овчарите на своите овчарски стапови "карлуци". Јас имам видено такви стапови и можам да кажам дека има сличност помеѓу знаците од писмото "ребуш" со оние од бакарната книга.

- Чекај! Се сетив. - речиси извикав и во свеста веќе почнаа да ми навираат сеќавања - Пред неколку години еден македонски дневен весник пишуваше за ова... Наводно овчарите се до првите години по Втората светска војна користеле некое старо специфично писмо, чие име го заборавив...

- Ребуш. - ме прекина Дионис.

- Можеби... Не се сеќавам добро.

- И какво било тоа писмо? - заинтересирано праша Славе.

- Знаковно. - одговори Дионис и продолжи - Секој знак си имал свое значење во склад со својата форма и место на поставување.

- Па, тогаш да најдеме некого што го разбира тоа писмо и да му ги покажеме знаците. - рече Славе.

- Не верувам дека во Македонија веќе некој го знае ребушот. - категорично одговори Дионис.

- Зошто? - праша Славе.

- Затоа што по војната комунистите наредија уништување на стоката, а посебно на козите. Тие имаа политика на згаснување на селата и постепено преселување на селаните во градовите. Така овчарите останаа без работа. Со текот на годините постарите овчари

изумреа, а со нив замина и тајната на толкувањето на ребушот. Во весникот покажаа фотографија од еден од последните карлуци во Македонија испишан со ребуш, што новинарите го пронашле во некое село во западна Македонија, но никој не успеа да го прочита и одгатне неговото значење. Имам слушнато дека наводно во Ерменија имало стари свештеници кои знаеле да го читаат ребушот. Наводно тоа бил истиот ребуш како и македонскиот заради дамнешните врски помеѓу Ерменците и Македонците, но којзнае дали е така... Јас сум сигурен деа во бакарната книга има знаци од ова писмо, а и самиот збор "ребуш" е запишан во неа... Затоа реков дека Славе е во право. Ако има барем малку вистина во неговото семејно предание, тогаш во Самуилово време, можеби царските мудреци, кои несомнено го знаеле ребушот, ги протолкувале знаците и ја насетиле локацијата на богатството на планината Беласица, но било предоцна...

- Признавам дека ова звучи интересно. - заклучив.

- А од кога потекнува ребушот? - праша Славе.

- Тоа не се знае. Некои велат од антиката, Но има и такви кои тврдат дека потекнува од некоја друга цивилизација која живеела на Земјата пред нашата и која ни ги оставила своите пораки преку ова писмо. Не случајно знаци од ребушот се среќаваат и на карпестата уметност, која е стара илјадници години. - одговори Дионис.

Иако сум против вакви теории, овојпат не прокоментирав ништо. Впрочем за ребушот имав читано и самиот, иако не верувам дека е од некоја "друга цивилизација".

Заклучивме дека треба да бараме некој што можеби се уште го знае ова знаковно писмо. Дионис спомна дека како дете познавал еден стар овчар што ги знаел овие знаци, но истиот одамна бил починат. Пак повтори дека не верува оти денес некој во Македонија умее да го протолкува ребушот.

Потоа за миг замолчевме сите, задлабочувајќи се во мислите околу ова ново интересно сознание.

По кратка пауза, го прашав Славе:

- И што планираш сега?

- Како што? Пак ќе одам на Беласица.

- Што? - прашав вчудовидено. И Дионис возбудено се размрда.

- Да. Ќе одам уште еднаш. Со мои луѓе. Ако сакате, дојдете и вие. - повтори Славе.

- Не знам... Јас не сум слушнал дека досега нешто таму е откриено... И натаму сум голем скептик... - реков.

- Не може да нема ништо. Нема планина во Македонија во која не се крие по некоја тајна... - ме "прекори" Дионис.

- Можеби е така, но ова што го претпоставуваме е премногу фантастично за да биде вистинито. - продолжив упорно.

- Не биди сигурен... - ми рече Славе и продолжи - Јас се распрашував кај луѓе што талкаат по планините... Од некои од нив слушнав приказни од кои ќе ви се крене косата на главата...

- А кој нема слушнато такви приказни? Но, барем јас, никогаш досега не сум видел ништо со свои очи. - контрирав и овојпат.

- Да, но една од овие приказни ми се стори многу сериозна. Поврзана е токму со една пештера на Беласица.

- Таму ли беше ти? - прашав.

- Да. Но, прво сакам да ви кажам што ме натера да одам таму. Само нема да ви го кажам името на човекот кој ми ја раскажа оваа приказна. Тоа ми е познаник. Влав од Струмица. Собира дрва од по планините.

- Дали тој нешто открил? - прашав.

- Бил во една пештера... - одговори Славе.

- Како ја нашол?

- Му ја покажал некој старец. Притоа му раскажал неверојатна приказна...

- Каква? - прашав.

- Старецот и мојот познаник дрвар честопати се среќавале во планината. Старецот таму имал некое трло, а дрварот, како што реков, одел да собира дрва. Еден ден старецот му рекол: "Дали те интересира да ти покажам една пештера?". Дрварот одговорил потврдно и тргнале. Кога дошле до влезот на пештерата, старецот му рекол дека во таа пештера своевремено загинал брат му. Тоа било за време на Втората светска војна. Брат му влегол во пештерата. Внатре нашол голема тока за појас со ликот на Александар Македонски. Но, на излегување се лизнал од еден камен и загинал. Бугарската власт разбрала за таа тока и ја барала од семејството. Старецот, кој тогаш бил момче, го затвориле, а мајка му им ја дала токата за да го ослободат. Но не им кажале на Бугарите каде е пештерата. Старецот долго време ја чувал ова тајна и решил да ја сподели со мојот познаник дрвар, а овој мене ми ја раскажа. Тие двајцата биле во истата пештера. Какви ли чуда имало таму. Старецот му кажал на мојот познаник да внимава да не падне на истото место каде што своевремено загинал брат му. Влегле длабоко и наишле на човечки скелет поставен на одар.

На раката имал прстен. Дрварот го извадил прстенот. Тоа било пред околу три години.

- Интересно. - прокоментирав - Сепак, тоа ништо не мора да значи.

- Како ништо? - ме праша Славе.

- Од каде тие знаеле дека ликот на токата бил ток-му на Александар Македонски? - продолжив.

- Тие така помислиле. - одговори Славе.

- Но, тие не се стручни за ликовите од антиката... Дури и да е ликот на Александар, не значи дека.. - продолжив, но Славе ме прекина:

- Интересен е самиот факт што среде таа пустелија во пештера во Беласица е откриен непознат гроб. Не мора да е на Александар. Важно е нечиј гроб. Тоа значи дека во оваа планина биле тајно погребувани луѓе во минатото... И тоа важни луѓе... Зошто било така, не знаеме... Важно фактите зборуваат дека во пештерите на Беласица има тајни гробови...

На овој коментар немав што да додадам. По кратко молчење Дионис праша:

- Што направил дрварот со прстенот?

- Не знам. Веројатно го продал. - неодредено одговори Славе.

- Зарем тоа не е во судир со законот? - прашав.

- Којзнае... - со истиот неодреден тон одговори Славе и продолжи - Кај нас ништо не се знае...

- Да. На оваа тема своевремено разговарав со покојниот син на тој што ти ја дал Бакарната книга. Кај нас навистина не е сосема прецизно регулирано што ќе добие наоѓачот на некој вреден археолошки предмет... Се уште овде таквите ги третираат како криминалци, а не како херои, кои нешто откриле. Така тие се кријат, а

државата не е ни свесна колку губи со тоа што, на некој начин, не го легализира дивото копање... - реков, потсетувајќи се на разговорот со Димитар.

- Како може да се легализира дивото копање? - праша Дионис.

- Не знам. Можеби ќе треба да се дозволи формирање на приватни археолошки друштва, кои ќе можат да земаат од државата под концесија одредено земјиште за ископување. Ископувањето можат да го вршат под надзор на власта, а се што ќе откријат, ќе можат да го делат со државата или да добијат соодветна, но навистина, добра материјална надокнада. И не само тоа. Она што ним ќе им припадне, ќе треба да можат да го продаваат на аукции... Така некако е на Запад и во други земји... На пример во Англија, секој што ќе пронајде археолошки наод на своја земја, автоматски станува негов сопственик.

- Но, нема ли да се прават изигрувања на ваквиот закон? - упорно продолжуваше Дионис.

- Можеби, но што и да се случи, ќе биде подобро од сегашната состојба со дивите копачи. Државата не е моќна, а и не може, да ги штити денонокно сите познати и непознати архолошки наоѓалишта. За тоа се потребни илјадници полицајци денонокно ангажирани, а тоа е практично неизводливо... Со ова што јас го предлагам автоматски ќе исчезнат дивите копачи. Тие ќе се легализираат, а оние што нема да го направат тоа ќе бидат на удар на своите довчерашни колеги, кои сега ќе работат легално... Хаосот што царува сега, ќе биде надминат. Дури и да има поблеми во тој закон, со текот на времето и практичната примена, тие ќе се отстрануваат... - реков, се

повеќе убеден во исправноста на оваа идеја. Тогаш се вмеша и Славе:

- Мислам дека си во право. Слушнавте ли за случајот со Турчинката од Бугарија?

- Не. - реков.

- Како бе не си слушнал? Сите медиуми објавија за тоа.

- Навистина не сум слушнал. Што се случило? - прашав љубопитно. Славе продолжи:

- Тоа беше во јануари оваа година. Предок на оваа жена бил главен благајник на војската на Отоманската империја. Пред распадот на оваа империја, последните неколку плати на војниците не им биле поделени. Благајникот ги сокрил златниците некаде во Едрене, а тој останал да живее со семејството во Бугарија. Подоцна кажал на своето потомство каде се наоѓаат парите, но поради комунистичкиот режим во Бугарија, тие не можеле да сторат ништо. Дури неодамна неговата внука отишла во Турција, побарала контакт со турската влада и им рекла: "Јас знам каде се крие големо богатство во Едрене. Ќе ви кажам каде е, но ако ми дадете 40и од вредноста." Турските официјални претставници се израдувале на оваа вест. Ја примиле со сите почести, потпишале договор и таа им покажала каде е закопано златото што го сокрил нејзиниот предок. Потоа си ги земала парите што и следувале (во вредност од повеќе милиони долари) и си заминала... За ова давале и на телевизија во Бугарија. Еден пријател ми кажа... И што има лошо во сето ова?

- И волкот сит и овците на број - ми се испушти и веднаш потоа додадов - А замисли во Турција да имало некои како нашите заробени умови, кои немало да и доз-

волат да земе дел од богатството? Тоа денес се уште ќе гниело под земја токму заради таквите штетници. Вака и турската држава добила, а добила и жената како најзаслужна за откривањето на ова богатство.

- Признавам дека вака досега не сум размислувал... - се придодаде Дионис.

- Истата жена дојде и кај нас пред извесно време. Се маткаше низ Македонија, а нашите од власта, наместо да стапат во контакт со неа, полициски ја следеа небаре е криминалец. Таа се уплаши и си замина. Којзнае што ќе откриеше овде? Но, не е луда да открие, кога нашите ќе и земат се. Така е и со дивите копачи. Тие знаат многу тајни, но се плашат да ги кажат, па така огромно наше богатство се уште гние под земјата. - ја заврши својата приказна Славе.

Потоа пак сите тројца како по команда замолчевме. Јас почнав прв:

- Не ни дораскажа за пештерата... Дали бевте во истата за која ти раскажал твојот пријател Влав?

- Да. - потврди Славе.

- И? - прашав нетрпеливо.

- И ништо. Немавме доволно опрема, па не слеговме подлабоко... Следниот пат ќе појдеме со повеќе опрема.

- Можам да ви го дадам мојот камкордер. Снима и во темница со инфрацрвени зраци. - реков.

- Можеш и да дојдеш ако сакаш. - рече Славе.

- Ќе видиме. Кога тргнувате?

- Планираме в сабота на 19-ти.

*

Дојде и тој ден. Одовде тргнавме јас, Славе и уште двајца, кои дотогаш не ги познавав, но очигледно беа

добро упатени во планината. Тие носеа опрема за таква пригода. Тргнавме во таа фамозна пештера во која пред повеќе децении загинал човек, во која наводно била пронајдена тока од појас со ликот на Александар Македонски и во која имало одар со скелет. Јас појдов не затоа што верував дека таму ќе најдеме којзнае што, туку повеќе од љубопитство. Двајцата стручни за влегување во пештера (кои исто така не дозволија да им ги спомнам имињата), носеа јажиња, светилки, специјални обувки и се што треба. Го носевме и мојот камкордер, со кој можеше да се снима и во целосна темница. Таму каде што јас и Славе не ќе можевме да влеземе, требаше да влезат тие и да снимаат. Тргнавме со автомобил од Штип. По патот молчевме. По околу час и половина го паркиравме крај патот, а потоа се упативме пеш. Признавам дека ни овие краеви не ги познавам, па одев таму каде што ме водеа. По околу половина час одење по, за мене, целосно непознат терен, стигнавме до подножјето на една височинка.

- Горе е влезот. - рече еден од придружниците и покажа кон едни грмушки триесетина метри оддалечени од местото каде стоевме.

Тргнавме полека еден по еден, не зборувајќи ништо. На десетина метри пред наводниот влез, првиот планинар ненадејно застана.

- По ѓаволите! Што е ова? Што се случило?

- Славе и вториот планинар се приближија кон него зјапајќи вчудовидено кон наводниот влез на пештерата. Дојдов и јас, но не знаев што се случува.

- Ej мајката! - извикна Славе.

Сите тројца се упатија кон наводниот влез, а по нив стигнав и јас. Таму немаше никаков влез, туку само куп земја и камења.

- Каде е влезот? - прашав.

- Го нема! - рече првиот планинар.

- Некој го затрупал. - додаде вториот.

- Како го затрупал? - прашав и самиот гледајќи во купот земја и камења.

- Ова не може рачно да се затрупа. - прокоментира Славе, додавајќи - Овде заиграл експлозив. Види колкав куп е направен.

Двајцата планинари извесно време се шуткаа околу купот. Зедоа камења од него, небаре ги испитуваат.

- Експлозив, ами што! - Се уште се влажни каменјата што излетале од под земја кога пукнало... - рече едниот.

- Но, кој? Зошто?.... - прашав зачудено.

Никој не ми одговори. Сите тројца збунето се шуткаа. Како да се натпреварува кој ќе најде повеќе докази дека неодамна отворот на пештерата бил затрупан со експлозив.

Наеднаш настана молк.

- И што сега? - прашав, надевајќи се дека овојпат ќе добијам одговор.

- Ништо. Пет дена нема да ни стасаат да го отрупаме ова... - рече едниот планинар.

- Да бегаме назад. - предложи вториот. Сите се согласивме. Друго и не ни преостана. Не само што бевме збунети од сцената што ја видовме, туку (барем кај мене) почна да се јавува и страв. Што ако некој сега не набљудува? За среќа моите сомнежи останаа без покритие.

Забрзано се упативме назад кон автомобилот, коментирајќи го тоа што го видовме.

Се вративме возбудени во Штип. Немаше сомнение дека некој знае за нашите активности и дека со таквиот нема шега. Секакви мисли ни навираа низ главата. Кој беа тие што не следеа? Дали македонската Служба за државна безбедност? Или можеби поединци од оваа служба кои работеа на своја рака? А, можеби претставници на некоја странска служба? Можеби и организирани криминалци? Дури можеби и стариот Борис? Што ако тој не заминал за Босна, туку дискретно не следи за да види што ќе откриеме, а потоа ќе го искористи сето тоа? Можеби дури ни син му не е мртов како што ни кажа (ако тоа воопшто му е син)? Сите овие варијанти ги анализиравме со Славе и со Дионис и сите ни се чинеа подеднакво можни. Сепак, едно беше јасно. Тие што не надгледуваа воопшто не беа за потценување. Ако еднаш се обидоа да не повредат, па дури и убијат преку дупчењето на гумата и ако располагаат со експлозив, тогаш ѓаволот одамна ја однел шегата. Не знаевме ни од кого да се штитиме штом не знаевме кој стои зад сето тоа.

- Славе, овие можат да ни дојдат дома ноќеска, да ни ги малтретираат семејствата и да не присилат да им кажеме каде е бакарната книга... - велеше Дионис, а јас и Славе, колку и да сакавме, не можевме со ништо да ја негираме оваа ужасна претпоставка...

Потоа се случи уште еден чуден настан. На 25 август 2006 Славе добил телефонски повик од една своја познаничка, која му рекла:

- Славе, некни бев во манастирот "Света Петка" на Плачковица, веднаш над Баргала. Таму живее една стара жена. Се вика Полизена. Уште кога ме виде ми

рече: “Дали го познаваш Славе 'Астибо' од Штип?”. Јас се изненадив и и реков дека те познавам и дека сме пријатели. Таа ми рече: “Кажи му да дојде кај мене.”

Славе се зачудил поради ова, и кажал на жена си Соња и решиле да појдат во манастирот следниот ден. Кога дошле таму, ги пречекал синот на Полизена по име Ѓорги. Полизена била стара жена на над осумдесет години и кога тие дошле, спиела, но син и ја разбудил. Кога го видела Славе му рекла дека го бара заради еден нејзин сон. Потоа му го кажала сонот, што го сонувала некаде во средината на август. На сон и се појавила Света Богородица. Пред неа имало две тепсии полни со песок во кои гореле свеќи за живите. Света Богородица ги изгаснала тие свеќи. Наеднаш околу Полизена се појавила силна светлина и таа се почувствувала мошне убаво. Света Богородица и рекла да не се плаши затоа што таа светлина била за Македонија. Потоа Света Богородица почнала да спомнува имиња на луѓе од разни држави, но Полизена на успеала да запомни ниту едно од нив. Кога дошла до Македонија, Света Богородица го изговорила името на Славе 'Астибо'. Додека го изговарала неговото име, во ликот била многу загрижена. Тоа бил сонот. Полизена не знаела што значи тој сон, па затоа решила да се распраша кој е тој Славе и да го повика. Славе и кажал кој е, и кажал дека тој е сопственик на познатиот штипски хотел “Оаза”, што порано се викаше “Астибо”, дека (заедно со својот ортак) е донатор на Големиот Крст на Исарот, а самостојно и на споменикот на Александар Македонски. Воедно и ветил дека ќе ја финансира градбата на кровот на црквата “Света Петка”.

Потоа Славе и Соња разговарале со синот на Полизена. Тој им рекол дека таа честопати паѓала во

транс при што изговарала чудни реченици. Во последно време честопати повторувала дека во нашава држава било телото на Александар Македонски.

Во моментот кога ги пишувам овие редови, Полизена и денес живее во манастирот "Света Петка" веднаш над Баргала и сигурен сум дека мнозина читатели од овие краеви ја познаваат.

Мислам дека оваа исклучително чудна средба ја прели чашата и беше пресудниот момент кај Славе да одлучи како ќе постапи.

Недолго потоа, за време на една вообичаена вечерна средба меѓу мене, него и Дионис, Славе како гром од ведро небо изјави:

- Решив! Донесов одлука! Знам што ќе направам! Ќе ја објавам...

Јас и Дионис зачудено го погледнавме:

- Што бе ќе објавиш?

Славе решително продолжи:

- Бакарната книга! Доста веќе игравме криенка! Ќе ја изложам во штипскиот музеј или во која и да било државна институција... Ако сакаат и ќе им ја продадам, па нека се офајди и државата и јас...

- Но, зошто? - праша Дионис, а јас одвај чекав да го слушнам одговорот.

- Затоа што немам намера и натаму да ризикувам заради таа книга... Средбата со старата жена ми беше последно предупредување...

- Хм... Можеби си во право... - реков откако малку се подзамислив.

- Нормално дека сум во право. Јас, а и вие, сме во опасност којзнае од кого, само затоа што ја кријам

книгата... Но, ако ја обелоденам, исчезнува таа причина. Кој сака нека дојде во музејот и нека ја види.

- Знаеш дека има логика во ова. - реков, се уште замислен. Но, што вели законот за ова? Што ако ти ја конфискуваат од полицијата?

- Кој смее да ми ја конфискува? - пламна Славе. - Таа е моја приватна сопственост. Наследство од татко ми. Можат само да ја откупат ако сакам да ја продадам...

- Да. Така би требало да биде... И како мислиш да се изведе сето тоа? - прашав.

- Веќе разговарав со одделни фактори од власта. Тие се согласуваат да им ја ставам на увид, а потоа и во музејот. Според законот постои можност во музеите да бидат изложени експонати од приватни збирки... И уште нешто сакам тебе да ти кажам.

- Кажи.

- Во романот што го пишуваш, вметни го слободно и името на татко ми... Нека се знае... Всушност напиши го сето ова што го доживеавме, така како што се случи...

- Сигурен ли си дека така сакаш?

- Да. - рече Славе - Штом решив да ја обелоденам бакарната книга, нема што друго да криеме. Нека знае светот што се случило...

- Добро си го смислил ова... Дури и одлично. - прокоментирав.

*

Следниот период ја завршував книгата што сега ја читате. Освен описот на она што и навистина ни се случи, во неа (посебно на почетокот) вметнав и свои измислени видувања околу настанокот и раната судбина на бакарната книга, трудејќи се во нив да го вклопам

преданието од семејството на Славе - се со цел да ја направам оваа моја книга подинамична и поинтересна за читање. Истовремено Славе привршуваше со подготовките околу неговиот план. Така поминаа уште неколку месеци исполнети со преговори и подготовки...

Во моментов додека го читате ова почитуван читателу, бакарната книга треба прво да биде ставена на увид на надлежните органи на Република Македонија, а во догледно време, под силно обезбедување, и официјално треба да биде изложена пред македонската јавност. Така, таа самата ќе може да посведочи за својата тајна. Тајна, која се уште чека да биде откриена...

(ПРОДОЛЖУВА)

Појаснувања за некои историски настани
(според редоследот во кој се спомнати во книгата)

- *Гробот на Александар Македонски* до денес не е откриен. Според античките извори (Страбо, Плутарх, Диодор) Александар го напуштил Египет во 331 година пред Христа и се упатил кон Вавилон (во денешен Ирак). Таму се разболел, веројатно од маларија и на враќање кон Македонија, ненадејно умрел. Цели две години била подготвувана погребната поворка, иако не е познато каде била нејзината крајна дестинација. Мнозина современи историчари веруваат дека неговите посмртни останки требало да бидат погребани во Македонија. Но, во меѓувреме почнале отворените судири помеѓу генералите на Александар за превласт над делови од

Империјата. Пердика имал намера да организира погреб во Македонија. За таа цел мумифицираното тело на Александар било положено во златен саркофаг, кој бил носен од богато декорирана златна кочија. Сиот овој луксуз во детаљи е опишан од античкиот историчар Диодор Сицилијанецот. Меѓутуа, генералот (и другар од детството, а според некои извори и полубрат на Александар) Птолемеј, сакал да ја задржи богатата територија на Египет под своја контрола. Јасновидецот на Александар по име Аристандер, му рекол на Птолемеј дека (цитат): "*земјата во која ќе биде погребано телото на Александар ќе биде најуспешна на светот*". Поради тоа Птолемеј посакал телото на Александар да биде погребано во Египет. За таа цел неговата војска ја пресретнала погребната поворка и го одзела телото на Александар, кое било погребано во Мемфис. Овој настан (со мали варијанти) го опишуваат сите антички автори. Диодор Сицилијанецот детаљно го опишува гробот на Александар во Мемфис (Египет). Синот на Птолемеј, познат како Птолемеј Втори (309 - 246 година пред Христа), го пренел телото на Александар од Мемфис во Александрија. Со големи почести, телото било оставено да почива во мавзолејот, кој се наоѓал во луксузниот кварт Сома во Александрија каде била сместена и кралската палата. Бројни антички автори пишуваат за ова (Ахил, Татиј, Зенобиј, Страбо, Лукијан и други). Според овие сведоштва, посмртните останки на Александар почивале во златен саркофаг во грандиозниот мавзолеј. Гробот на Александар Македонски во Александрија бил отворен за посета и мнозина угледни луѓе од тоа време го посетиле. Меѓу нив бил и познатиот антички историчар Страбо, кој го посетил гробот на

Александар во првиот век по Христа. Меѓутоа, тој запишал дека златниот саркофаг бил заменет со стаклен од страна на Птолемеј Деветти (кој владеел од 116 - 107 и од 87 - 81 година пред Христа). Историчарот Дио Касиј (155 - 235 година) пишува дека римскиот император Октавијан Август (кој ја поразил последната египетска кралица од македонско потекло Клеопатра Седма и кој живеел од 63 година пред Христа до 14 година по Христа) покажаувал голема почит кон гробот на Александар Македонски. Дио Касиј дури запишал дека Октавијан Август ги бакнал посмртните останки на Александар. Пред него, гробот на Александар го посетил и Гај Јулие Цезар (во 45 година пред Христа). Подоцна овој гроб бил посетен и од римскиот император Калигула (роден во 12, а починал во 41 година по Христа). Римскиот император Септимиј Север го затворил гробот за јавноста, ставајќи во него многу "*тајни книги*" (како што пишива римскиот историчар Дио Касиј), со цел "*никој во иднина да не може да го виде телото на Александар, ниту пак да го прочита тоа што е напишано".* Наводно потоа телото било вратено од страна на императорот Каракала, но за ова нема сигурни докази. Веќе во 4 век Свети Јован Златоуст пишува дека не се знаело каде е телото на Александар. Потоа ниту еден автор нема напишано дека го видел неговиот гроб.

- *Бизалтија* е област во Македонија, која се наоѓала западно од реката Стримон (Струма) над полуостровот Халкидик.

- *Римскиот стадиум* бил мерка за должина, која изнесувала околу 185 метри.

- Зборовите *дарвло* (дрво) и *в'ди* (води) се зборови од јазикот на античките Македонци. Зборовите

балајо (голем, *болшој*) *кнуман* (хумка, гроб) и *баго* (благо, богатство) се зборови од древниот бригиски јазик, кој пак бил основа за јазикот на античките Македонци поради фактот што Бригите биле едно од основните етнички јадра на античко-македонскиот народ. (Повеќе детаљи за сето ова и за оригиналните извори од каде се превземени овие зборови, во книгата "Јазикот на античките Македонци" од А. Донски, рецензент д-р Вера Стојчевска Антиќ, во издание на МНЛД "Григор Прличев", Штип/Сиднеј. 2006 год. ИСБН 0 9757332 5 7).

- *Самуиловото Царство* и *Битката на Беласица*. Самуил дошол на власт во Македонија (и пошироко) откако Византија ја окупирала Бугарија, па тој (заедно со своите браќа) успеал да создаде нова држава позната во историјата како Самуилово Царство. Со државата владеел неговиот брат Давид, кој потоа се замонашил. Потоа тој и Мојсеј загинале, по што почнала меѓусебна борба за престолот помеѓу Самуил и Арон, во која победил Самуил. Арон (кој исто така кратко владеел со царството) бил убиен заедно со сиот свој род. Останал жив само неговиот син Јован Владислав, кој бил спасен од синот на Самуил Гаврило Радомир. Така Самуил станал единствен владетел на оваа држава, чиј центар бил во Македонија. Користејќи ја нестабилноста на Византија (во која тогаш владеел Васил Втори Македонски, припадник на Македонската династија која владеела со Византија), Самуил за кратко време ги проширил границите на својата држава. Во првата посериозна битка меѓу двете држави, што се одиграла кај местото Трајанова Врата во 986 година, Самуил однел голема победа. Речиси целата византиска коњаница била уништена, а самиот Васил одвај успеал да се спаси. Потоа

Самуил навлегол со војска во Далмација при што ја нападнал Дукља, со која тогаш владеел младиот крал Владимир. Самуил ја поразил неговата војска, а Владимир го испратил на заточение во Преспа. Потоа ги запалил Котор и Дубровник и стигнал до Задар. Во меѓувреме ќерката на Самуил, по име Косара, се вљубила во заробениот крал Владимир, по што склопиле брак. Самуил го прогласил Владимир за крал и му ја вратил земјата на неговите предци кон која го вклучил и градот Драч. Со ова Владимир му станал лојален вазал на Самуил. Во меѓувреме Васил Втори ги средил внатрешните немири во Византија, по што извршил нов напад врз Самуиловата држава. По тешкиот пораз што го доживеал Самуил во битката кај реката Сперхеј (откако неговата војска ноќе била нападната додека спиела, при што бил ранет и самиот Самуил), повторно бил склучен мир меѓу двете држави, а Самуил писмено му ветил послушност на Васил Втори. Но, токму кога изгледало дека веќе е воспоставен мир меѓу двете држави, Самуил себеси се прогласил за цар. Веројатно овој чин бил извршен преку римскиот папа, кој тогаш исто така имал за цел ослабнување на Византија. Кога разбрал за овој гест на Самуил, Васил Втори повторно испратил војска против него.

На самиот почеток од новиот милениум војната меѓу Самуиловото царство и Византија се засилила. Византијците успеале да освојат значајни делови од Самуиловото царство. Во 1001 година Васил Втори Македонски го освоил градот Верија (Бер). Градот требало да биде бранет од управникот Добромир (кој исто така бил оженет за роднина на цар Самуил), но тој им го предал градот на Византијците. Потоа Васил успеал да ги освои

Сервија, цела Тесалија и Воден. Во 1004 година бил освоен и градот Скопје.

Во тоа време на царот Самуил му се јавиле нови проблеми. Неговиот син Гаврило Радомир (кој бил оженет со ќерката на унгарскиот крал Стефан) ја оставил својата жена со што се влошиле односите помеѓу Унгарија и Самуиловото Царство. Унгарскиот крал се зближил со Васил Втори Македонски и објавил војна на Самуил, по што навлегол и ограбил делови од Самуиловата држава.

Бидејќи Васил главно напаѓал преку родопските клисури, Самуил наредил тој пат да се затвори. Но, тогаш византискиот стратег Теофилакт Ботанијат успеал со голема војска да ја опколи планината Беласица и да ја нападне Самуиловата војска од зад грб. На 29.07.1014 година се одиграла големата битка на Беласица во која Самуиловата војска доживеала катастрофален пораз. Самиот цар Самуил одвај успеал да се спаси и да побегне во Прилеп. Тогаш Васил наредил заробените војници (околу 15.000 на број) да бидат ослепени, а на секој стоти да му се остави по едно око за да ги води останатите. Така, овие несреќници му ги испратил на Самуил, кој кога ги видел, доживеал удар од чии последици починал на 06.10.1014 година.

На чело на царството дошол неговиот син Гаврило Радомир. Васил продолжил со освојувањата на територии на царството, при што биле освоени Штип и Прилеп. Но и Гаврило Радомир успеал да нанесе удари на Византија. Тогаш Васил го придобил Јован Владислав (синот на Арон), кој за време на еден лов го отепал Гаврило Радомир (иако овој своевремено му го спасил животот). Тоа се случило есента 1015 година. Така, на

чело на царството дошол Јован Владислав. Во 1016 година тој успеал да го ликвидира и зетот на цар Самуил, дукљанскиот крал Владимир (кој подоцна е канонизиран за светител). Отпрвин Јован Владислав му ветил на Васил дека ќе му биде лојален вазал, но потоа се свртел и против него. По неколкуте борби со наизменичен успех, Јован Владислав загинал откако се обидел да ја освои земјата на Владимир. Тогаш царството останало без владетел, а византиската војска почнала да напредува. Царските првенци, веројатно преморени од постојаните борби, почнале да ги предаваат градовите и тврдините на Васил. За возврат тој им ги оставал имотите и им давал благороднички титули. Извесен отпор пружил најстариот син на Јован Владислав по име Фружин, но потоа и тој се предал, добивајќи благородничка титула. Отпор пружиле уште неколку феудалци, но и тие биле поразени или самите се предале. Во август 1018 година било освоено целото царство и Самуиловата држава престанала да постои.

Самуиловото Царство во својот најголем зенит се протегало на територијата на цела Македонија (со исклучок на Солун), потоа Тесалија, Епир, Албанија, Дукља и други приморски области, Србија, Босна и поголем дел од Бугарија.

Голи Оток е остров што се наоѓа во хрватскиот дел на Јадранско Море (северо-источниот дел на островот Раб и брегот од северниот дел на Велебитскиот канал). Оддалечен е од Раб околу пет километри. Островот речиси нема вегетација. За време на Првата светска војна Австро-Унгарија таму направила логор за руските заробеници. Во 1949 година раководството на Социјалистичка Југославија на овој остров го отвара злоглас-

ниот логор во кој биле затворени претежно политичките затвореници, кои биле противници на режимот. Овој затвор бил во рацете на федералната влада се до 1956 година, а потоа поминува под надлежност на републичкото раководство на Хрватска. Затворениците во овој логор биле присилувани на тешка физичка работа без оглед на временските услови (лете на високи температури, а зиме во студени бури). Затворениците редовно биле претепувани и малтретирани од управниците, од чуварите, но и од други затвореници кои работеле во служба на чуварите. Мнозина таму ги оставиле своите коски. Активниот затвор е затворен во 1988 година, а во 1989 островот е целосно напуштен. Денес Голи Оток е отворен за туристички посети.

- *Баба Ванѓа*. Можеби светски најпознатата јасновитка на сите времиња. Нејзиното целосно име е Вангелија Пандева Димитрова. Родена е во Струмица во 1911 година. Мајка и умира рано, па грижата за неа ја превзема татко и, но и соседите. Честопати како дете си играла дека е слепа. Подоцна и навистина тоа и се случило. За време на една бура, нејзините очи се наполниле со песок и прашина, така што не можела да ги отвори. Ја однеле на операција, но безуспешно. Ванѓа останала слепа. Во 1925 година била однесена во Дом за слепи во Земун (Србија), каде поминала три години. Таму ја научила азбуката за слепи, како и свирењето клавир и други вештини. Потоа се вратила назад во Струмица. Набргу почнале да се јавуваат првите артикулации на нејзината натприродна моќ. Еднаш сосема точно му опишала на татка си каде е овцата што им се загубила, а тој безуспешно ја барал. Нејзината моќ набргу се прочула и мнозина доаѓале да бараат помош. Тогаш ја посетил лично

царот на Бугарија Борис Трети. Таа му рекла да го запомни датумот 28 август. Токму на тој датум царот починал следната година. Во мај 1942 година се омажила за Димитар Гуштеров од едно село во близината на Петрич, по што се преселиле во Петрич. Димитар починал во 1962 година. Ванѓа продолжила со неверојатните претскажувања и погодувања, се до пред својата смрт на 11 август 1996 година.

Податоците за капетанот Ангел Ивановски во оваа книга се пренесени со одобрение и дозвола од неговиот син Славе Ивановски.

Александар Трети Велики Македонски - цар, кој зад себе оставил многу мистерии



Римскиот император Септимиј Север - последниот кој ја знаел тајната за посмртните останки на Александар Велики Македонски и таинствените написи

Изглед на Александрија (Египет) од антиката, направен според веродостојна реконструкција

Беласица - какви тајни се кријат во оваа планина?

Цар Самуил

“ВРАЌАЊЕТО НА ОСЛЕПЕНАТА САМУИЛОВА ВОЈСКА” (1969 год.)
Автор: Љубомир Донски (1926 - 2006).
Оваа голема композиција (со димензии 2 - 1,7 м.) беше насликана по повод 1000 годишнината од настанокот на Самуиловото царство. Денес се наоѓа во просториите на Архиепископијата на МПЦ во Скопје

Капетан Ангел Ивановски, снимен кратко време
пред апсењето

IVANOVSKI Slave ANĐEL, biv. kapetan - slušaoc intendantske oficirske škole.

Rodjen 1922 godine u selu Pojatica, srez Titov Veles, Makedonsko, po zanimanju kožarski radnik, završio 3 raz. gimn. u JNA, oženjen, otac jednog deteta, u JNA od 7 avgusta 1944 godine, dan SKJ bio sa prekidom od 1942 do decembra 1944 godine, i ponovo primljen i bio do hapšenja.

Lišen slobode 17 januara 1951 godine.

Pravosnažnom presudom Vojnog suda u Sarajevu, sud br. 227/51 od 4 jula 1951 godine, osudjen na kaznu strogog zatvora u trajanju od 6 godina.

Osudjen je-:

- što je, pred svedokom Kolarević Slavkom u više navrata od juna 1950 godine, u vezi pomoći koju primaju od Amerikanaca i ostalih zapadnih zemalja govorio, da to znači za naše zemlje predaja pod američki uticaj i da sa time postali zavisni od Amerikanaca, "da smo naturalisani i pasivizirani", da je SSSR nekada također bio u zaduženi, ali da nije uzimao ništa koga nazad, da je

Факсимил од оригиналната пресуда против капетанот Ангел Ивановски (превземена од неговото досие)



Факсимил од Решението за отворање истрага против капетанот Ангел Ивановски (превземен од неговото досие).



Факсимил од сослушувањето на капетанот Ангел Ивановски (превземен од неговото досие), во кој тој јасно изјавува дека сите искази против него се невистинити



Факсимил од тајното досие водено против капетанот Ангел Ивановски од страна на КОС. Во овој дел поручник Манасијевиќ сведочи за постоењето на странска валута кај капетан Ивановски.

Оригинален запис од првата страница на Бакарната книга, каде е запишано: АНТИКУ АЛЕКСАНДРУ БАСИЛЕУ БЕНЕДИКТУ БОГАТСТВО (во слободен превод: БОГАТСТВОТО НА АНТИЧКИОТ БЛАГОСЛОВЕН ЦАР АЛЕКСАНДАР)

Оригинален запис од втората страница на Бакарната книга со дел од таинствените знаци. Овде јасно се читаат зборовите: FODI AURUM (златни полуги) и CHARFA (веројатно - карта, мапа)

Оригинален запис од третата страница на Бакарната книга
со дел од таинствените знаци

Славе Ивановски - Оаза (лево) и Александар Донски, снимени
како како другари за време на средношколската екскурзија
(Крагуевац, мај, 1977)

РЕЦЕНЗИИ

КУСА ИСТОРИЈА НА БЕСКРАЈНАТА ТАЈНА
Александар ДОНСКИ: "ТАЈНАТА НА БАКАРНАТА КНИГА"

На македонската и светска книжевна, историска и културно-антрополошка јавност, авторот Александар Донски овој пат подарува книга која ги надминува временските и просторни граници на цивилизацискиот континуитет, книга која има волшебна моќ да ги надминува и границите на човековата сакрална имагинација, додека едновремено мајсторски ја вивисекцира човековата световна документарност.

Со симплифицирана мудрост на библискиот автор Соломон и со журналистичка лапидарност на американскиот нобеловец Ернест Хемингвеј, Донски има создадено дело на македонски магичен реализам кое ќе му обезбеди место во светската книжевност на 21 век. Овој македонски автор на документарна и фиктивна литература, ја има достигнато точката на транспортирање на своето книжевно-историско истражување од која тој ги согледува старите светови со својата нова екипираност на творечкиот гениј.

Донски ја презема улогата и на народен мудрец од етничка сага и на научно-фантастичен капетан од брод низ Ѕвездените Патеки. Неговиот сензационален, но не и сензационалистички, роман ги спојува цивилизациите, традициите и јазиците во една натприродна интрига и дилема на духот, во енигма која останува да најде разврска во идната реалност на земните откритија, од

типот на истражувањата на загадочните локации на Атлантида, или на египетските енигми. Донски е автор на синтеза на реалното и надреалното во својата книга за книгата во која има асемблирано еден книжевен организам кој како антрополошки андроид високо организирано координира помеѓу угинувањата на конечната поединка на планетава и помеѓу континуитетот на сакралните земни тајни. Донски ја потврдува познатата мистерија дека реалноста може да е помагична и од објективната, фактичка стварност.

Истражувачката машина на времето со која раководи писателот Донски, го користи својот погон на интер-активна игра помеѓу минатото, сегашноста и "потенцијалниот" футуризам, за книжевно да ја постигне интегрираноста и взаемноста на световите. Од кабината на својата надвременска и надпросторна обсервација, Донски постанува не само наратор туку и провокатор на судбинските мултимедијални, мулти-културни меѓузависности, за да го потсети светот дека космичката сила не дискриминира со својата надмоќ, а само докажува дека и најодбраните водачи на човештвото постануваат само играчки изгубени во пештерите и планините на непознатото.

Така основната дестинација: откривањето на тајниот гроб на македонскиот цар Александар Велики, поминува низ квантни скокови на дејствието. Донски го води читателот до Рим и неговиот мистично измачуван император Септимиј Север, за да го "ослободи" од одговорноста за чување на Александровата тајна. Доаѓа до Македонија и нејзиниот трагично тероризиран цар Самуил кој мудро се "заложува" да не ја изложува пред

недостојните тајната на бакарната книга за саркофагот и богатствата на Александар Македонски.

Со тајната на книгата авторот Донски спојува две илјади години и радиус на бројни видни фигури и познати случувања на Балканот и во светот: британскиот државник Черчил, Људмила Живкова, Баба Ванѓа, турскиот оџа од Битола, благајникот на Отоманската империја, променливите употреби на референтно официјалните јазици: латински, ромејски (индоевропска иноваторска верзија на есперанто, што е авторски куриозитет на Донски), па лингвистичката ексклузивна атракција со вклучување на старо-македонскиот јазик, како и употребата на *ребуш* - тајното македонско знаковно писмо. Во широката и длабока интермрежа авторот Донски навлегува и во тековните потреби и идеи на денешнината: предлози за промени на законите и регулативите за бенефицирање и легализирање на дивото археолошко ископување во Македонија, за да стигне до Голи Оток во "Титова" Југославија. Последната локација на мистичните настани и луѓе со таинствени судбини погодени од поседување на бакарната книга, без преседан приредува интелектуална експлозија, како за академскиот така и за секојдневниот ум.

Неосетно, како патник низ космосот, читателот повторливо и "финално" е сведок на апсурдните тортури, сега реплицирани преку суровиот материјализам на еден анти-хуманизам, на комунистичките чистки на југословенскиот Гулаг - Голи Оток. Донски ги претставува и судбините на децата на последните жртви од островот на смртта, деца од кои еден има израснато во влијателен соучесник во македонскиот напредок, во

пост-комунистичкиот развој на градот Штип, и во моќен поседувач на таинствената Бакарна Книга, Славе Ивановски “Оаза”.

Заклучокот од читањето на книгата е дека, иако парадоксално индуцирани токму од мистицизмот и натприродната моќ на таа “тајна книга”, извршителите на Орвеловските малтретирања на духот, иронично претставуваат сопствена анти-теза, цинична догма против духовните димензии на постоењето од кои темниот материјалистички и макијавелистички свет се плаши како од светлосен анѓел.

Како реален, скептичен, а едновремено сензибилен и интуитивен визионер, Донски истражува и бележи можни пресврти, неочекувани разврски и изненадувачки историски и психолошки феномени на човековата душевна реакција или бездушна акција на судбинските сцени. Донски ја проследува потребата на човекот да трага по изгубеното, да го бара необјаснетото и паралелно со тоа да го чува како света, или како проклета тајна, наследеното предание дека спиритуалната моќ им припаѓа на оние поединци и народи кои најмудро го чуваат и подготвуваат за препород владеењето со духовните вредности.

Еден ден, во блиска иднина, низ нашата глобална комуникација, книжевните историчари ќе се снабдат со капацитети кои ќе ја препознаат величината на книжевниот гениј на Донски, писателот и историчар од јужниот дел на Балканот. Ни Гарсија Маркес ниту Паоло Куељо во нивниот космополитизам локализиран во Јужна Америка, тогаш нема да се чинат позначајни во нивното проектирање на сопствените култури култивирани во

јужните хемисфери на глобусот. И основоположникот на модерниот хорор, Едгар Алан По, ќе му позавиди на генијалниот интелект на писателот на историјата како приказ на ужасот, стравот, но и вербата и верноста на Анѓел(от).

Уште од првата страница Донски ја воведува мајсторската нарација во својот трилер, импрегниран со слики кондензирани од емотивна и спознавачка маса, изразени во куси и јадрени реченици, итри игри на мислите и игриви бои на метафорите. Уште во втората страница, овој специјалист за микрохирургија на историјата, како и на свеста, не пренесува преку портал од посебен вид на видување на настаните и луѓето. Таа комуникација на световите авторот ја изведува во високо организираната кабина на својата свест, со морални и патриотски пораки (земјанинот му го спаси животот на Анѓел) и со животна мудрост која оперира низ танталови психолошки дилеми, сложени состојби и несекојдневни фатални портрети.

Протагонистите во романот наоѓаат еден заеднички именител во капетанот Анѓел, кој служи како капетан на романизираната македонска временската машина стара повеќе од два милениуми. Повторувањето на одредени ликови и состојби ја зголемува ироничната убедливост дека и грешките во историјата се повторуваат, како човештвото да не учи од сопственото минато, како секоја временска фаза да одразува паралелни светови на неизбежна копија од ненаучена лекција, од незавршен животен испит. И покрај промените на владетелите и завладеаните, и покрај различ-

ните јазици на говорната сцена, потрагата по смислата на тајната (на книгата) продолжува.

Како што авторот Донски користи многу јазици тој употребува психолошки скици и портрети кои ја одразуваат микро-аналитичката моќ да ја отсликува човековата душа со мајсторска леснина и релевантност. Тоа Донски го прави во функција на спојување на идејата за еден свет, за еден заеднички човеков род на кој сака да му го пренесе апелот да не продолжува да биде изрод во однос на светата должност да биде голем, величествен, достоен за обожување, човеков род кој, како еден друг македонски ум, Гоце Делчев, ќе го сфаќа светот како (истражувачко) поле за културен натпревар меѓу народите.

Александар Македонски, и по читањето на ова книга за неговите тајни, останува мистериозно непознат во однос на неговите материјални и духовни остатоци, пророштва и пораки. Александар Донски, неговиот земјак, за читање на неговата комплексна, а ексклузивно лесно читлива книга, посегнал и по историски сценарија и по еклектични книжевни жанрови и интегрирани методи кои му ветуваат значајно место во меѓународните книжевни текови.

Најпознатиот цар на сите времиња Александар Велики и најнепознатиот негов дар за човештвото: неговите колку благословени толку проколнати духовни и материјални богатства, останууваат закопани заедно со физичките остатоци од царевото човечко тело и неговото натприродно големо дело. Но писателот Донски ја прави енигматската сага за сокриентиот саркофаг и тајните кодови за доаѓање до него, уште повредна и

подостојна за интернационална анализа како и за индивидуална само-анализа за тоа колкава е цената на чување на една тајна, колкава е наградата и загубата од верната заштита на нејзината трагичност, иако истата таа тајна најавува дека оние што ќе ја откријат во својот свет ќе постанат најпросперитетни, најпривилегирани.

Проф. Д-р Марија КУКУБАЈСКА,
(Доктор по литература од САД, денес вработена на Универзитет "Гоце Делчев", Центар за јазици, Штип,
август 2007, во спомен на својата божествена ќерка

Емилија Донева КУКУБАЈСКА (16.08.1979 - 11.09.2006)

*

РЕЦЕНЗИЈА ЗА КНИГАТА "ТАЈНАТА НА БАКАРНАТА КНИГА"

Авторот на "Тајната на бакарната книга" Александар Донски ни ја навестува главната тема на својата книга во нејзиниот поднаслов кој гласи: "*мистериозните записи за богатството на Александар Велики*

Македонски - историски трилер инспириран од вистинит настан". Прашањето што континуирано ќе се повторува во свеста на читателот со секоја свртена страница од оваа книга е: Дали оваа приказна е вистинита? Доколку е вистинита, зошто тогаш авторот се одлучил да ја "облече" во форма на роман? Доколку, пак, не е вистинита, од каде тогаш во неа толку многу веродостојни историски факти, кои детално се презентирани? На крајот, читателот ќе мора едноставно да ја нарече "мистерија", исто како што ја нарекува и авторот.

Без сомнение читателите ќе полемизираат за содржината на оваа книга. Меѓутоа, завземањето страна овде може да се сведе само на оптимизам и песимизам. Оптимистите ќе сметаат дека се што е овде напишано е автентично и вистинито, додека песимистите ќе сметаат дека тоа не е веродостојно.

Во секој случај оваа приказна е фасцинантна. Посебна тежина дава фактот што овде спомнатата бакарна книга и навистина постои! Со неа постојат и претпоставките што всушност запишале во неа нејзините древни творци? Мистеријата за напишаното во бакарната книга се уште чека одговор.

Авторот Донски во својот вообичаен јасен и концизен стил ни нуди можни претпоставки налик на делови од мозаик. Тој обезбедил и детаљна евиденција преку која секој што ќе сака може самиот да ја истражува оваа тема, како литературно, така и метафорички. "*Вие сте судии*", им вели тој на читателите.

Авторот исто така загатнува и една друга сериозна тема што се однесува за сите нас. Дали актуелните државни закони за заштита на културното

богатство повеќе и помагаат или одмагаат на археолошката наука, преку инсистирањето дека сите пронајдени артефакти мора да бидат во државна сопственост? Преку негирањето на правата на приватните пронаоѓачи и преку нивното прогласување за криминалци, всушност актуелниот закон, им оневозможува на научниците да имаат контакт со скриените приватни збирки од кои можеби нешто ќе дознаат.

Еден од највозбудливите делови од оваа мистерија е сведоштвото на една од светски најпознатите јасновитки баба Ванѓа од Петрич. Таа ја потврдува автентичноста на она што е напишано во бакарната книга, но истовремено нејзините мистични пораки додаваат нов слој во целата оваа мистерија.

За оние кои инсистираат на лесни одговори и за кои животот не е ништо освен "проблем што треба да се реши", оваа книга можеби ќе делува информативно, но таа нема да ги просветли. За оние, пак, за кои "животот е мистерија која треба да се проживее", романот "Тајната на бакарната книга" на авторот Александар Донски ќе биде уште едно таинствено патување низ мистеријата. Тоа ќе биде патување со уживање, без разлика на тоа дали таквото патување завршува со целосно разоткривање или пак само со поставување нови прашања, кои треба да бидат одговорени во иднина.

Проф. Д-р. Мајкл Серафинов
(доктор по словенски јазици и литература)
Сиетл, Вашингтон, САД, август 2007

СПОНЗОРИ:

“Борис” - пензиониран офицер на КОС (со непознато место на живеење). Спонзорството го даде во чест на својот покоен син.

Славе Ангел ИВАНОВСКИ. Успешен стопанственик и еден од сопствениците на фирмата ОАЗА. Воедно донатор на Големиот Крст и на спомениkот на Александар Трети Велики Македонски во Штип.

АЛЕКСАНДАР ДОНСКИ е роден во ноември 1960 година во Штип. Потекнува од уметничко семејство. Основно и средно образование завршил во родниот град, а дипломирал на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Скопје на групата Историја на уметноста со археологија. Има објавено голем број написи, авторски документарни радио-емисии и фељтони од областа на фолклорот, историјата и религијата во повеќе македонски и странски списанија и весници. За својата истражувачка дејност добитник е на извесен број награди и признанија. Во 1987 година, како резултат на неговите истражувања во Јапонија, од кои произлезе трудот Јапонскиот печат за Илинденското востание ја доби највисоката тогашна награда на Штип - наградата 8 ноември. Во 1989 година ја објави книгата-зборник Фолклорното богатство на Штип. Во 1993 ја доби стипендијата на Фондот за отворено општество на Џорџ Сорос (ЦЕУ РСС) за истражувачкиот проект Детскиот фолклор во источна Македонија, кој со успех го заврши.Во 1994 година ја објави книгата Натприродни одгласи. Во 1995 година ја објави книгата Што ќе ни се случи по смртта?, книга со сведоштва на македонски граѓани кои преживеале клиничка смрт. Има објавувано и свои кратки раскази во реномирани македонски списанија за литературата, а се занимава и со преводи на литературни дела и есеи од хрватски, српски и бугарски јазик за списанието за уметност СУМ. Во 1996 година ја објави збирката раскази под наслов Морбидни раскази. Еден е од ко-авторите на книгата Македонија - богата и сиромашна земја, која на германски јазик е објавена во Германија во 1997 година. Истата година во Софија на бугарски јазик ја објави брошурата Орисија, посветена на етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите, подготвена и преведена од македонскиот писател во Бугарија -

Славе Македонски. Автор е и на неколку документарнаи радио и ТВ серии, снимени во продукција на Радио Штип и ТВ ИРИС од Штип. Неколку години соработувал и со "Народна волја" (македонски весник од Бугарија) и "Австралиско-македонски неделник" од Мелбурн. Објавува свои текстови и на Интернет. Автор е и на книгите: "Етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите"; "Исус Христос и Македонците", "Уделот на Македонците во светската цивилизација"; "Античко-македонското наследство во денешната македонска нација" (објавена и на англиски); "Денешните потомци на Самуиловата царска династија" (објавена и на англиски со посебен осврт на роднинската врска на цар Самуил со британската кралица Елизабета Втора), "Сведоштва за Илинденскиот период" (во ко-авторство со Атанас Кирјаков, македонски активист од пиринскиот дел на Македонија), "Сите светители од Македонија", "Македонското потекло на некои од американските претседатели", која е објавена и на англиски, "Византиски цареви од македонско потекло", "Денешните потомци на античко-македонската царска династија", како и на романите: "Тајната на Бакарната книга" (која е објавена и на англиски), "Обединувањето на Македонија" и на мистеријата "Американски јасновидец во контакт со духот на Александар Македонски".

НАПОМЕНИ:
Предна и задна корица: фотографија од Бакарната книга, Александар Велики Македонски и јасновитката баба Ванѓа.

Задна корица (внатрешна страна): Љубомир Донски: "Враќањето на ослепената Самуилова војска" (масло, 2 x 1,7 м., 1969 год.).